European Commission

Јакнење

на заинтересираните страни од руралните области на Западен Балкан

Agriculture and Rural Development

Јакнење

на заинтересираните страни од руралните области на Западен Балкан

Содржина

Резиме 6

Поглавје 1

Историјат на настаните во Западен Балкан 12

Поглавје 2

Целта и обликот на настаните 14

Поглавје 3

Проверка на реалноста во рурална Србија 16

Поглавје 4

Проверка на реалноста во руралните области на Република Македонија 24

Поглавје 5

Проверка на реалноста во рурална Црна Гора 32

Поглавје 6

Искуството од четири земји 38

Поглавје7

Предизвик - актуелната состојба на односите меѓу заинтересираните страни и владите 44

Поглавје8

Можности – патот кон зајакнување на заинтересираните страни и кон партнерства меѓу заинтересираните страни и владите 50

Анекс1

Програми на настаните во земјите на Западен Балкан 58

Анекс2

Список на учесници 63

Анекс3

Кратенки и линкови 72

Јакнењето на заинтересираните страни и заедниците од руралните области е единствена можност за напредок

Кога станува збор за рурален развој, вклучувањето на заинтересираните страни и заедници од руралните области е предуслов за вистински напредок. Вистински напредок во процесот на руралниот развој може да се постигне само со учество на сите чинители. Тоа значи мобилизација - активирање на локално ниво, иницијативи кои произлегуваат од заедницата но воедно и градење на искрени партнерства меѓу заинтересираните страни и соодветните влади. Ова треба да произлезе од самите заедници, но мора да биде поддржано од оние кои донесуваат одлуки како и од политичките стратегии. Се работи за двонасочен процес кој, за да биде изводлив, освен сериозни напори, бара и вистински алатки.

Од моето лично искуство, како некој кој доаѓа од нова земја членка, кога ќе се потсетам на тоа како се развиваа работите во мојата земја, знам дека јакнењето на заедниците во врска со прашања како што е руралниот развој е императив, а не исклучок. Задачата е тешка бидејќи руралните области се многу повеќе изложени на економски проблеми, миграција, лоша инфратруктура или сиромашни јавни услуги. Знам дека сето ова може да биде исклучително сериозен предизвик, но воедно сум и убеден дека ова е единствениот пат напред.

Треба да изнајдеме подобри механизми што ќе овозможат подобро учество. Со патувачките работилници низ земјите од Западен Балкан, овој проект, освен што се обидува да ги приближи овие земји кон Европа, има за цел и да ги разбере нивните потреби како и да ги оцени релациите меѓу владите и соодветните заинтересирани страни. За сето ова ќе прочитате во овој извештај кој претставува скапоцена информација за Европа и за земјите за кои станува збор. Меѓутоа, според мене, неговата вредност е во тоа што тој изнаоѓа и тестира нови начини на општествено ангажирање, начини како да ги спои заинтересираните страни и политичките лидери. Неговата важност оди подалеку од процесот на поширување на ЕУ бидејќи неговите заклучоци и препораки може да бидат корисни и да се прилагодат на секоја политичка иницијатива на ниво на ЕУ.

Кога станува збор за дизајнирање на политиките на ЕУ – а руралнит развој е една од нив, потребни ни се нови методи, нови идеи и нови алатки кои ќе ги поттикнат граѓаните, заинтересираните страни и владите, кои ќе создадат клима на градење доверба. Земјоделците, претприемачите, невладините организации, селските заедници – сите тие треба да бидат вклучени, да учествуваат, овозможувајќи им на оние кои донесуваат одлуки да имаат јасна слика за реалноста и за потребите на теренот. За да успееме во ова, мора да изнајдеме подобри начини да сослушаме, треба да бидеме поотворени за учество во општествениот дијалог. Ова е особено важно во руралните области кадешто луѓето сеуште не се доволно поврзани со овие процеси, а токму тоа е причината поради која и го следев овој проект со исклучително големо внимание.

Неодамнешната реформа на Заедничката земјоделска политика (CAP) претставува нова насока за самата политика, но јас би сакал да мислам дека е и повеќе од тоа; дека воведовме промена на методот за изготвување на политиката на ниво на ЕУ. Слушнавме повеќе, остваривме подобар дијалог со општеството, имавме поголема комуникација со заинтересираните страни , како со земјоделци така и со не-земјоделци, со заедниците, со невладините организации. И покрај тоа, убеден сум дека може да се стори уште многу повеќе. Токму во тоа лежи вредноста на овој извештај – не само во неговите заклучоци и препораки, туку и во опишувањето на начини за јакнење на заинтересираните страни и на заедниците во руралните области.

До сите оние кои го иницираа овој проект – Постојаната работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа (SWG) и PREPARE - како и до сите други вклучени, од државните администрации и граѓанското општество и самите граѓани, срдечно ви се заблагодарувам за вашето учество и залагање. Свесен сум дека во основите на овој проект е вградено и непроценливо лично искуство и уверен сум дека се почнува оттаму: Европа расте преку поврзување на луѓето.

Dacian Cioloș,
Европски Комесар за Земјоделство и рурален развој

Убавината на Европскиот Проект

Убавината на европскиот проект се гледа онаму каде што се среќаваат луѓето, од различни култури и со различни професионални ориентации, дојдени меѓусебно да се сослушаат, да споделат идеи и да откријат што е она што им е заедничко. Овој проект од шест патувачки работилници низ три земји на Западен Балкан, со наслов „Јакнење на заинтересираните страни од руралните области“ – беше вистинско откровение; тој создаде заедничка основа за локалните чинители, владините институции, националните влади и европските институции, сите вклучени во руралниот развој.

Требаше многу храброст и упорност за да се договори, организира и реализира еден ваков потфат. Беше потребна доверба помеѓу сите вклучени партнери: јавни институции, приватни претпријатија и граѓанско општество, дека вреди да се вложи енергија и време во она што го нарековме заедничка „проверка на руралната реалност“. Барајќи решенија за многубројните и различни реални проблеми коишто ги идентификувавме во руралните области, работевме оддолу-нагоре, вклучувајќи ги луѓето од локално ниво и нивните иницијативи, а воедно и нивните Национални мрежи за рурален развој; работевме исто така и одгоре-надолу, користејќи ја обемната стручност на државните министерства и службите на Европската Комисија. Со нашите заклучоци од овој охрабрувачки европски настансите се согласивме дека мора заеднички да ги охрабриме но и да ги зајакнеме луѓето од руралните области, оддолу-нагоре но и одгоре-надолу, а со цел тие самите да можат да управуваат со својата судбина.

Како иницијатори на овој европски настан, Постојаната работна група за регионаленрурален развој во Југоисточна Европа (SWG), која ги застапува министерствата за земјоделство и рурален развој од регионот, и PREPARE - промовирање на партнерства на граѓанското општество за рурална Европа – ја искажуваат својата искрена благодарност кон сите партнерии кои учествуваа во овој настан. Овој проект не ќе беше можен без напорната работа и стручноста на нашите колеги од националните мрежи и локалните проекти, без силната поддршка од државните министерства и државните институции како и без исклучителната поддршка од службите на Комисијата, од TAIEX и Генералниот Директоратот за земјоделство и рурален развој на ЕК (DG AGRI).

Искрено се надеваме дека препораките од овој извештај ќе помогнат во секојдневното работење на сите учесници и ќе претставуваат охрабрување за понатамошна соработка.

Бобан Илиќ
Генерален секретар, SWG
и
Hannes Lorenzen,
Претседавач на организациската група
PREPARE Партнерство за рурална Европа

Резиме

Настаните (поглавје 1 и 2)

Овој извештај, и настаните за кои во него станува збор, се фокусира на седум земји кои се на различни нивоа на активен или потенцијален кандидатски статус за влез во Европската Унија. Шест од тие земји се наоѓаат во регионот Западен Балкан – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Република Македонија, Црна Гора и Србија. Седмата земја е Турција.

Овие земји се во процес на реформирање на своите владини системи заради нивно усогласување со стандардите и политиките на Европската Унија. Со цел помагање на овој процес, Европската Унија обезбедува поддршка преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Дел од овој инструмент е насочен кон руралниот развој, вклучително и можноста за користење на пристапот LEADER, кој успешно функционира ширум ЕУ.

Суштинската идеја водилка за организирање на настаните кои овде ги опишуваме е дека ефективен рурален развој ќе зависи од активирањето како на владите така и на заинтересираните страни од руралните области. Блиската соработка на двете страни е од пресудна важност т.е. владите да ги инволвираат заинтересираните страни од руралните области во креирањето и спроведувањето на политиката; но важно е и тоа дека заинтересираните страни од руралните области треба да се поттикнат за да преземаат иницијативи кои ќе бидат корисни за руралните заедници.

За да се стимулира размислувањето на владите и заинтересираните страни од руралните области, на настаните им беше дадена невообичаена форма – серија од шест патувачки работилници во Србија, Република Македонија и Црна Гора, по кои следеа национални конференции во трите земји и заклучна конференција во Брисел.

Србија (поглавје 3)

Повеќе од половината од населението во Србија живее во руралните средини: една петтина од нејзината работна сила е вработена во земјоделството: во Србија има 450.000 земјоделски стопанства со помалку од 5ha. Токму затоа, владата вложува многу напори за поддржување на земјоделците. Во моментов во тек е изготвување на нови политики за руралниот развој чија цел е диверсификација на руралната економија и поддршка на суб-регионалните партнерства засновани на LEADER пристапот. Притоа, владата ги консултираше заинтересираните страни, го поддржа создавањето на многу потенцијални Локални акциски групи и воспоставувањето на 16 регионални здруженија . Овие здруженија заеднички ја финансираа Мрежата за рурален развој на Србија, чијашто цел е унапредување на активностите на заинтересираните страни од руралните области.

Двете групи од патувачките работилници во Србија беа импресионирани од бројот на клучни теми кои произлегоа: сериозните тешкотии со кои се соочуваат малите земјоделци; вредноста на задругите и здруженијата од аспект на овозможување на земјоделците но и на другите да соработуваат; присуството на бројни динамични претприемачи; комерцијани претпријатија основани од жени; активната улога на општините во руралниот развој; потенцијалот за лидерство на локално ниво, но и слабата инволвираност на Националната Влада.

Групите кои ги реализираа посетите дојдоа до заклучок дека Владата треба да биде повеќе присутна и поефикасна; да воспостави атмосфера што ќе биде во чекор со утврдената стратшка политика за овозможување на напредок на претпријатијата; позначајно вклучување на НВО и на претпријатијата во конципирањето на стратегиите и програмите; јакнење на советодавните услуги на теренот; поконкретно поврзување на националните програмии за рурален развој со работењето на општините; во најскоро време да воспостави мрежа на соодветно финансирани Локални акциски групи; да го поддржи формирањето на задруги и здруженија како и да обезбеди одржливо функционирање на Мрежата за рурален развој. Општините треба да бидат подоследно активни во руралниот развој; да ги вклучуваат заинтересираните страни во креирањето и спроведувањето на политиките и да поттикнуваат иницијатива на локално ниво т.е. во селата. Заинтересираните страни од руралните области треба да одговорат на сè поголемата отвореност од страна на владата и да преземат

**Називот се применува без заземање став за статусот, туку согласно со UNSCR 1244 и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Косовската декларација за независност.*

© Goran Bogicevic

иницијатива во задоволувањето на колективните потреби на своите соодветни сектори или на своите руални заедници.

Република Македонија (поглавје 4)

Половина од населението на Република Македонија живее во рурални средини: земјоделството учествува со близу 10% во БДП: од вкупниот број на 190.000 земјоделски стопанства, приближно 80% се мали семејни земјоделски имоти со просечна големина од 1,7 ha. Владата реализира национална стратегија за земјоделство и рурален развој; најголем дел од финансирањето е во вид на директни плаќања на земјоделците; тенденција е во иднина, поддршката повеќе да биде фокусирана на животната средина, управување со земјиштето и на диверзификација на руралната економија. Од 2009 година, земјата користи средства од ЕУ во рамки на ИПАРД програмата. Во доменот на руралниот развој, обезбеден е значителен напредок преку Мрежата за рурален развој, која има за цел да ги мобилизира руралните заедници како чинители на локалниот развој и како учесници во креирањето на руралната политика. Во Мрежата членуваат 58 НВОи, кои остваруваат тесна соработка со близу 1.500 лидери од руралните области, а има значаен удел и во поставувањето на основите за активности од типот на LEADER пристапот.

Двете групи на патувачките работилници во Република Македонија беа импресионирани од бројните сушински теми кои произлегоа – кревкоста на руралните заедници од кои најголем дел се во маѓепсаниот круг на намалување на бројот на население, на вработувањето и услугите; предизвиците со кои се соочува земјоделското население меѓу кои спаѓа и влијанието на климатските промени; присуството на динамични претприемачи; првите чекори на соработката меѓу земјоделското производство и синџирот на снабдување во исхраната; можностите што ги нуди природното и културно наследство и туризмот; потенцијалот за лидерство/иницијативи од страна на општините и за активности од типот на LEADER пристапот; флексибилното користење на многубројни извори на финансирање од страна на претприемачите и, многу нискиот степен на искористување на ИПА фондовите за рурален развој.

Овие групи, при посетите дојдоа до заклучок дека има голема потреба за интегрирани стратешки политики за рурлен развој со цел да се изнајде решение за маѓепсаниот круг во кој се западнати руралните економии, за невработувањето, иселувањето, за несоодветните услуги во руралните области и за лошата инфраструктура. Меѓу другото, мора да постои јасна поврзаност меѓу политиките на централната влада и оние на општините. Дојдено е времето за започнување на целосна LEADER програма. Владата, општините и Локалните акциски групи треба да ја поддржат соработката и вмрежувањето меѓу заинтересираните страни од руралните области. Треба да се подобри и можноста за кредитирање и финансирање. При изготвувањето на програмата ИПАРД 2, Владата и Европската Комисија треба да ги анализираат причините за ниската искористеност на ИПАРД 1 и соодветно, да ги внесат потребните промени. Генерално, широко е распространета потребата за советодавни услуги, обука и други аспекти на јакнење на капацитетите: во ова област, иницијативата треба да произлезе од владата, од Мрежата за рурален развој, општините и Локалните акциски групи.

Црна Гора (поглавје 5)

Во Црна Гора, 40% од вкупното население живее во рурални области: земјоделството учествува со 10% во БНП: земјоделството во земјата го сочинуваат главно мали, семејни земјоделски стопанства со просечна големина од 5 ha. Во националната економија доминира секторот услуги, а на туризмот се гледа како на носечка дејност за идниот економски развој. Владата ја согледува потребата за итно зајакнување на земјоделскиот и на прехранбениот сектор, заради подобрување на нивната конкурентност. Минатата година, соодветното министерство организираше широка јавна дебата за руралните политики но беше разочарано од слабиот одзив. Тоа го поддржува формирањето на НВОи, вклучително и здруженија на производители. Мрежата за рурален развој на Црна Гора, формирана во 2012 година, има за цел да го унапредува руралниот развој преку размена на информации, идеи и најдобри практики: таа има 18 НВОи како формални членки и развиени врски со многу општини.

Двете групи на патувачките работилници во Црна Гора беа импресионирани од бројните клучни теми на теренот – улогата на динамични претприемачи; значењето на задругите и здруженијата; активното користење на владините информации, совети и финансиска поддршка од страна на земјоделците; потенцијалот што туризмот го нуди за диверзифицирање на руралната економија; потребата од засилено внимание насочено кон јакнење на руралните економии и кон одржливи рурални услуги и инфраструктура; потенцијалната улога на општините во локалниот развој која засега се покажува како многу ограничена поради недостигот од финансиски средства; и, потребата за јакнење на институционалните капацитети на многу нивоа.

Работните групи кои ги реализираа посетите заклучија дека Црна Гора веќе има значителни достигнувања во руралниот развој, најмногу во унапредувањето на конкурентноста во земјоделството и во прехранбената индустрија. Сепак, Владата но и луѓето сфаќаат дека мора што побрзо да се продолжи со развивање на целосна институционална основа за сеопфатен пристап кон руралниот развој, вклучително и поблиски и посеопфатни партнерства меѓу Владата и заинтересираните страни од руралните области. Главните елементи на таквата институционална основа може да бидат: ажурирана национална стратегија за земјоделство и рурален развој, поддржана од програма ИПАРД 2, програма за постепено воведување на LEADER пристапот; изготвување, од страна на општините или Локалните акциски групи, на локални стратегии за развој во кои ќе биде јасно прикажана поврзаноста меѓу националните и локалните стратегии за развој; прогресивно јакнење на семејството на НВОи во руралните области и на националната Мрежа за рурален развој како клучна точка на ова семејство; проширување на владините услуги во доменот на советодавните услуги и активни системи за информации; структурирана основа за поврзувања помеѓу владата и организациите кои ги застапуваат заинтересираните страни од руралните области; и, програма за едукација, обуки и јакнење на капацитети, која ќе им биде ставена на располагање на сите клучни сектори.

Искуството од четири земји (поглавје 6)

На патувачките работилници во Србија, Република Македонија и Црна Гора учествуваа и претставници на влади и на НВОи од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Турција. Министрите или нивни претставници од горенаведените земји учествуваа на завршната конференција во Брисел.

Албанија

Во последниве години, пазарот на трудот во Албанија доживеа драматично пренасочување од земјоделството кон индустријата, туризмот и други услужни дејности. Во моментов, помалку од половина од албанската популација живее во руралните области. Сепак, земјоделството и понатаму е најголемиот сектор, обезбедувајќи половина од вкупните работни места и приближно 20% од националниот БДП. Владината политика за земјоделство и рурален развој се фокусира на стимулирање на земјоделците за успешно стопанисување со што ќе придонесуваат во економскиот раст. Во изготвувањето на оваа политика, Министерството за земјоделство, рурален развој и водостопанство ги консултираше групите на производители но и други заинтересирани страни. Групите на производители побараа поддршка за нивната колективна дејност, на пр. за изградба на ладилници за складирање и ладење. Министерството бара совети од ad hoc комитети, вклучително и од заинтересираните страни . Во своето обраќање на завршната конференција, г-ѓа Анила Вендреша од НВО Quodev рече дека во Албанија се забележува доста добар интерес за учество од страна на заинтересираните страни . Таа искажа силен интерес за поддршка од Локалните акциски групи (ЛАГ) според принципот LEADER, од кои неколку се веќе формирани со поддршка од НВО Quodev. ЛАГи на едно место можат да соберат луѓе со различни гледишта и да помогнат да се постигне култура за консензус околу приоритетите за руралниот развој. Локалните власти во Албанија сеуште немаат искуство околу локалниот развој, а ЛАГи можат да им извршат притисок во смисла да бидат активни, одговорни и отворени за учество.

Босна и Херцеговина

Околу 60% од населението на БиХ живее во рурални области: земјоделството учествува со 10% од националниот БДП: повеќето од земјоделските стопанства се мали семејни земјоделски имоти од кои голем број функционираат на ниво на преживување. Комплексната структура на власт во земјата значи дека одговорноста за земјоделството и руралниот развој е поделена меѓу Централната Влада, двата автономни ентитети (Федерацијата на Босна и Херцеговина и Република Српска), областа Брчко, 10те кантони во федерацијата и 142те општини. Поврзувањето на активностите на сите овие тела е работа на еден тим за координација, со подгрупи составени од специјалисти меѓу кои и подгрупа LEADER која вклучува 9 Локални акциски групи.

Вака комплексната институционална структура претставува пречка за напредокот на земјата кон ЕУ, а со тоа и за пристапот кон ИПАРД фондовите. Сепак, организациите кои се поврзани со заинтересираните страни од руралните области изнаоѓаат начини за соработка меѓу секторите, исто така и во рамките на внатрешните граници на земјата. На пр. REDAH агенцијата за развој, формирана во 2003 година, а според примерот на LEADER пристапот, претставува партнерство меѓу 23 општини (16 во делот на Федерацијата и 7 во Република Српска), 2 НВОи, 2 трговски комори и 3 компании. Организацијата се фокусира на регионален развој, прекугранична соработка, поддршка кон МСП и генерално, кон унапредување на земјоделството и руралниот развој и, исто така, го поддржува создавањето на Локални акциски групи. Таа соработува со други НВОи за создавање на национална Мрежа за рурален развој, паралелна со оние во Србија, Република Македонија и Црна Гора.

Косово

Од вкупниот број на косовското население, 60% живеат во рурални области. Политичката несигурност во врска со статусот на територијата го забави напредокот кон ЕУ, но Косово добива помош од ЕУ во рамки на цела низа програми. Преку шемата за рурални грантови, владата го поддржа модернизирањето на земјоделските сектори како што се млекарството, преработката на месо, овошје и зеленчук. Министерството за земјоделство е во процес на изготвување на програма за развој за периодот 2014-2020, која се фокусира на раст, конкурентност и заштита на животната средина. Подготовката на оваа програма вклучува и семинари со заинтересираните страни за дефинирање на нивните приоритети. Кон крајот на 2012та, на национална конференција на која учествуваа 180 претставици на заинтересираните страни, беа идентификувани четири главни приоритети - конкурентност во производството на добиток и житни култури; земјоделство и заштита на животната средина; професионално-стручна обука, и, пристапот LEADER. Беа одржани уште две конференции на национално ниво со учество на заинтересираните страни, а Министерството за земјоделство е уверено дека оваа серија на интензивни разговори има голем придонес кон поттикнувањето на заинтересираните страни .

Директорот на НВО „Иницијатива за земјоделски развој" потврди дека ваквиот вид консултации иницирани од Министерството во голема мерка го помогнаа дијалогот меѓу заинтересираните страни. Сеапк, останува потребата за градење на доверба меѓу заинтересираните страни како и помеѓу заинтересираните страни, локалните власти и владата. Некои од руралните заедници на пр. оние во планинските области кои сериозно се соочуваат со иселување, сеуште не се вклучени во групите на заинтересирани страни, потребни се натамошни напори за нивно инволвирање. Постојат потенцијални Локални акциски групи, но тие се слаби и недоволно финансирани: постои огромна потреба за јакнење на нивните капацитети.

Турција

20 милиони луѓе, повеќе од една четвртина од вкупното население на Турција живее во рурални региони, а голем дел од нив зависи од земјоделството или од други, локално засновани индустрии. Тие индустрии уживаат поддршка од значајни владини програми, а некои од нив се кофинансирани од ЕУ. На пример, Фондот за гаранции на Горна Анадолија обезбедува кредит од 900 милиони € за МСП во регионите во развој. Предлог Националната стратегија за рурален развој обезбедува генерална рамка за активности на руралниот развој. Во 2008 година, Европската Комисија ја одобри Националната ИПАРД 1 програма, со вкупен буџет од 865 милиони €: досега програмата се применува во 42 од 81 региони, а бројот на проекти поднесени за поддршка од ИПАРД постојано расте. Во моментов, Владата ја подготвува апликацијата за ИПАРД 2 фондовите. Таа го промовира LEADER пристапот со помош од страна на неколку водечки НВОи. Во Турција е голем бројот на НВОи и фондации кои се активни во бројни области поврзани со руралниот развој. Некои од тие НВОи припаѓаат на не-институционалната мрежа ККГ. Други фондации, со помош од PREPARE – Партнерсто за рурална Европа, организираат конференции и обуки на регионално и национално ниво. Останува уште многу да се стори во делот на градење/јакнење на капацитети кај заинтересираните страни од руралните области, како и во правец на јакнење на довербата и соработката меѓу бројните НВОи но и меѓу нив и владата.

Предизвик (поглавје 7)

Што научивме за актуелната состојба на односите меѓу заинтересираните страни и владите во седумте земји? Изгледа дека највпечатливи се следниве заклучоци:

- *Видно е дека руралниот развој функционира како оддолу-нагоре така и одгоре-надолу.* Неопходно е владите да преземаат акции за да се обезбедат инфраструктура и услуги, , да се овозможи „фер-плеј" и кохезија/соработка и да се создадат и развијат стратегии за развој. Но, голем дел од активностите на локално ниво зависат од земјоделците, претприемачите, селските заедници и НВОи.

- *Јасно е дека владите и заинтересираните страни мора да бидат поврзани.* Владините политики мора да бидат одраз на реалните состојби на руралните ресурси и на потребите. Руралните актери мора да ја разберат помошта која можат да ја добијат од владите но и да имаат можност да ја побараат таа помош на начини кои се изводливи. Целта е да се постигне вистинско учество на заинтересираните страни и партнерство меѓу нив и соодветните влади. Таквото партнерство не е лесно остварливо поради нерамнотежата на моќта меѓу луѓето и владата... и, токму тоа е причината заради која заинтересираните страни од руралните области мора да зајакнат.

- *Активностите на заинтересираните страни веќе обезбедуваат многу можности за раст и за иден развој.* Руралните региони во овие земји изобилуваат со многу живи иницијативи, активни и успешни претприемачи, како мажи така и жени, честопати тоа се луѓе кои стекнале искуство во странство, а потоа се вратиле. Многу од нив се избрани во општините со што се создава директна релација помеѓу пристапот „одгоре-надолу" и „оддолу-нагоре". Ова се клучните поени за успех во кампањата за рурален развој која од ден на ден се зголемува.

- *Сепак, поголемиот дел од руралното население е сеуште слабо поврзан со развојните процеси.* Многу рурални региони во седумте земји имаат слаба основа за руралната економија, низок просечен приход, невработеност, иселување на млади луѓе, слаба инфраструктура и социјални услуги. Суштествено е, дека постојат стотици мали земјоделски стопанства кои се обесправени од повеќе аспекти и често се чувствуваат беспомошни. Мораме да најдеме начини да ги зајакнеме

и диверзифицираме економиите на овие области пред тие да бидат изложени на големиот шок што ќе произлезе од конкуренцијата од ЕУ.

- *Заинтересираните страни се загрижени за цела серија развојни прашања.* Покрај мерките содржани во политиките за рурален развој, идната динамика на руралните заедници и економии зависи и од широк дијапазон на елементи, како што е присуството на патна мрежа, водоснабдување, училишта и високо образование. Според тоа, развојот на руралните региони бара целосно интегриран пристап. Можно е дека ќе треба повторна проверка на сите веќе постоечки политики и програми во смисла на нивната адаптираност кон потребите за рурален развој, т.е. да бидат оценувани според потенцијалот за нивно влијание на благосостојбата на руралните заедници.

- *Политиките и практиките на руралниот развој се сеуште во процес на профилирање.* Некои влади веќе имаат свои политики за рурален развој, најчесто акцентот е ставен на директната поддршка на земјоделците. Во моментов, сите влади се во фаза на подготвување или ажурирање на нивните политики, овојпат со поширок фокус. Се очекува пет од овие земји да поднесат соодветни ИПАРД 2 програми. Тоа значи дека се отвораат можности за посепофатен пристап кон руралниот развој, со пропорционалната потреба за посилна и пофункционална поврзаност меѓу владите и заинтересираните страни.

- *Сеуште не е сосем јасна улогата на различните нивоа на управување.* Во земјите на Западен Балкан, Владата ефективно функционира на две нивоа, национално и општинско. Секое од овие нивоа може да делува во областа на руралниот развој. Ваквата структура има голема потенцијална вредност која се гледа во можноста јавните акции и финансирање да бидат насочени од страна на општините кон конкретните потреби на нивното население; со самото тоа општините стануваат поблиски до народот, а тоа значи и подостапни за заинтересираните страни од руралните области отколку централната влада. Сепак, заинтересираните страни немаат јасна слика за комплементарноста/взаемната поврзаност меѓу централното и општинското ниво во контекст на функционирањето на руралниот развој. Постојат големи разлики меѓу општините според нивото на активност или недостаток на активност. На ниво на село, не постои системска основа за јавна иницијатива со која би се одржувале услугите потребни за руралните заедници – иако, во многу села во Турција, избраниот мухтар може да преземе таква иницијатива.

- *Се појавуваат механизми за поврзување на владите и заинтересираните страни.* Владите на седумте земји, иако сите во различен степен, имаат вложено напори да ги вклучат заинтересираните страни во процесот на изготвување стратегии и програми за земјоделски и рурален развој. Фокусот главно бил на информирање и консултирање, но тоа претставува основа за поцелосно учество и партнерство. Ова се први, значајни чекори во градењето на соработка и доверба меѓу владите и заинтересираните страни како пресудни елементи за успехот на развојните процеси. Меѓутоа, многу, многу од заинтересираните страни не успеваат да се видат себеси во улога на учесници во креирањето на политики.

- *Поставена е основата за партнерство.* Во некои од земјите се преземени значајни чекори во правец на воведување на концептот на партнерство и LEADER пристапот. Неколку од овие земји веќе имаат мрежи од суб-регионални партнерства или потенцијални Локални акциски групи. Ова ни кажува дека е поставена основата за постепено воведување на LEADER како значаен елемент во идните програми за рурален развој но и како водечки инструмент на соработката меѓу владите и заинтересираните страни .

- *Создадени се драгоцени мрежи.* Елементот кој е од пресудна важност за напредокот кон ефективен локален развој во Западен Балкан е „семејството“ од Мрежи за рурален развој во најмалку четири од земјите. Овие мрежи, независни но признаени од владите, обезбедуваат суштински можности за контакт и соработка меѓу општините и НВОи; можат директно да се поврзат со заинтересираните страни, можат да го поттикнат формирањето на групи на производители, задруги и здруженија, а можат и да промовираат активност на ниво на село. Тие претставуваат витален дел од „архитектурата“ на идните развојни структури во овие земји.

Можност (поглавје 8)

Што значат овие наоди во смисла на идните релации меѓу владите и заинтересираните страни во овие земји?

Ако навистина сакаме да ги зајакнеме заинтересираните страни од руралните области, и да изградиме вистинско партнерство меѓу владите и луѓето во процесот на рурален развој, треба да развиеме инструменти со кои на владите ќе им се овозможи да допрат пошироко и подлабоко меѓу заинтересираните страни, а на заинтересираните страни ќе им овозможат да допрат пошироко и повисоко до соодветните влади.

Ова е двонасочен процес кој бара решителна акција од обете страни.

Какви инструменти ни требаат? Следниве елементи се резултат од нашите разговори:

- Јасност во врска со улогата на различ-ните нивоа на управување. Граѓаните треба да бидат во можност лесно да дознаат која институција од владата и за кој сегмент од регионалниот или локалниот развој е одговорна ; и на кое ниво – централно, општинско или локално. Ова е конкретно прашање, и треба да биде

обработено од страна на инфор-мативните служби на владите, а во тесна соработка со општините и општинските здруженија.

- Интегриран пристап кон развојот. При финализирањето на новите генерации на стратегии и програми за земјоделски и рурален развој, владите треба да го ревидираат обемот на планирани активности во рамките на „тесен" рурален развој; да обезбедат дека таквиот обем соодветствува како на потребите на земјоделците така и на потребата за диверзифицирање на руралните економии и зајакнување на руралните услуги; и треба да се погрижат за ефективно поврзување меѓу овие програми со оние кои ги реализираат другите министерства или агенции во областите транспорт, водоснабдување, снабдување со електрична енергија и други услуги кои се од суштинска важност за руралните претрпијатија и заедници. Интегриран пристап треба да се примени и на активностите за рурален развој на општините и (бидејќи и тие доаѓаат на ред) на локалните партнерства и LEADER групите.

- Поддршка за маргинализираните области и малите земјоделски заедници. Овие земји имаат многу маргинализирани средини и мали земјоделски заедници кои заслужуваат итно внимание од страна на владите. Тие претставуваат живеалиште на стотици илјади луѓе: ако се дозволи да продолжи трендот на нивно назадување, уште повеќе ќе се влоши квалитетот на животот на овие луѓе. Од своја страна, овие области обезбедуваатхрана, дрвена граѓа и други ресурси за националните економии: тие имаат свои екосистеми, предели и културно наследство кое бара домаќинско управување. Според тоа, владите, на интегриран начин, треба да ги фокусираат своите напори кон раководење со неопходната промена на структурата на земјоделството во овие области, кон диверзифицирање на нивните економии, а со цел да се надомести загубата на работни места во земјоделството и да се одржи виталноста на заедниците. Ова имплицира цела серија мерки, слични на оние кои се спроведуваат во Европската Унија, поддржани со добар и достапен систем на информации, совети и услуги за поддршка на руралниот развој, лично испорачани на теренот, со цел градење доверба меѓу заинтересираните страни и владата.

- Јасен и отворен процес за информирање, консултации и партиципација. Владите на централно и општинско ниво треба да се фокусираат на јасни и отворени процеси за информирање и јавни конскултации во врска активностите што се однесуваат на локалниот развој. Потоа, тие треба постепено да напредуваат од консултација кон охрабрување на партиципацијата/ учеството на заинтересираните страни во изготвувањето, спроведувањето и мониторингот на политики и програми. Тие исто така треба да го охрабруваат и формирањето на здруженија и НВОи, создавањето и јакнењето на демократијата на ниво на селото, како и формирањето и активностите на регионалната и националната мрежа, слично на она што веќе постои во некои од земјите на Западен Балкан.

- Ревидирање на системите и процесите, секаде кадешто е потребно. Процесите на консултација и партиципација треба да бидат реални, а не измислени. Обете страни – и Владата и заинтересираните страни – треба да бидат отворени да ја чујат другата страна и да бараат надминување на разликите т.е. да наоѓаат практични решенија за проблемите со кои се соочуваат. По потреба, системите и програмите треба да се ревидираат. Пример за една таква обемна програма, која со сигурност заслужува ревидирање е ИПАРД, земајќи го во предвид слабото искористување на ИПАРД поддршката во Република Македонија.

- Активни и разнородни советодавни служби. Советодавните служби имаат пресудна важност во посредувањето помеѓу владите и заинтересираните страни . Тие ќе имаат клучна улога во колективниот процес на модернизирање и адаптирање на земјоделските и рурални економии во земјите од Западен Балкан и Турција. Притоа, и тие самите ќе мора да држат чекор со промените на пазарот, со синџирот за снабдување, регулативите и слично; ќе треба прогресивно да го прошируваат својот обем на активности за да можат да ги усвојат новите форми на економски активности и иновациите.

- Колективна активност на заинтереси-раните страни. Од своја страна, заинтересираните страни од руралните области не треба да останат пасивни и да чекаат на владите да преземат иницијатива во поврзувањето со нив. Тие треба да се наметнат, подготвени да работат заедно, подготвени да соработуваат со други, – на пример во групи на производители, гранкови синдикати, здруженија и други форми на соработка. Неопходно е да се негува смелоста на заинтересираните страни , да се изгради доверба меѓу нив како и на релација конјавните агенции/установи на сите нивоа.

- Лидерство во селата. Патувачките работилници покажаа два исклучителни примери на лидери од села кои презеле иницијатива, а со тоа ја поттикнале колективната енергија и активноста на локалното население на начини кои го трансформирале квалитетот на живеењето и социјалните и економски можности во селските заедници. Натамошни иницијативи од ваков вид можат да донесат огромни придобивки за овие земји. Владите и општините треба да осмислат како можат да го стимулираат „раѓањето" на лидери како и иницијативи на ниво на селото.

- Експанзија на LEADER пристапот. LEADER може да биде моќна алатка за поврзување на различните

сектори на суб-регионално ниво и за создавање на активни партнерства меѓу секторите. Со LEADER може да се постигне интегриран и сеопфатен пристап кон локалниот развој и да се изградат капацитетите на заинтересираните страни да придонесуваат кон ваквиот пристап. Владите треба да наменат средства за градење партнерства засновани на принципите на LEADER пристапот во суб-регионите, надградувајќи врз она што е досега постигнатото. Оваа поддршка треба да се третира на начин кој овозможува појава и развивање на партнерства и стратегии за локален развој од основното ниво т.е. оддолу-нагоре, со вистинска еднаквост помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

- Континуирано и зајакнато вмрежување на сите нивоа. Патувачките работилници и сами-те беа практични вежби на вмрежување. Тие покажаа дека сите ние учиме: сите ние сме и учители; дека можеме взаемно да си помогнеме. Вмрежувањето е пресудниот начин за јакнење на заинтересираните страни од руралните области и за создавање на партнерства меѓу нив и јавните институции. Тоа е потребно на сите нивоа, како меѓу земјите така и внатре, во самите земји. Потребно е меѓу владите, со цел размена на искуства и развојни практики. Со него може да се зајакнат разни групи или категории на заинтересирана страна од руралните области . Вмрежувањето може да им овозможи на економските сектори да ги споделт знаењата и да го зголемат свото колективно влијание; на општините да ја зголемат својата способност да играат водечка улога во локалниот развој; на селските заедници да споделат искуства и практики за локални активности како и да го подигнат гласот на руралната заедница; LEADER групите и другите суб-регионални партнерства да ги разменат своите искуства и да постигнат колективно влијание врз целиот развоен процес; а на НВОи да го подобрат општиот впечаток за нив и да ги зголемат капацитетите на граѓанското општество во социјален и еколошки план.

- Мрежи за рурален развој. Владите треба да ја признаат големата вредност на национал-ните Мрежи за рурален развој, кои, како независ-ни невладини организации, делуваат како експерти и објективни посредници меѓу владите и сите заинтересирани страни . Овие мрежи веќе имаат важна улога во унапредувањето на локалниот развој заснован на партнерство – во четири од седумте земји, а ќе имаат уште поголемо значење во подигнувањето на свеста, вмрежувањето и активното учество кај сите категории на заинтересирани страни. Ова може да ги мотивира владите во останатите три земји да го поттикнат создавањето на вакви мрежи.

- Национални рурални мрежи. Во ИПАРД мерките постои одредба за тоа дека владите треба да поддржат создавање на формални Национални рурални мрежи. Овој концепт е новост за земјите од Западен Балкан и за Турција. Во догледно време, тој може да се докаже како вреден во овие земји. Сепак, искуствата од ЕУ сугерираат дека Националните рурални мрежи имаат најголема вредност во оние земји во кои постои добро воспоставен модел на организации на заинтересираните страни и висок степен на доверба меѓу нивните организации и владите. Следствено, владите во овие земји може да посакаат да дадат приоритет на градењето на функционални меѓусебни релации и релации со цела низа заинтересирани страни , потпомогнати од Мрежите за рурален развој, пред да стане збор за формирање на формални Национални рурални мрежи.

- Градење на капацитети. Кога зборуваме за рурален развој треба да знаеме дека се работи за неопходна промена. Промените може да се согледаат во економските активности, во социјалните структури, во владините системи, во методите на инволвирање на заинтересираните страни , итн. Промената бара лична адаптација за сие оние кои во неа учествуваат. Адаптирањето не е лесно: бара нови однесувања, нови вештини, нови ресурси. Следствено, зајакнувањето на заинтересираните страни од руралните области зависи не само од потребните промени во системите туку и од зајакнувањето на капацитетите на луѓето и организациите за тие да реагираат на промената. Потребата за градење на капацитети се однесува подеднакво и на заинтересираните страни, и на државните службеници на централно и на општинско ниво, на сите оние кои предводат здружанија, мрежи и акциски групи.

- Време и упорност. Создавањето на блиски и функционални односи меѓу заинтереси-раните страни и владите не може да се постигне преку ноќ. Потребно е време, трпение и упорност за да се изградат системи кои функционираат, да се изгради доверба, да се развијат лични контакти и функционални релации. На ова треба да се гледа како на континуиран процес, кој треба да се развива во годините кои доаѓаат

Настаните на Западени Балкан треба да ги сфатиме како почеток на процес на зајакнување на заинтересираните страни од руралните области и јакнење на партнерството помеѓу нив и владите. Активностите зависат од луѓето во овие извонредни земји, од главните групи и сектори на заинтересирани страни, лидерите на ниво на село и локалните власти, од невладните организации и национал-ните влади. Од Мрежите за рурален развој, од Постојаната работна група, PREPARE Партнерството за рурална Европа, од Владите и од европските институции ќе биде потребно континуирано лидерство.

Поглавје 1

Историјат на настаните на Западен Балкан

Предизвикот од проширувањето

Настаните опишани во овој извештај се реализирани во контекст на потенцијалното проширување на Европската Унија и нејзината можност да ги прифати земјите од Западен Балкан и Турција кои се на различни степени од потенцијалната кандидатура за влегување во Унијата. Ова проширување претставува крупен предизвик за Унијата но и за земјите кандидати – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Република Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. Овој процес, доколку се реализира, во Унијата ќе донесе повеќе од 18 милиони луѓе од Западен Балкан и уште 75 милиони од Турција. Приближно 30 милиони од нив живеат во рурални области.

Сакаме да се приклучиме во Европската Унија, не поради средствата што тоа може да ни ги донесе, туку затоа што сакаме да напредуваме, сакаме нашите земјоделци да преживеат, сакаме владеење на правото и економски раст. За да го постигнеме сето тоа, треба да се свртиме кон самите себе, да бидеме дури и себични: треба да преземеме одговорност. *Бобан Илиќ, Генерален секретар, Постојаната работна група*

Претпристапна помош

Земјите кандидати се обврзале да спроведат реформи во своите владини и други системи со кои постепено ќе се усогласат со стандардите и политиките на Европската Унија. За да им помогне во овој процес, Европската Унија нуди помош преку инструментот за претпристапна помош (ИПА). Тука спаѓаат мерки поврзани со реформи во бројни области на јавната политика и администрацијата. Меѓу најрелевантните за оваа цел е ИПАРД, делот од ИПА кој обезбедува поддршка во областа на руралниот развој. ИПАРД прогресивно се спроведува во сите седум земји. Неговата прва фаза, ИПАРД 1, воведена во 2007 год., можеа да ја користат Турција и Република Македонија (исто така и Хрватска, која во 2013 година, влезе во ЕУ и поради тоа не е составен дел на овој извештај). Втората фаза, ИПАРД 2, воведена во 2014 год., во принцип е на располагање на сите седум земји, но Комисијата во моментов очекува да добие ИПАРД 2 програми само од Турција, Република Македонија, Србија, Црна Гора и Албанија.

Уште пред понудата од страна на Европската Унија за поддршка преку ИПАРД, повеќето од седумте земји веќе имаа започнато и работеа на националните програми за рурален развој, под надзор на релевантните министерства. Таквите национални програми се во целост финансирани од соодветните влади. Понатаму, некои од земјите добиваат помош преку развојни програми финансирани од билатерални или мултилатерални агенции. Програмите финансирани од ИПАРД 1 во Турција и во Република Македонија, а во иднина во рамките на ИПАРД 2 веројатно во сите 7 земји, функ-ционираат напоредно со останатите програми и со нив директно управуваат националните влади кои од своја страна мора да инвестираат во адекватни системи за имплементација, менаџирање и контрола. ЕУ го избра овој децентрализиран начин на менаџирање бидејќи е погоден за процесот на поддршка на голем број релативно мали проекти кои се очекуваат од мали и средни земјоделски стопанства како и од мали и средни претпријатија.

Улогата како и сопственоста на процесот на изготвување и имплементација на ИПАРД програмите од сите страни - кориснички е од најголема важност. Всушност, ниту една програма нема да биде успешна т.е. нема да придонесе за подобрување на ефикасноста и конкурентноста на земјоделството и растот во руралните области без внимателно разгледување на потребите и капацитетите на локалните чинители. Покрај конкретната поддршка за земјоделците, развива-њето на поширок рурални економии има значајна улога во подготвувањето на руралните популации за можноста самите да ја креираат својата иднина. Особено, зајакнувањето на луѓето од руралните области за учество во креирањето на политики за рурален развој и за проекти преку Локалните акциски групи е од витално значење за иновативноста како и за интеграцијата на разнородни сектори и заинтересирани страни, без кои не би можел да се постигне долгорочен одржлив развој во руралните области.

LEADER

Интересот за учество на заинтересираните страни од руралните области е доста висок, а LEADER може да го стимулира тоа учество. *Анила Вендреша, Извршен директор на НВО Quodev, Албанија*

Значаен елемент на пристапот на ЕУ кон рурал-ниот развој, а кој веќе го привлече вниманието на владите но и на заинтересираните страни од руралните области во земјите на Западен Балкан и Турција, е LEADER пристапот. Овој пристап се фокусира на создавање на суб-регионални партнерства помеѓу јавниот, и помеѓу приватиот и граѓанскиот сектор, како и на продуцирање и

имплементирање на партнерствата произлезени од локалните страегии за развој. Тој претставува составен дел на ИПАРД понудата на владите од регионот. Во рамките на ЕУ, LEADER постигна голем успех во мобилизирање на соработката помеѓу заинтересираните страни од руралните области на субрегионално ниво и во градењето на добри односи меѓу нив и владите. Истите цели може да ги постигне и во земјите на Западен Балкан и во Турција: во некои од овие земји веќе се формирани Локални акциски групи кои функционираат или се надеваат да функцио-нираат како партнерства од типот на LEADER.

Да се види значи да се поверува: запознавањето со искуствата од руралниот развој со помош на LEADER пристапот во земјите на ЕУ нуди модели и решенија кои може да се прилагодат на локалните услови. Fouli Papageorgiou, известувач од патувачката работилница во Република Македонија.

Постојаната работна група (SWG)

Земјите од Западен Балкан за кои станува збор во овој извештај се дел од поголема група земји во Југоисточна Европа. Сите тие се соочуваат со предизвикот за развивање на нивните екстензивни рурални области. Во 2006 год., Владите на овие земји решија да соработуваат за да се справат со овој предизвик. За таа цел, ја формираа Постојаната работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа (SWG). Оваа меѓувладина организација е составена од министерствата одговорни за руралниот развој во шесте земји на Западен Балкан, за кои станува збор во овој извештај, плус Бугарија и Хрватска. Мисијата на SWG е да ја зголеми соработката маѓу државите членки, да ги координира регионалните иницијативи во доменот на земјоделството и руралниот развој и да ги поддржува процесите на социјален и економски развој на руралните области во Југоисточна Европа.

PREPARE Партнерство за рурална Европа

Напоредно со развојот на мислата и политиките што се однесуваат на руралниот развој во редовите на владите, сличен развој се случува и во граѓанското општество и невладините организации. Еден од лидерите во ова движење е и PREPARE Партнерство за рурална Европа, организација создадена во 2000 год., по одржувањето на мултинационалната патувачка работилница во Естонија и Шведска, а на иницијатива од група НВОи и со поддршка од Европскиот Парламент. Целта на PREPARE е јакнење на граѓанското општество во руралните области, поттикнување на дијалогот со владите и европските институции и унапредување на меѓународна размена во руралниот развој. Сè започна со партнерството меѓу две европски НВОи – Forum Synergies и ECOVAST – и се разви понатаму во постојано растечки број на Национални рурални мрежи на НВОи. Четири од овие мрежи – во Шведска, Финска, Естонија и Унгарија – се сооснoвачи на PREPARE во 2000 год. Оттогаш, PREPARE работи на поддршка на развивањето на Национални рурални мрежи во земјите кои се на патот на пристапување кон ЕУ. До 2007 година, неговите напори беа фокусирани во земјите кои сега се веќе членки на ЕУ: Латвија, Литванија, Полска, Чешка Република, Словачка и Словенија, и сите тие сега имаат свои Национални рурални мрежи кои се приклучија кон PREPARE Партнерството, вклучително и Бугарија и Романија кои сеуште немаат такви мрежи.

PREPARE во Југоисточна Европа

Од 2007 год. наваму, PREPARE го сврте своето внимание кон Југоисточна Европа, вклучувајќи ги и земјите на Западен Балкан и Турција. Оствари контакти со НВОи во сите овие земји, поддржуваше нивни состаноци со цел зајакнување на граѓанското општество, ги повикуваше претставници на граѓанското општество но и на владите од тие земји на своите годишни средби и патувачки работилници, кои последниве години се одржуваа (секојпат во различна земја) во Југоисточна Европа. Благодарение на овие активности, PREPARE стапи во контакт со SWG, и во 2007 год., двете групи потпишаа Меморандум за соработка, како основа за нивна натамошна соработка. SWG и PREPARE обезбедија активна поддршка во формирањето и функционирањето на Националните рурални мрежи во земјите на Западен Балкан, мрежи кои одиграа важна улога во организирањето на настаните опишани во овој извештај.

PREPARE гради мостови меѓу владите и граѓанското општество. Тоа е долг процес на подобрување на комуникацијата и градење доверба. На луѓето им нудиме чувство на припадност во зедница или во мрежа како и чувство на споделување на заеднички простор како граѓани на Европа во која можеме взаемно да дадеме но и да примиме поддршка. *Hannes Lorenzen, Претседавач на PREPARE организациската група*

Панел на Завршната конференција (од лево) Петар Ѓорѓиевски, Мрежа за рурален развој на Република Македонија; Валентина Стојановиќ-Туфа, Шеф на кабинетот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Република Македонија; Данило Голубовиќ, Државен секретар, Министерство за земјоделство, Србија; Dirk Ahner, Претседавач на конференцијата; Dacian Cioloş, Европски комесар за земјоделство и рурален развој; Проф. Д-р Петер Ивановиќ, Министер за земјоделство, Црна Гора, Ратко Батаковиќ, Мрежа за рурален развој на Црна Гора; Драган Роганoвиќ, Мрежа за рурален развој на Србија.

Поглавје 2

Целта и обликот на настаните

Концепт

Кон средината на 2013 година, PREPARE ѝ предложи на SWG дека можеби е созреано времето за одржување на мултинационален настан во Западен Балкан, а кој би се фокусирал на зајакнување на заинтересираните страни од руралните области и градење на поблиски односи на соработка меѓу овие клучни чинители од руралните области и соодветните влади. Основната идеја беше дека во земјите како оние од Западен Балкан и Турција, ефикасноста на руралниот развој зависи од активирањето на обете страни, и владите и локалните рурални актери. Владите ја обезбедуваат пресудната рамка т.е. стратешкката политика, финансиската и други видови помош и инвестиции во јавната инфраструктура и услуги, додека пак заинтересираните страни преземаат водство во бројни аспекти од економскиот, општствениот и културниот развој. Актерите од руралните области – како што се земјоделците, бизнисмените, задругите, локалните заедници, невладините организации и сл. – со своите корени во руралните области, имаат заедничко и реално сфаќање за потребите и ресурсите на тие области. Затоа, од суштинско значење е двете страни да остварат блиска соработка; т.е. владите да ги вклучат заинтересираните страни од руралните области во оформувањето и спроведувањето на политики, а руралните чинители се охрабрени и зајакнати да преземаат иницијативи во правец на задоволување на нивните потреби со што ќе се зголеми и вредноста на ресурсите од нивните рурални области.

Зајакнувањето на заинтересираните страни и на заедниците од руралните области е исто толку важно колку и политичките одлуки и административните подготовки. Тоа е начин да се обезбеди вистинска интеграција и реален напредок во процесот на руралниот развој. *Dacian Cioloş, Комесар за земјоделство и рурален развој*

Партнерство за отпочнување на настанот

Постојаната работна група го прифати овој концепт. Потоа, PREPARE и SWG се обратија до Европскиот комесар за земјоделство и рурален развој Dacian Cioloş. Тој го поддржа предлогот и се договори со Štefan Füle, Комесар за проширување и добрососедска политика, да се побара од тимот на TAIEX (Техничка помош и размена на информации при Комисијата) да организира настан, во соработка со SWG и PREPARE. PREPARE предложи настанот да биде во форма на мултинационални патувачки работилници во три посебни балкански земји, по што би следела заедничка конференција на која би се презентирале и споиле заклучоците од сите работилници. Беше решено работилниците да се одржат во Србија, Црна Гора и Република Македонија. Националните рурални мрежи и релевантните министерства од овие земји беа поканети да се придружат во тимот за организација.

Наслов и цел

Партнерите се договорија за следниот наслов и цели на настаните:

Наслов – „Јакнење на заинтересираните страни од руралните области и LEADER пристап: препознатливо учество назаинтересираните страни во развојот и спроведувањето на политиките за земјоделство и рурален развој во земјите од Западен Балкан и Турција“.

Цели – Подигнување на свеста кај заинтере-сираните страни од руралните области, особено меѓу Локалните акциски групи, за начините за нивно инволвирање и соработка во политиката и одлучувањето на национално ниво; и привлекување на вниманието на националните владини служби и раководители кон неопходноста од постоење на структуирани методи за инволвирање на заинтересираните страни, а особено локалните чинители од руралните области – во изготвувањето и имплементирањето на политиките за земјоделство и рурален развој.

За да ги истакнам важните политички прашања, јас користам ad hoc комитети во кои учествуваат соодветните заинтересирани страни. На нив гледам како на „џудо тимови со црн појас“, способни ефикасно да се справат со проблемите. Ако работите само од гора-надолу, може да пропуштите некои трикови. *Едмонд Панарити, Албанскиот Миистер за земјоделство, рурален развој и водостопанство*

Патувачки работилници

Главниот дел на иницијативата беше серија од патувачки работилници во руралните области на Србија, Црна Гора и Република Македонија. Патувачките рабо-тилници, во формата осмислена од PREPARE, претставуваат стимулативен начин за постигнување на контакт лице-в-лице меѓу заинтересираните страни од руралните области и владините претставници, со што на обете страни им се овозможува

„проверка на реалноста". Учесниците посетија цела низа претпријатија и иницијативи, се сретнаа со клучни чинители од руралните области со кои разговараа за релациите што ги имаат или што треба да ги воспостават со владата и за нивната желба и способност да земат учество во развојните процеси.

Тие видоа конкретни примери на соработка помеѓу влади и заинтересирани страни и развија идеи за тоа како треба да се негува таквата соработка.

Учесници

Со цел да се постигне максимална придо-бивка од мултинационалниот настан, на патувачките работилници имаше учесници од секоја од земјите домаќини и од другите земји од Западен Балкан, Турција и од Европската Комисија. Од вкупниот број – 90 учесници, по 15 беа од секоја од земјите домаќини; по три од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Турција; а останатите од PREPARE, SWG, Европската Комисија, вклучувајќи и експерти од ЕУ во улога на известувачи. Меѓу учесниците од секоја земја, имаше подеднаков број на владини претставници и претставници на заинтересирани страни од руралните области. Ваквата комбинација придонесе за жива размена на искуства меѓу различни земји и меѓу различни сектори.

Едно е да седите во канцеларија во главниот град и да пишувате политики но сосем друго е да обуете чизми на терен и со свои очи да ја видите реалноста. Треба да сме подготвени да одиме до најниското ниво за да се поврземе со земјоделците и да ги најдеме потенцијалните лидери во селата. *Дарко Коњевиќ, Министерство за земјоделство, Црна Гора*

Формат на патувачките работилници

Вкупниот брпј од 90 учесници беше поделен во шест патувачки работилници, по две во секоја од земјите домаќини. Секоја работна група/работилница патуваше во различни рурални региони по два дена, на 31ви март и 1ви април 2014 год., со претходно договорени посети на разнородни рурални претпри-јатија, заедници или Локални акциски групи. Во секое од местата, учесниците имаа време за разговор со локалните заинтересирани страни, а на крајот на денот имаа време да разменат мислења за она што беше видено.

Национални конференции

Еден ден по патувачките работилници, на 2 април 2014, во секоја од земјите домаќини се одржа национална конференција. Учествуваа членовите на двете работни групи на патувачките работилници заедно со претставници од соодветните влади, локални власти и заинтересирани страни од руралните области . На конференциите беа поднесени извештаи од патувачките работилници во соодветната земја, по што следеа општи дебати за предизвикот за партнерство меѓу владите и заинтересираните страни од руралните области. Се развија детални дискусии за улогата на заинтереси-раните страни и механизмите кои можат да им овозможат учество во изготвува-њето и имплементацијата на политиките. Сето тоа беше украсено со успешните приказни од земјите членки на ЕУ. Владите и заинтересираните страни имаа можност да се обврзат на воспоставување и јакнење на функционални меѓусебни релации. Резимето на исходите од настаните во секоја од земјите домаќини следува во Дел I од овој извештај.

Мултинационална конференција

Финалниот елемент во оваа серија настани беше Завршната конференција која се одржа во Брисел на 8 април 2014 година, со учество на Комесарот Dacian Cioloş, Генералниот директор на DG Enlargement (Генерален Директорат за проширување) Christian Danielsson; Министрите или нивни претставници од седумте земји во кои се одвиваше проектот; многу од учесниците во претходните патувачки работилници и национални конференции; и специјално поканетите експерти и владини функционери. На конференцијата беа презентирани и разгледувани извештаите од настаните во трите земји домаќини, имаше презентации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Турција, а беа презентирани и успешни приказни од земји членки на ЕУ, фокусирани на руралните мрежи и локални партнерства. Се разви општа дебата за предизвикот на партнерството меѓу владите и заинтереси-раните страни од руралните области во изготвување и имплементација на програми за рурален развој. Европската Комисија, владите и ИПА земјите, заедно со групите на водечките заинтересираните страни, се обрвзаа во правец на создавање и јакнење на функционални релации. Заклучоците на Конференцијата ја сочинуваат основата на Дел II од овој Извештај.

Списоците на учесници, како и програмите за патувачките работилници, националните конференции и Завршната конференција се дадени во Анкесите кон овој извештај.

Поглавје 3

Проверка на реалноста во рурална Србија

За земјата

Србија е сеуште главно рурална земја. 65% од националната територија е под земјоделско земјиште, а останатите 30% под шуми. Од вкупниот број од 7,2 милиони луѓе, 58% живеат во рурални области, а близу две третини од нив делумно или целосно зависат од земјоделството или шумарството. Овие индустрии произведуваат околу 10% од националниот БДП и 23% од вкупниот извоз на Србија, а вработуваат 21% од националната работна сила (во споредба со просекот од 5% во ЕУ). Следствено, не изненадува фактот што Србија, со БДП по глава на жител понизок од било која од земјите членки во ЕУ и со стапка на невработеност од 23%, дава висок приоритет на одржливоста и модернизирањето на своето земјоделство.

Структура на земјоделството

Модернизирањето не оди лесно. Од 631.000 земјоделски стопанства, приближно половината се помали од 2 ha, а уште 27% се со големина помеѓу 2 и 5 ha. Главно, се работи за семејни земјоделски стопанства, лоцирани најчесто во ридиштата и планините во централна и јужна Србија. Владиниот извештај со наслов „Мали рурални домаќинства“ наведува дека помалите земјоделски стопанства се „исклучително ранливи... близу 50% од домаќинствата својата иднина ја гледаат надвор од земјоделството и во дејности кои не се поврзани со земјоделството... (но) домаќинствата најчесто не успеваат да ги препознаат можностите за ангажирање на нивните членови во други активности во домаќинството или во заедницата“. Голем дел од малите земјоделски стопанства ги управуваат повозрасни лица, а многумина од младата генерација ја напуштаат земјата. Работната сила во земјоделските стопанства, а особено сопствениците, најчесто имаат ниско ниво на обука, многумина од нив своето знаење за земјоделството го стекнале само на сопствениот имот. Помалку од 5% од менаџерите (освен во Војводина) имаат завршено средно земјоделско училиште, повисоко земјоделско образование или земјоделски факулте.

Поддршка за земјоделството и руралниот развој

Во овој контекст, најголем дел од владините расходи за земјоделството и руралниот развој од 2004 година наваму се однесуваат на плаќања кон земјоделците за унапредување на нивната конкурентност, а тоа се 90% од вкупниот износ. Секоја година Министерството за земјоделство и заштита на животната средина најавува мерки за поддршка на сите земјоделци кои се заведени во Националниот регистар на земјоделски стопанства. Најголемиот дел од поддршката оди на директни плаќања во делот за развој на пазарот и директна поддршка на производителите. Но, конкурентноста и пазарниот развој се само еден аспект од економскиот предизвик. Трошењето за рурален развој од страна на Министерството за земјоделство и заштита на животната средина варира во тек на целиот тој период, а во моментов изнесува само 3% од вкупните средства т.е. приближно 8,2 милиони евра годишно. Од тоа, најголемиот дел е насочен кон поддршка за конкурентност на земјоделското производство, но извесен дел од тоа оди за агро-еколошки мерки, диверзификација на руралната економија и (последнава година) за активности од типот на LEADER. Сите овие активности се во согласност со принципите на EAFRD, како составен дел на процесот на интеграција во ЕУ.

Стратегија

Министерството ја финализираше својата Стратегија за земјоделство и рурален развој, која наскоро треба да биде усвоена од Собранието. Оваа Стратегија ќе се спроведува преку новата ЕУ ИПАРД 2 програма за земјоделство и рурален развој во периодот 2014 – 2024 год. Се очекува годинава да биде поднесена на усвојување ИПАРД 2 програмата. Министерството неодамна го промени своето име во Министерство за земјоделство и заштита на животната средина, и е во процес на реорганизирање на својата структура и вработува и обучува дополнителен персонал за менаџирање и спроведување на програмите. Тоа ја препознава потребата за стратегии за регионален и локален развој и за градење на соработка меѓу заинтереси-раните страни.

Инволвирање на заинтересираните страни

Обраќајќи се на Конференцијата, Државниот секретар Данило Голубовиќ ја согледа потребата за инволвирање на сите заинтересирани страни во соочувањето со предизвиците и

The traveling workshop groups

заканите кои влијаат на руралните области. Министерството има формирано пет работни групи во кои се вклучени и заинтересираните страни, чијашто цел е да изнајдат решенија за отворените политички прашања.. Една од нив е Националниот совет за рурален развој, која ќе биде претходник на Мониторинг комитетот на ИПАРД, а во која членуваат и претставници од НВОи. Во процесот на изготвување на новата Стратегија за земјоделство и рурален развој спаѓа и конференција на која учествуваа 200 лица, кои изразија ентузијазам и оптимизам во врска со стратегијата. Од јавната расправа произлегоа 1000 писмени коментари. Како актуелен Претседавач на Министерското собрание на Постојаната работна група (SWG), Г-нот Голубовиќ потврдува дека Министерствата мораат да соработуваат со заинтересираните страни во своите земји и вети дека ќе се заложи за промовирање на овој принцип. Тој искажа поддршка за програмата на SWG за развој базиран на областите.

Подготвка за LEADER

Српската влада, поред неколку години препозна дека LEADER е моќна алатка за рурален развој. Во 2007 год., Министерството ги информираше општините за LEADER прис-тапот и ги поттикна во правец на создавање на партнерства од типот LEADER. Почнувајќи во 2008 год., Министерството со поддршка од UNDP реализира проект за јакнење на рурал-ниот општествен капитал и мрежи вклучу-вајќи и промовирање на LEADER пристапот. Во 2011та, со поддршка од ЕУ започна проектот за техничка помош „ LEADER иницијатива во Србија“. Во моментов има 24 отенцијални Локални Акциски Групи (ПЛАГи), во различни региони на северна и централна Србија кои опфаќат 15% од националната територија и 8% од српската популација.

Вмрежување за рурален развој

www.ruralinfoserbia.rs

Во 2007 год., со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, беше формирана неформална Мрежа за поддршка на руралниот развој на Србија. Во 2007 год., Министерството објави јавен повик до НВОи за формирање на регионални здруженија на локалните организации активни во руралниот развој. Исходот беше формирање на 16 регионални здруженија. Во 2010та, овие здруженија ја основаа Мрежата за рурален развој на Србија како непрофитна и невладина организација која доби почетна финансиска поддршка од владата. Членови на Мрежата се 16те регионални здруженија, кои заедно ја покриваат цела рурална Србија инволвирајќи 161 општина. Мрежата постепено зајакнуваше, и покрај повлекува-њето на владините фондови во 2011 година. Таа година, Мрежата беше официјално регистрирана како Асоцијација на граѓански здруженија.

Мисијата на Мрежата е промовирање на поедначкво развиена Србија во која рурал-ните области се посакувано место за живеење, кадешто луѓето работат на зачувување и подобрување на вредностите на руралниот живот. Меѓу првите активности беше проектот Рурална мрежа за градење на капацитетите на руралните организации, финансиран од ЕУ. Неговата цел беше подобрување на информативните услуги за заинтересираните страни од руралнитеобласти, а тој е и активно инволвиран во планирањето и спроведувањето на мерките за рурален развој. Неговите здруженија - членки соработуваат со владини агенции, со советодавни служби, општини, земјоделци, претприемачи и други заинтересирани страни од руралните области и имаат свој придонес за многу од иницијативите опишани во ова поглавје. Мрежата е член на Балканската мрежа за рурален развој и на PREPARE Партнерството за рурална Европа.

Регионалните агенции за развој можат да делуваат како посредници во комуникаци-јата меѓу централните (националните) и локалните нивоа. Тие можат директно да го поттикнуваат и шират создавањето на развојни механизми во руралните области, како на пр. ЛАГи, здруженија на земјоделски производители, задруги, здруженија на жени, на млади и сл., бидејќи тие се активни чинители на вмрежувањето на територииите на кои делуваат. Вработените од регионалните агенции за развој се оспособени и обучени за пишување проекти и за примена на фондовите од ЕУ, а со тоа може да бидат од голема помош за луѓето од руралните области за апсорбирање на претпристапните фондови за рурален развој. *Јасминка Луковиќ Јагличиќ, Регионална агенција за економски развој за Шумадија и Поморавје, Србија.*

Локална власт

Главните единици на локалната власт во Србија се 24^те градови, најголемиот дел од кои има население над 100.00 жители и 150 општини чија популација се движи меѓу 2.500 и 64.000 жители. Во територијата на секој град или општина спаѓа помал или поголем град (според кој таа го добива свето име) и околните села. Локалната власт ја предводи претседателот, т.е. градоначалникот во градовите. Извршната власт е во рацете на Општинскиот совет, а законодавната во рацете на Општинското собрание, кое се бира на локални избори за период од 4 години. Властите имаат своја сопственост (тука спаѓаат и претпријатијата на јавните служби) и буџет. Тие можат да одберат да потрошат пари за руралниот развој преку специјални програми кои ги одобрува Министерството за земјоделство. На национално ниво, не постои систем на локални власти во селата или во парохиите, но српската традиција овозможува созда-вање и делување на локални совети кои ги застапуваат ставовите на заедницата.

Патувачки работилници

Двете групи од патувачките работилници во Србија посетија два града: Ужице и Краљево, и четири општини Љиг, Ариље, Ивањица и Нова Варош, сите на југозападот на земјата. Тие посетија мали земјоделски стопанства, претпријатија кои се занимаваат со прера-ботка на малини, јагоди и друго овошје, едно здружение на сточари и производители на сирење, здружение на пчелари, три жени претприемачи, претпријатија кои се занимаваат со занаетчиство, култура и рурален туризам, две непрофитни иницијативи и една повеќенаменска иницијатива на ниво на село.

Иван Павловиќ покажува стегач за силажа на неговиот имот во село Обрва

Клучни теми

Во текот на патувачките работилници, произлегоа следниве клучни теми кои понатаму беа елаборирани на националната конференција:

а. Сериозни тешкотии со кои се соочуваат малите земјоделци
б. Значењето на задругите и здруженијата
в. Улогата на динамичните претприемачи
г. Комерцијални препријатија предводени од жени
д. Улогата на општините
ѓ. Лидерство на ниво на села
е. Слабата инволвираност на националната влада

Следи опис на наведените теми.

Сериозните тешкотии со кои се соочуваат малите земјоделски производители

Руралните региони во Србија осиромашуваат тие претрпеа загуба на населението во текот на последните 50 години. Руралната економија е на многу слаби основи и може да биде уништена по пристапувањето во Европската Унија ако претходно не ја зајакнеме. Ова е скапоцено време кое мораме да го искористиме за да ги придвижиме работите. *Александар Богуновиќ, Министерството за земјоделство и заштита на животната средина, Србија*

Земјоделските домаќинства кои ги посетија нашите групи го потврдија чувството на ранливост присутно меѓу малите земјоделци, опишано во владиниот извештај со наслов „Мали рурални домаќинства“. Во сточарските региони, земјоделско домаќинство со посед од 2 до 5 ha може да одгледува едвај неколку млечни крави или глави крупен добиток, а количините кајмак или сирење произведени од млекото воопшто не се исплатливи за скапата опрема или сеуште далечниот маркетинг. Често, семејствата немаат доволно капитал со кој би вовеле диверзификација во своето стопанство. Ако делуваат самостојно, малите земјоделски производители се во крајно неповолна положба при продажбата на своите производи. За многу од земјоделците не е лесно да соработуваат со нивните коле-ги земјоделци. Во многу од овие земјоделски домаќинства три до четири генерации живеат на едно место, така што повозрасните деца се принудени да работаат за мала плата или да бараат работа во околината, во сиромашните локални економии. Но, ако младите генерации се добро образовани и нивните родители им овозможат да преземат активна улога, тие можат да почнат да го трансформираат бизнисот.

Иван Павловиќ *е сопственик на имот од 10 ha во селото Обрва на кое има 5 молзни крави. Тој заработува за живот од продажбата на млеко, кајмак и сирење кои ги прави неговата сопруга, и од месо и зеленчук. Тој искажа длабка фрустрација поради тоа што неговото стопанство е мало, поради ниските гарантирани цени за млекото и покрај неговиот висок квалитет (правилата за хигиена*

Средба со Претседателот на здружението на пчелари - Краљево

Средба со Претседателот на здружението на сточари, Нова Варош

го спречуваат да го продава млекото на ресторани), и високата цена на чинење на кредит потребен да ги подобри условите во своите простории. Тој не добива субвенции, а морал да потроши 10.000 € сопствени пари за да изгради скромна млекарница.

Војо Тосовиќ *е добро образован млад земјоделец кој обработува имот од 5 хектари заедно со неговите родители, жена и деца. Тој има 0,5 ha оранжерија во која одгледува зеленчук и семиња за локална продажба.*

На преостанатите 4,5 ha семејството одгледува овошје и зеленчук. Имаат три крави така што на зима имаат приход од продажбата на кајмак. Војо би сакал да ја прошири својата оранжерија, но многу е тешко да се најде земја на продажба, а тој има проблем и со готовинскиот тек како и со високите камати за заеми. Тој, заедно со други земјоделци, работи на планови за формирање на група на производители. Неговата сопруга е подготвена да продолжи со образованието за да може да помогне во семејниот бизнис.

Сакаме малите земјоделци да „го најдат своето место под сонцето“. Нема да дозво-лиме да пострадаат. *Драга Рогановиќ, Директор, Мрежа за рурален развој, Србија*

Значењето на задругите и здруженијата

Во некои делови од руралната економија, малите претпријатија стекнуваат предност ако работаат заедно. На пазарот, задругите и здруженијата можат да понудат повеќе отколку индивидуалниот производител, и се во подобра позиција за да влијаат врз општините или владите.

Здружението Моба *обединува повеќе од 700 земјоделски домаќинства од 17 општини јужно од Белград. Формирана е во 2000 год., од седум млади и образовани земјоделци загрижени за својата и иднината на нивните колеги. Секој земјоделец плаќа годишна членарина од 30 €. Здружението им помага на членовите во пополнувањето на годишните земјоделски формулари со податоци кои ги бара владата, а обезбедува и упатства за аплицирање за владината поддршка. Неодамна, таа отвори т.н. „Центар за добредојде“ кој претставува место за продажба, но и електронска база на податоци за храна, занаетчиски производи и земјоделски туризам, како понуда од членовите: оваа услуга ја користат 100 члена.*

За да се стане формално признаен снаб-дувач на стоки и услуги во Србија, „производителот“ мора формално да се регистрира како „правно лице“ со најмалку еден вработен. Тоа, од своја страна значи и приближно 200 € месечно како минимален издаток за вработениот. За производи-телите на млеко и млечни производи можен е исклучок кој на индивидуалецот му овозможува да тргува до извесно ниво на заработка пред да стане обврзан со редов-ниот режим на плаќања. Здружението Моба активно лобира за тоа ваквиот режим да се применува за сите производи и услуги.

Здружение на сточари. *Во регионот на Нова Варош има околу 100 производители на сирењето „Златор“, мек непастризиран млечен производ, кој традиционално се произведува во калапи од по 5 до 10 кг и преку јавниот*

Посета на погон за замрзнување на малини во Претпријатието за преработка на овошје во Дреновац, Ариље

превоз се испраќа на пазарите во Белград. Триесет од овие производители – од кои секој поседува просечно по 10 крави, произведува до 20 кг сирење седмично – го формирале Здружението на сточари. Со помош од општинската единица за локален економски развој, тие го започнале процесот на заштитување на потеклото за сирењето „Златор"; развиле и тестирале амбалажа и етикети за пакување од 1 кг од сирењето, за продажба на поширок пазар. Имаат планови за централен погон за сечење и пакување, со подобар маркетинг и инвестиции на самите земјоделски стопанства во техно-логија за пасишта, одгледување на животни и управување со отпадот. Ако успеат добро да ја развијат оваа активност, ним ќе им требаат подобри патишта и јавно водоснабдување.

Пчеларско здружение – Краљево, *основано во 1898 година, сега има 170 члена, кои поседуваат вкупно 6.826 кошници пчели. Членовите соработуваат при обуки, купување опрема и маркетинг на нивните производи. Тие се составен дел на Пчеларскиот сојуз на Србија којшто брои над 10.000 члена; тоа е во директен контакт со владата и има моќ да влијае на политики; член е на НАЛЕД – Националната Алијанса за локален еконо-мски развој во која членуваат и општини, банки и здруженија на земјоделци. По успешното презентирање на нивните интереси на национално, но и на ниво на град, пчеларите во Краљево, од општината добиваат годишна субвенција од 500 динари по кошница. Нивните производи се продаваат преку задругата „Српска Магаза". Тие имаат за цел да го добијат статусот „заштитено потекло" за медот од нивниот регион.*

Улогата на динамичните претприемачи

Србија има впечатливи примери на претпри-емачи кои имаат храброст и способност да отворат претпријатие, користејќи ги човечките и природните ресурси кои се на располагање во руралните области. Некои од нив стекнале вештини, искуство и идеи од работењето во странство и се вратиле во Србија со цел да формираат сопствени претпријатија. Тие умеат значително да им додадат вредност на производите, да го зајакнат чувството на локален идентитет, да создадат скапоцени работни места на село, да ги соберат заедно малите групи на производители и да им понудат договори со кои ќе се постигне стабилност во руралната економија.

Преработка на овошје. *Регионот на Ариље е многу познат по малините, има и добро развиен ланец на производство, преработка и маркетинг, кој го предводат динамични претприемачи. На пример, претпријатието за преработка на овошје – Дреновац, модерна компанија која врши преработка согласно високи технолошки стандарди, со годишен промет од 1,5 милиони € и 17 вработени со полно работно време. Има договори за снабдување со 80 производители на кои им ги обезбедува сите потребни ѓубрива и пестициди но и обука за нивно користење со цел производот да биде усогласен со стандардите на компанијата. Започна како ладилник кој произведуваше смрзнати малини за извоз. Неодамна, сопственикот Слободан Обрадовиќ, изгради погон за „смрзнато сушење", прв од таков вид во Србија: тој сака и понатаму да инвестира, но го спречуваат високите трошоци на заемите, а треба и да ги пронајде вистинските пазари. Тој би ја поздравил можноста за пристап до владини грантови.*

Јекослав Пуриќ *води семеен земјоделски имот од 8,5 ha во општината Нова Варош. Овој регион има долга традиција на производство на елда и јачмен. Охрабрен од општинскиот советник за земјодел-ство, г-н Пуриќ реши да премине на органско производство на елда, со поддршка од државните фондови. Тој е првиот од 100 производители во овој регион кој ги постигна Стандардите за органско производство на елда. Тој и советникот, од кого редовно добива помош, се убедени дека иднината е во органското производство на елда, бидејќи, покрај многуте други позитивни особини, таа не содржи глутен. Префрлувањето на органско производство го намали обемот на произведеното за 30%: понатаму, пазарот за органски производи во Србија е сеуште слаб, така што тој за својот органски производ добива иста цена како и порано. Сепак, решен е да продолжи, посветен е на вредностите што ги имаат органските производи и се надева дека со време тие ќе постигнат многу повисоки цени, а со тоа и неговото земјоделско стопанство ќе биде поодржливо. Тој има за цел да инвестира во подобра опрема за сеење, за берба, за сепарација на семето, пакување и складирање, а поддршката од јавните фондови би била добредојдена.*

Комерцијални претпријатија предводени од жени

Претпријатијата формирани и предводени од жени можат да донесат посебна вредност преку вработувањето или обезбедувањето пазар за производите од други жени.

↑ „Варошанка" Доо, преработува овошје и зеленчук, Нова Варош , Верица Гуњиќ, основач на претпријатието „Здрава ➜

Дебата меѓу советникот Гаровиќ, Раководител на одделот за земјоделство при градот Краљево (лево) и локалните лидери

Средба со Димитрије Памховиќ, градоначалник на Општина Нова Варош

Варошанка доо е *претпријатие за производство на храна, формирано во општина Нова Варош, во целосна сопственост и под раководство на жени. Сопственичките се сестри; една ќерка се придружи во менаџерскиот тим; сега имаат петнаесет вработени. Претпри-јатието е формирано во 1990 година за прера-ботка и пакување на диви печурки, но неодамна мораше да воведе проширување на асортиманот поради тоа што приносот на дивите печурки е многу намален како последица од сувото време – резултат на климатските промени. Така, сопственичките се префрилија на производство на високо квалитетни традиционални производи од зеленчук, овошје и јаткасти плодови од регионот или од увоз. Можат да произведат до 32.000 тегли месечно, но тешкотијата е во наоѓањето на пазари. Нивната цел е да инвестираат во нови машини за полнење на тегли но и да пронајдат нови продажни места.*

Здрава храна *е претпријатие формирано во 2009 год., во селото Витковац, од Вера Гуњиќ, енергична жена која се нашла во ситуација на технолошки вишок на претходното работно место како сметково-дител. Таа решила да го искористи науче-ното на тоа работно место и да постигне додадена на вредност на овошјето и другите локални производи во нејзиниот роден крај. Таа не можела да добие јавна поддршка при основањето на своето претпријатие бидејќи „сите се плашеа да ризикуваат“. Сега таа има 2 вработени со целосно работно време и 7 сезонски работ-ници. Нивната работа е да прават и да пакуваат џем и друга зимница, а овошјето го купува од локалните берачи во кои има доверба. Вера добила поддршка од агенци-јата за вработување во процесот на вработување на двајца невработени како сезонски работници и при купувањето опрема; и од агенцијата „Аида“ за да ги однесе и презентира своите производи на саемите во Белград и пошироко. Таа е член на Здружението на производители на храна и зеленчук, со чија помош нејзините производи стигнаа на саемите во Франкфурт и Љубљана. Таа продаваи преку „Српска магаза“, а неодамна во селото отвори и „outlet“ продавница со намалени цени, воедно и како услужна дејност за селото.*

Г-ѓа Милојевиќ *во 2003 год. реши да го прошири својот дом во селото Лопатница и да отвори гостилница. Немаше на располагање никакви советодавни служби, па собираше идеи посетувајќи гостил-ници во Баварија. Во 2008 год., доби мала општинска субвенција, но безуспешно се обраќаше до Министерството за земјоделство за субвенција или заем. Таа сега поседува легла за десет гости и постигнува пополнување на капацитетите до 50% во текот на долгата летна сезона. Има сопствена веб страница за маркетиншки потреби, членка е на локалната асоцијација за туризам која ѝ помага, а во маркетингот ѝ помага и општинската асоцијација за туризам. Сега, таа гради базен и други капацитети за активности на отворено, а користи само сопствени ресурси. Би ѝ било мило да дочека назначување на „раководител на селото“ кој би ја организирал селската заедница.*

Улогата на градовите и општините

Градовите и општините се сé повеќе заинтересирани за лидерската улога во локалниот – вклучително и руралниот – развој. Тие се задолжени за услугите за поддршка на земјоделскиот и рурален развој, т.е. услуги на советување на земјоделските производители, а тоа претставува значајна точка за контакт меѓу владата и заинтересираните страни . Многу општини веќе имаат или се во процес на изготвување на стратегии за рурален развој кои потоа одат на одобрување кај Министер-ството за земјоделство и заштита на животната средина. Претходно опишаните комер-цијални производители претставуваа поттик за општините, некои од нив влегоа во општинските совети и станаа или градоначалници или членови на кабинетите одговорни за развој. На таа должност тие можат да ги применат своите комерцијални вештини и знаења за поддршката што на претпријатијата генерално им е потребна од јавниот сектор, на пример инвестиции во инфраструктура или кредити и субвенции.

Милан Стевановиќ, *заменик градоначалник на општината Ариље е млад човек. Потпомогнат со стипендии, студирал економија во странство; се вратил во родниот крај за да помогне во семејниот погон за дестилација, а во политката влегол со цел да го помогне развојот на регионот. Еден од директните корисници на помош од општината Ариље е Миломир Стојиќ, четврта генерација производител на малини на имот од 5 ha. Неодамна, тој го зголеми приносот од малини на 30.000 кг по хектар преку инвестиција зо заштита од град и системи за наводнување, со финансиска помош од општината со која беше делумно финансиран и новиот вид малина, поточно „Полка“ која е погодна за пазарот на свежа малина, а зрее доцна во сезоната.*

Посета на грнчарска работилница во Злакуша

Саша Дрндаревиќ, движечката сила на развојот во село Злакуша

Зоран Радовановиќ *е дел од третата генерација во семејниот бизнис, „Флорива“ Доо, кој е фокусиран на комерцијално производство на семиња за зрнести овошја и растенија за продажба на одгледувачите во општина Ивањица. Тоа е област која многу зависи од земјоделството (повеќе од 80% од работната сила), и тоа главно од производството на меко овошје. Тој е советник во општината и раководител на одделот за земјоделски развој. Во таа улога, тој анимира локални проекти, како на пр. развивање на оранжерии за 20 мали локални производители на овошје, со финансии од Турската агенција за развој: тој мораше долго време да лобира кај градоначалникот за овој да го одобри проектот. Во неговите амбиции за регионот спаѓа и диверзификацијата на локалната економија и додавање вредност на локалното зрнесто овошје на пазарите за свежо и за органско овошје. Општината иницираше Потенцијална локална акциска група, која изготви предлог за стратегија за локален развој.*

Димитрије Памховиќ *е избран за градоначалник на општина Нова Варош во 2012 год. Тоа е регион со стапка на невработеност над 28%, како последица на она што градоначалникот го опишува како „катастрофална“ продажба на поранешните чевларски, текстилни и фабрики за производство на мебел и нивните туристички капацитети на шпекуланти кои ги интересирала само цената за препродажба на имотот. Со губењето на индустријата, регионот останува во голема мера зависен од земјоделстовото, главно одгледување на добиток. Градоначалникот е концентриран на подобрување на локалната економија. Општината времено ја презела сопственоста над еден голем, неискористен хотел, во обид да го заживее туризмот. Го презела и имотот на пропаднатата задруга со цел да овозможи искористување на постоечките средства од задругата од страна на малите претпријатија. Со ова се врши притисок врз шпекулантите да го користат индустриското земјиште кое го купиле или да го продадат на други кои се подготвени да го користат. За унпредување на напорите во овој правец, градоначалникот формира и одделение за локален економски развој кој го предводи Мирјана Дахиловиќ, родум од тој крај, која пред 10 години заминала за да се образува за производство на храна и да стекне искуство во трговијата во мултинационална компанија за производство на храна во Белград. Одделот е фокусиран на развивање на локалните производни претпријатија, туризмот и занаетчиското производство на храна. Во јули 2013 година, одделението организираше голем викенд фестивал на кој се прославуваше локалната храна, спа туризмот, занаетите и културата, кој привлече 50.000 посетители.*

Градот Краљево *раководи со програма за рурален развој, преку која може да им помага на претпријатија така што ќе одобрува грантови и кредитни субвенции. Нуди грантови во вредност до 50% од капиталниот трошок на проектот – поднесен од регистриран земјоделски производител. Бројот на регистрирани земјоделски производители е 8.500 од вкупно 11.700 земјоделци во општината. Градот е во процес на изготвување на стратегија за рурален развој во консултација со работни групи кои се составени од експерти, локални здруженија и претставници на земоделците и производителите; потоа ќе следи јавна расправа. Намерата е да се поддржи развивањето на инфраструктурата, инвестирање во преработувачки капацитети, и развој преку задруги и здруженија (на пр. системи за наводнување). Се очекува селските советите да учествуваат на тендерите за проекти, чиишто правила ќе ги постави општината. Стратегијата обезбедува субвенции за земјоделците,на пр. 1500 ден. за оплодена крава, поддршка за развивање на овоштарници, зеленчукови насади и пчеларство. Субвенционира кредити за земјоделците така што земјоделецот ќе плаќа само 2% камата на заемот. Советникот Гарговиќ, раководител на одделот за земјоделски развој, ни рече дека општината е подготвена да поддржи формирање на кооператива на мали земјоделски производители, со транзициски период во*

текот на кој контролата ќе ја има општината со 51%, но дека иницијативата мора да дојде од самите земјоделци и дека сеуште се чека на неопходниот закон за задруги.

Лидерство на ниво на селата

Патувачките групи не најдоа многу докази за распространета општествена иницијатива на ниво на селата, слична на она што често го наоѓаме (на пример) во некои од балтичките земји. Сепак, националното законодавство им овозможува на селските заедници да создаваат локални совети. Притоа, се покажува дека создавањето на таквите локални совети зависи од иницијативата на социјалните претприемачи или други активни поединци. Очигледен пример на таква иницијатива е селото Злакуса во руралниот планински појас на градот Ужице.

Злакуса *е атрактивно село, сместено во долина меѓу стрмни планински предели. Тоа има три пресудни карактеристики. Едната е долгогодишната локална традиција на користење на локалната глина и кварц од земјата за правење на грнчарија, која сега ја практикуваат 17 семејства со што обезбедуваат работа за 70 лица. Втората значајна карактеристика е единствената варовничка пештера во блиското село Потпеќ од која истекува река која напојува цела низа рибници во долината. Пештерата веќе ја посетуваат близу 6.000 лица годишно. Третатта карактеристична вредност е Саша Дрндаревиќ, човек со локално потекло кој се вратил во селото откако работел на други места како професионален инженер. Неговата прва активност по враќањето била создавање на етно-парк „Терзиќа авлија“, каде посетителите можат да видат традиционални градби, копија на зградата на училиштето од втората светска војна, библиотека на локалната историја и други каратеристични обележја. Со седиште во паркот е и Етно здружението „Завичај“, коеа работи на промовирање на традиционалната култура, вклучително и народни песни и ора, за млади како и за возрасни. Овие активности охрабрија и други во заедницата да се активираат, меѓу нив е и здружението на жените кое раководи со сопствен центар за продажба на занаетчиски производи. Селото обезбеди своја станица на железничката линија која поминува преку Краљево; а изгради ии 60 км пешачки патеки во околината. 17те семејства грнчари се здружија за да отворат продавница за директна продажба на посетителите, а сега се во процес на барање на статусот и ознаката „заштитено потекло“ за грнчаријата од Злакуша. Во сите овие потфати, селото имаше значајна поддршка од Мрежата за рурален развој, а привлече помош и од градот Ужице, од амбасадата на Соединетите Американски Држави во форма на долгорочна флексибилна помош, од учесниците на меѓународните еко-кампови, од Националната агенција за вработување која финансираше вработување на невработени во селото и од националното Министерство за економија и регионален развој.*

Слаба инволвираност на националната влада

За време на посетите, групите многу ретко слушнаа споменување на активности од/или поддржани од националната влада, освен утврдувањето на правната и финансиска рамка за општинска поддршка за земјоделците и за руралниот развој, базичната поддршка за приходот на земјоделците, извесна помош од Министерство за економија и регионален развој и, донекаде користење на работна сила преку владини програми за невработените. Некои од земјоделците споменаа дека владините фондови „тешко се добиваат“. Некои од претприемачите, ангажирани во преработка или производство се обиделе да добијатили добиле помош од владата, иако поголема помош е добиена од билатерални агенции. Програмата ИПАРД сеуште не е започната и никој не ги спомена придобивките кои таа може да ги донесе. Патувачките групи добија впечаток дека заинтересираните страни се индиферентни или немаат доверба во владата.

Заклучоци

Руралниот развој е процес, живот, а не само пакет мерки. Ние мораме да го поддржуваме тој процес со текот на времето, инаку може да потфрли. *Драган Рогановиќ, Мрежа за рурален развој, Србија*

Претприемачи. Се покажа дека главната иницијатива во економскиот дел на руралниот развој доаѓа од претприемачите, мали и големи, кои реализираат крупни нови работи со многу ограничена помош од владата. Способностите, и иницијативата, подготвеноста на ризик кај овие луѓе, е моќна карактеристика корисна за Србија, со ефект на ширење во корист на руралната економија и заедниците. Тоа укажува на висок потенцијал за динамично граѓанско општество во Србија, кое би било сосема способно да делува како партнерна владата, а кое со полно право, од Владата може да очекува фискална, финансиска, регулаторна и политичка клима во потполност усогласена со потребите на руралните заедници. Постои потреба за постојана поддршка за да им се помогне на веќе постојните иницијативи да станат посилни и да постигнат финансиска стабилност, но и да се поддржи појавата на нови претпријатија и граѓански организации.

Министерството за земјоделство и заштита на животната средина. Се покажа дека заинтересираните страни од руралните средини кои беа посетени, досега имале многу малку корист од активностите на Министерството за земјоделство и заштита на животната средина, освен базичната поддршка за земјоделците и примената на услугите за поддршка на земјоделството. Меѓу претпријатијата за преработка и производство, но и селските заедници, изгледа како да нема никакви очекувања за помош од националните програми за рурален развој или пак од ИПАРД. Имаше поплаки за комлексноста на документацијата на владата, за недостаток на чувство за посебните потреби на

малите земјоделски производители и малите претпријатија и за недостаток на соработка помеѓу разните владини оддели. Министерството мора да размисли и како да стане повидливо и поефикасно.

Патувачката работилница беше многу корисна за идното работење и за програмирањето на ИПАРД. Заклучоците ќе бидат презентирани во апликацијата за ИПАРД како составен дел на процесот на комуникација, бидејќи тој обезбеди многу добра слика за ситуацијата на теренот и ги покажа потенцијалите за развивање на програми за рурален развој. *Александар Богуновиќ, Српско Министерство за земјоделство*

Општините. Спротивно на горенаведеното, претпријата како и селските заедници се свесни и честопати ја бараат поддршката што ја нудат општините, иако треба да се има предвид дека дел од таа поддршка сепак доаѓа од централната влада. Сосема е јасно дека географската блискост и личниот контакт меѓу претпријатијата и општината, помага за оваа свест и за користењето на поддршката од општините. Сепак, мора да се признае и дека општините се разликуваат по степенот на приоритет што го припишуваат на руралниот развој и нивната чувствителност за потребите на селските заедници. Некои општини се толку големи што некои села или заинтересирани страни тешко успеваат да се поврзат со центарот.

Контакт со заинтересираните страни. Врската и комплементарноста меѓу нацио-налните програми за рурален развој и активностите за рурален развој на општините не секогаш им е јасна на заинтересираните страни, иако таа е јасно дефинирана во Законот за мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Консултациите со заинтересираните страни во формулирањето на развојните стратегии и програми, како на централно, така и на општинско ниво, најчесто се ограничени само на организирани групи и најчесто не успеваат на заинтересираните страни да им дадат чувство дека тоа се и нивни политики или и нивни партнерства со владата, во развојниот процес. Јасна е потребата за поцелосно инволвирање на организациите на граѓанското општество и на претпријатијата во развивањето на стратегии и програми, заедно со детални прашања и проблеми како на пр. дефинирање на критериуми и принципи за поддршка. Ваквото инволвирање постепено ќе ја зголеми и довербата меѓу државните власти и заинтересираните страни.

Мислам дека на национално ниво ни треба многу посилна рурална мрежа која ќе дејствува како стожер за локалните заинтересирани страни од руралните области и ќе го засили нивниот глас во Белград. Од друга страна, мислам дека колегите кои работаат во Министерството за земјоделство и во владата треба да организираат слични патувачки работилници во земјите членки на ЕУ и да обрнат внимание како во тие земји луѓето од локалните нивоа учествуваат во изготвувањето на политики. Александар Дамњановиќ, Србија

Тешкотии со кои се соочуваат земјоделските стопанства и руралните претпријатија. Произлегува дека земјоделските стопанства и руралните претпријатија, без оглед на нивната големина, во различен степен, но сепак трпат влијание од тешкотиите поврзани со проблемите на паричните текови, цената на чинење на кредитите (едно лице наведе каматна стапка од 20%), достапно земјиште за ширење на имототили на дејноста, процесите кои се потребнии за да се стане регистриран производител или трговец, регулативите за хигиена и други проблеми, поддршка за инвестирање во модерна опрема, ефикасни маркетиншки синџири и достапност на добар и квалитетен совет. Јавните органи, било на национално, било на општинско ниво, треба да најдат решенија за овие тешкотии; да обезбедат – колку што е можно пофер-плеј терен за делување на претпријатијата од сите големини; да поттикнуваат и олеснуваат соработка меѓу претпријатија; да развиваат и унапредуваат ефикасни економски синџири во кои ќе влегуваат производители, преработувачи и дистрибутери; и да им помагаат на претпријатијата да наоѓаат пристап до земјиште и кредити, неопходно потребни за засилување на економските активности. Поврзувањето меѓу заинтересираните страни и владините програми може во голема мерка да биде потпомогнато со зајакнување на директните советодавни услги на теренот, и со ширење на нивниот обем на советување т.е. покривање на прашања како што се диверзификација на земјоделските стопанства, рурален туризам и помош за МСП.

Рурални услуги и инфраструктура. Имаше индикации и за значителна неадекватност во многу аспекти на руралните услуги како што се селските продавници, установи за згрижување на децата и образование за возрасни. Имаше барања за подобрување на инфраструктурата, како на пр. водоснабдувањето и патиштата и пристап до широкопојасен интернет (кој засега е заснован на теренска линија со низок капацитет и редовни прекини). Благосостојбата на руралните заедници зависи од адекватноста на услугите и од инфраструктурата. Владите и општините треба да се фокусираат на подобрување на овие суштински услуги.

Лидери на ниво на села. Освен исклучителниот пример во селото Злакуша, имаше многу малку докази за присуство на лидери и локални совети на ниво на селата. Таквите совети може да бидат значаен поттик за активност на тоа ниво, но засега изгледа дека нивното создавање останува да зависи од иницијативата на активни поединци кои во некои делови на Србија воопшто не е лесно да се најдат.

Поврзување на заинтересираните страни од руралните области. Со цел да се постигне системска база за поврзување на заинтересираните страни од руралните области со јавните системи на начини кои ќе може да обезбедат интегриран развој во руралните области, кон владата се упатуваат следните совети:

а. Појасно поврзување на националните програми за рурален развој со активностите на општините, кои се релативно видливи и достапни за заинтересираните страни од руралните области,
б. Во целосна соработка со општините и другите рурални

заинтересирани страни, наскоро да се формира мрежа од соодветно финансирани Локални акциски групи, со примена на LEADER пристапот и надградба на постојните мрежи составени од т.н. Потенцијални локални акциски групи,

в. Охрабрување и оспособување на општините и Локалните акциски групи да поддржат создавање и активности на селски совети, лидери и аниматори,

г. Поддржување на формирање и работење на задруги и здруженија, заеднички иницијативи на граѓанскотоо општество и вмрежување и размена на искуства меѓу селата и општините,

д. Поддржување на автономијата и континуитетот на активностите на Мрежата за рурален развој на Србија, која – заедно со своите регионални здруженија – ќе биде динамичен катализатор за развојните процеси во претстојната деценија.

Поглавје 4

Проверка на реалноста во руралните области на Република Македонија

Земјата

Република Македонија доби независност во 1991 год., кога мирољубиво се одвои од Југославија. Во 2005 год. ЕУ ја признава како земја кандидат за членство. Од 2009та наваму, секоја година, Европската Комисија препорачува започнување на формалните преговори за пристапување на земјата кон Унијата, кое се одложува поради спорот со Грција околу името на државата и други прашања. Како и да е, процесот на подготвување на владините системи за усогласување со законодавството на Унијата (acquis communautaire) продолжува, а извештајот на Европската Комисија за напредокот на земјата бележи континуиран процес со мерки насочени кон земјоделството, безбедноста на храната и ветеринарните стандарди.

Структура на земјоделството

Од вкупното население на земјата, од само малку повеќе од 2 милиони, повеќе од 50% живее во руралните области. Во руралната економија доминира земјоделството. Земјоделството учествува со 10% во националниот БДП. Земјоделско- прехранбените и производите од риба учествуваат со вкупен износ од 450 милиони € годишно, т.е. приближно 15% од извозот на земјата. Главни извозни производи се тутунот, виното, јагнешкото месо и сушен или свеж зеленчук. Многу делови од земјата имаат плодна почва која, заедно со топлата клима, има потенцијал за производство на високо квалитетен и широк асортиман на производи. Во земјата има 510.000 ha обработено земјиште. Од тоа, 190.000 земјоделски стопанства, со близу 80% мали семејни земјоделски имоти со големина од 1,7 ha: на таквите семејни земјоделски стопанства работат околу 440.000 членови на домаќинствата и 141.000 сезонски работници. Од вкупната вредност на земјоделското производство во земјата, 73% доаѓа од обработливото земјиште и хортикултурата, останатите 27% се од сточарското производство, главно млеко, по што следи свинско месо, говедско, овци и кози.

Поддршка за земјоделството и руралниот развој

Во 2007та Владата ја воведе Националната стратегија за земјоделство и рурален развој и усвои закон со кој се формира Агенцијата за управување со соодветната финансиска помош. Стратегијата се однесуваше на истиот период, 2007-2013 и ја содржеше истата низа мерки како и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој кој функционираше во ЕУ. Стратегијата се спроведуваше преку годишни програми за рурален развој, за кои годишното финансирање се зголеми од 24 милиони € во 2005 год. до 101 милион € во 2009 год. Најголем дел од овие средства е искористен за директни плаќања кон земјоделците, со нешто помали бројки за шумарството, активности во доменот на ветеринарството и други области, вклучувајчи го тука и финансирањето за рурален развој кое во 2009 год. беше на ниво од 6,8 милиони €. Намерата на Владата е во иднина повеќе да се фокусира на подобрување на животната средина, управување со земјиштето и диверзификација на руралната економија.

IPARD

Република Македонија е една од само трите земји кои го користеа ИПАРД 1 (другите две се Хрватска и Турција). Нејзината Национална ИПАРД 1 програма беше одобрена од Европската Комисија во 2007 год., со вкупен индикативен буџет од 87,53 милиони €, врз основа на децентрализираното управување од страна на националната влада. Во 2009та беше одобрено финансирање за три мерки:

- Инвестиции во земјоделски стопанства за реструктурирање и унапредување на општествените стандарди,
- Инвестиции во преработката и маркетингот на земјоделски и производи од риба со цел реструктурирање на овие активности и нивно унапредување до стандардите на Заедницата,
- Диверзификација и развој на економски активности во руралните средини.

Од 2009та наваму, владата има објавено девет јавни повици за апликации за ИПАРД фондовите. Искористувањето одеше бавно, а како последица, дел од средствата беше пренаменет за проекти на рурална инфраструктура во различен дел на ИПА програмата. До денес, околу 18% од преостанатиот ИПАРД 1 буџет е наменет за финансирање на приближно 300 проекти. Сега е во тек десеттиот јавен повик за ИПАРД средства, но во април 2014 год. голем дел од средствата на ИПАРД 1 сеуште не беа искористени.

Патувачката група на средба со земјоделец

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е во процес на изготвување на апликацијата за фондот ИПАРД 2 за периодот 2014 до 2020, кој по обем ќе биде сличен како ИПАРД 1 со тоа што ќе бидат додадени шумарството и советодавните услуги.

Мрежа за рурален развој

www.ruralnet.mk

„Мрежата за рурален развој на Република Македонија“ е формирана во 2010 год. како движење на национално ниво, чија цел е да се погрижи да се чуе гласот на руралните заедници. Сега, оваа мрежа има 58 НВОи членки и блиска соработка со 1.500 рурални лидери. Членството е разнолико, од здруженија кои ги застапуваат земјоделците, рурални жени, занаетчии, работници во руралниот туризам, екологисти итн. Целта на Мрежата е да ги мобилизира руралните заедници да делуваат како чинители на локалниот развој и да учествуваат во руралната политика на локално, регионално, национално ниво и на ниво на ЕУ.

За таа цел, Мрежата промовира соработка и взаемна помош меѓу поединците и организациите на рурално ниво, проток на информации меѓу владите и граѓанското општество на сите нивоа. Се стреми да обезбеди потребите, гласот како и интересите на руралната популација да бидат искажани во целост, но и разбрани; руралниот развој да остане на дневниот ред на сите релевантни чинители на национално и локално ниво. Засега има шест приоритетни области на делување – пионерски зафати за воведување на LEADER пристапот и поврзување на заинтересираните страни на локално ниво; економско зајакнување на жените во руралните области; земјоделство и шумарство; културно наследство како инструмент за развивање на руралните области преку унапредување на руралниот туризам; одржливо управување со животната средина; и диверзификација на економските активности во руралните области. Мрежата членува во Балканската мрежа за рурален развој, во PREPARE Партнерство за рурална Европа, и во европската LEADER мрежа за рурален развој. Таа има тесна соработка со Постојаната работна група (SWG), чие седиште е во Република Македонија.

Подготовки за LEADER

Мрежата за рурален развој вложи многу труд во поставувањето на основите за активности од типот на LEADER во земјата. Таа организираше цела низа работилници ширум земјата за да го објасни концептот на јавно-приватно партнерство во руралниот развој, поврзан со моделот LEADER. Учесниците на работилниците имаа можност да научат за основните принципи на руралниот развој, за тоа како да преземаат територијални анализи и да изготвуваат стратегии за локален развој. Локалните општини беа убедени да почнат со изготвување на локални стратегии за развој и да финансираат најмалку еден проект во секоја општина. Како резултат на тоа, во 21 општина беа изготвени стратегегии во согласност со седумте приниципи на LEADER. Во тек на последните четири години, создавањето на групи за локален развој слични со LEADER го помагаат проекти финансирани преку Шведската агенција за меѓународен развој (SIDA) и USAID. Овие стратегии и групи ќе ја сочинуваат основата на идната LEADER програма.

Локална власт

За правни и статистички цели, земјата е поделена на 8 плански региони. Од реорганизирањето во 2013 год., главните единици на локалната самоуправа беа 80 општини, од кои десет се во состав на главниот град Скопје. Големината на популацијата во општините варира меѓу 3.000 и 105.000. Тие имаат овластувања да ги зголемат локалните давачки за да го поддржат развојот во своите области. Нема генерален модел за локална самоуправа на ниво на села, но на иницијатива на локалното население може да се сформираат совети на селата.

Патувачки работилници

Двете групи на патувачките работилници во Република Македонија посетија вкупно осум општини – Старо Нагоричане, Струмица, Пехчево и Берово во источните региони и Крушево, Битола, Неготино и Кавадарци во јужните региони. Тие се сретнаа со земјоделци, сопственици на гостилници, други туристички капацитети, женски занаетчиски здруженија, селски заедници, црковни лица, општини и Локални акциски групи.

Музејот за народни носии во Режановце

Средба со селаните во училиштето во Режановце

Клучни теми

Во текот на патувачките работилници произлегоа следниве клучни теми кои понатаму беа елаборирани на националната конференција:

а. Кревкоста на руралните заедници, услуги и инфраструктура
б. Предизвиците со кои соочува заедницата на земјоделци
в. Улогата на претприемачите
г. Потенцијалот за соработка во земјоделството и во синџирот на исхрана
д. Можностите што ги нудат културно-историското наследство и туризмот
ѓ. Улогата на општините
е. Потенцијалот за LEADER
ж. Финансирањео и реакциите на ИПАРД.

Наведените теми се опишани и илустрирани подолу.

Кревкост на руралните заедници, услугите и инфраструктурата

Многу од руралните заедници во земјата како да се заробени во маѓепсан круг, кој може да се илустрира со слаба или ограничена економија, непостоење можности за вработување, високо ниво на невработеност, отселување на младите луѓе, намалување на бројот на население, намален квалитет на животот, сè поголемо иселување...

На пр., во општина Крушево е евидентирана стапка на невработеност од 34% и континуирано иселување на младите луѓе (заедно со многу кои имаат високо образование) поради немањето на работа. Во селото Логоварди (општина Битола), селското училиште последниве години има едвај пет или шест нови ученици, во споредба со 30 до 40 во 1990тите... Голем дел од селската популација страда од недостаток на основни услуги: на пр. во селото Тимјаник (општина Неготино) нема детска градинка за потребите на 500 домаќинства, што уште повеќе го отежнува барањето вработување за младите мајки. Инфраструктурата, т.е. патиштата, водоснабдувањето, канализацијата и електричната енергија исто така се крајно несоодветни во многу области. Овие слабости имаат многу штетно влијание на земјоделските стопанства и руралните претпријатија.

Исклучок од вака мрачната ситуација е тоа што најголем дел од руралните области имаат добра мрежна покриеност, многу подобро и од најголемиот дел од руралните области во Европа. Ова е голема предност за идниот развој на руралните претпријатија.

Село Режановце. *Во многу делови од Европската Унија, локалната загриженост поради недостатокот на услуги водела до директна иницијатива на селските заедници. Забележителен пример е селото Режановце во општина Куманово, кој докажува дека таков вид иницијатива може да се преземе и во Република Македонија. Луѓето од ова село , предводени од волонтерскиот совет на селото, изградиле основно училиште со сопствени средства. Ова е единствено село во земјата кое сторило такво нешто. Училиштето, со 80 ученици, сега го раководи општината. Наставниците, кои доаѓаат од градот Куманово, се финансирани од Министерството за образование. Родителите учествуваат во училишните активности, а постои и совет на родители од девет члена. Наставата се одвива на*

македонски и на албански јазик, а училиштето учествува вомногу мулитетнички проекти. Во училиштето е обезбедена една просторија за мобилен лекар кој, затоа што во селото нема амбуланта, доаѓа еднаш седмично. Во селото нема културен центар, но локалната заедница може да го користи училиштето за сите свои потреби. Училиштето стана општествениот центар на селото, институција од доверба и вредност за локалното население.

Предизвиците со кои се соочува земјоделската заедница

Малите семејни земјоделски стопанства во земјата се соочуваат со истите предизвици со кои и многу мали земјодлески стопанства во многу делови на Европа – недостаток на земјиште, недостаток на капитал, слаба преговарачка позиција во синџирот на снабдување со храна, ниски приходи. Најголем дел од најмалите земјоделски стопанства воопшто немаат регистриран статус и поради тоа не можат да конкурираат за мерките за поддршка од националните или од ЕУ фондовите. Многу од земјоделските стопанства со средна големина па дури и некои од големите,

Фарма на молзни крави во Старо Нагоричане

Квалификувани работници од Србија во процесот на производство на лозови калеми во Агрокалем, Тимјаник

имаат пречка поради неможноста да се стекнат со повеќе земја (делумно поради несигурноста во врска со регистарот на земјишни парцели), немањето капитал, цената на чинење на кредитите, слабата инфраструктура и многу други фактори. Некои страдаат од неповолните влијанија на климатските промени, поради зголемените температури и намалените врнежи: ова го наметнува и предизвикот за наводнување и развивање на стратегии за нови насади. Некои од земјоделците се обврзани да прекинат со монокултурното производство на тутун. Од овие и уште ред други причини меѓу земјоделците сè пошироко се распространува потребата за диверзифицирање на производите и секогаш кога е можно, додавање вредност за да се добие пристоен приход, но и да се зголеми конкурентноста преку соработка.

Две земјоделски стопанства *во селото Режановце, во општина Куманово, го илустрираат предизвикот со кој се соочуваат сите мали и средни земјоделски стопанства. Првото е неевидентирано семејно земјодлеско стопанство со имот од 4ha, делумно во приватна сопственост, а делумно под наем. Најголем дел од земјиштето се користи за да се произведе храна за две крави и свињи, а млекото се користи за производство на сирење и јогурт кои се единствениот извор на приходи за семејството. Им недостигаат машини, а не се во можност да обезбедат дополнително земјиште заради наемнината и наводнувањето. Тие не соработуваат со други, ниту пак членуваат во некое здружение. Примаат ограничени државни субвенции, плус советување од советодавните служби. Немаат добиено поддршка од ИПАРД.*

Овци на фарма за органско производство во Општина Пехчево

Второто земјоделско стопанство *е со големина од 30 ha, од кои 20 ha се изнајмени од државата, и главно произведува житарки и добиточна храна. Се соочува со тешкотии во обезбедувањето на цените за посевите пред почетокот на производството поради тоа што многу тешко се доаѓа до пазарни информации, а исто така, многу е тешко да се предвиди цената. Транспортните трошоци се исто така високи како и инвестирањето во земјоделски машини. Како и претходната фарма, и оваа добива државни субвенции и совети од советодавните служби. Нема добиено поддршка од ИПАРД поради обемната документација која е потребна и ретроспективното плаќање кое (според земјоделците) „може да се чека до две години, наспроти она од државата на кое се чека два месеца".*

Едно ***големо семејно земјоделско стопанство во Општина Старо Нагоричане*** *го илустира однесувањето на земјоделците. Ова е фарма за производство на млеко, со 140 млечни крави и 150 ha земјиште, изнајмено од приватни сопственици, за производство на добиточна храна и за провизија. Земјоделецот има два сина кои се надеваат да продолжат во земјоделството: за таа цел, тој ќе треба да ја удвои големината на своето земјоделско стопанство, но во моментов нема слободно земјиште на располагање. Тој нема планови за диверзификација или додавање вредност на неговите млечни производи, но треба да инвестира во посовремена опрема во што спаѓа и подобрување на хигиенските стандарди. Профитабилноста на неговото стопанство зависи од субвенциите, но тој изрази недоверба во владата и нема комуникација со неа, освен субвенциите. Тој не гледа потреба од соработка со други земјоделци.*

Улогата на претприемачите

Како и во Србија, постојат импресивни примери на претприемачи кои имале храброст и способност да започнат свое претпријатие, користејќи ги човечките и природните ресурси кои се на располагање во руралните области. Со додавањето вреднсот на локалните производи, тие создаваат скапоцени работни места во својот крај, нудат контакти на

локалните производители, а со тоа делуваат како движечка сила за локалните економии.

Попова Кула, *винарска визба, хотел и ресторан во општина Демир Капија е во целост приватна иницијатива со значајна инвестиција, современи производни методи и високо квалитетни производи.*

Во центарот на вниманието е производството на вино, се користи грозје купено врз основа на договори склучени со локалните земјоделци; а го прошири обемот на дејноста со хотел и ресторан со вкупно 27 вработени. Актуелни се дискусиите со локалните винарски возби за потенцијалот да се создаде вински пат во суб-регионот, но нема индикации дека е разбрана можноста за соработка со разнородни бизниси со што областа би се промовирала како туристичка дестинација. Сопственикот само коментираше дека веројатно општината не е заинтересирана за развивање на туризмот.

Агрокалем *е семејно претпријатие засновано на земјоделство во селото Тимјаник. Формирано е пред 15 години, а се специјализира во калемење и производство на лозови насади. Тоа е едно од само 3 такви претпријатија во земјата, кое произведува локални видови за потребите на локалните лозари, а се стреми и кон извоз во ЕУ. Агрокалем вработува 40 лица, меѓу кои и сезонски работници од Србија кои се специјализирани за калемење. Претпријатието функционира на земјиште изнајмено од државата. Бизнисот е граден внимателно, со реинвестирање на добивката и со банкарски заеми и владини грантови: не се обиделе да побараат ЕУ ниту ИПАРД средства. Имаат добра поддршка од страна на владините советодавни агенции за поддршка на земјоделството и советување од Факултетот за земјоделство. За регистрирањето на квалитетот и сертификацијата плаќа владата, таа ги помага да учествуваат на саеми како на пр. оној во Минхен како најголем саем за свежа храна. Во ова претпријатие ја согледуваат потребата за соработка меѓу производителите на вино и на трпезно грозје, со цел справување со неизвесната иднина. Агрокалем е член на Федерацијата на фармери, најголемото здружение во земјата.*

Потенцијалот за соработка во земјоделството и синџирот за снабдување со храна

Јасно е дека постои уште многу простор за претпријатија слични на погоре опишаните и за поразвиен модел на соработка меѓу производителите и во рамките на синџирите на снабдување со храна. Некои од тешкотиите на малите земјоделски производители може да се решат со меѓусебна соработка и со создавање на ефективни поврзувања во „синџирите за снабдување со храна" составени од производители, преработувачи и дистрибутери. Владата поддржува ваков вид соработка и поврзување, особено во оние индустрии кои придонесуваат во извозот на земјата со прехранбени производи.

Вила Дихово, *гостилница, во село Дихово (Општина Битола) е успешен семеен бизнис кој трае веќе 6 години, предводен од претприемач со иновативен дух (воедно и наставник) со мотото „дом далеку од дома".*

Се состои од гостилница со 4 соби и дополнително сместување за планинари, со домашно произведена и домашно зготвена храна, по принципот: „набери ја својата органска храна и пијалак", со придружни активности на отворено во соседниот национален парк. По потреба, може да се обезбеди дополнително сместување во селото. Просториите се изградени од самите сопственици, во рустичен стил и постојано се подобруваат. Сопственикот се труди да размислува како што „размислува посетителот, со добредојде и насмевка за секого, трудејќи се сé да биде јасно, едноставно и практично". Системот се базира на принцип без однапред утврдени цени, правила или дневен распоред. Сопственикот нема барано јавни субвенции ниту гранотви, ниту мисли да побара. Тој привлекува посетители од целиот свет. Гостилницата е член на движењето „Бавна храна (Slow Food)", кое ги поддржува локалните и производителите на органска храна; а соработува со други локални производители со цел на посетителите да им посужи добра храна.

Можности што ги нудат културно-историското наследство и туризмот

Земјата има исклучително богатство од природни предели, див свет, културно-историски споменици, традиционални занаети и други карактеристики. Таквото наследство е голема предност за градењето на колективен идентитет кај луѓето, за привлекување посетители и за развој на туризмот како растечки сектор на националната и руралната економија. Некои општини сакаат да го развиваат туризмот но сеуште не осмислиле како тоа да го сторат и (можеби и пресудно) како да се постигне негово креативно поврзување со другите сектори на пр. локално произведена храна и локалните занаети. Затоа, поголемиот дел од иницијативата во овие сектори лежи во рацете на индивидуалци или групи, без стратешки контекст.

Со седиште во Крушево, ***Женското занаетчиско здружение Цвет****, ги поддржува занаетчиите да продолжат да ги развиваат традиционалните занаети и локалната храна, пренесувајќи го знаењето од постарите на помладите генерации. Формирано пред 15 години, здружението сега има 60 работници и е најголемо претпријатие во општината. Тоа доби поддршка од шведската SIDA за развивање на производи и производство. Здружението успева да ги извезува своите производи во Европа и САД. Неодамнешната економска криза ги присили да ги намалат цените на своите производи како и платите на работниците кои (сепак) коментираат дека е „подобро џабе работи но џабе не седи".*

Црквата Св. Ѓорѓија во Старо Нагоричане, *со својата илјадагодишна историја и уметничка вредност на фрескоживописот, е признаена како национално, културно-историско наследство и потенцијална туристичка атракција. За жал, локалната заедница не е ориентирана*

кон развивање на туризмот, а црковните власти признаваат дека црквата сама по себе не е способна да донесе туристи во областа. Потребно е таа да стане дел од пообемна и побогата туристичка понуда, дополнета со други туристички локации во рамки на локална развојна стратегија која би можела да биде иницирана од општината.

Општината Старо Нагоричане и црквата Св. Ѓорѓија можат внимателно да го проучат примерот на една иницијатива во Словенија поттикната од потребата за стратешки контекст со помош на кој индивидуалните локации со културно-историски богатства би можеле да го развијат и искористат туризмот. Станува збор за создавање на патот на културно-историски споменици на Долењска и Бела Крајина, во 1990 год., со кој се опфатени повеќе од 30 индивидуални туристиички локации – секоја од нив премногу мала да генерира прилив на туристи, но здружени создале успешен регионален туристички производ

Улогата на општините

Општините имаат моќ да преземат иницијатива во локалниот развој; за таа цел, тие можат да ги зголемат локалните давачки, но и да побараат владини средства.

Општина Крушево *се наоѓа во планинскиот дел на југозападниот регион, со популација од 9.600 лица од кои 40% се рурално население. Општинскиот совет се труди да ја надмине сериозната слабост на локалната економија, која се согледува преку стапката на невработеност од 34 %, континуираното иселување на младите и образовани луѓе, намалување за 70% во традиционалното овчарство, непостоење на деловен развој освен во текстилот и висок степен на претпријатија со еден вработен. Советот смета дека локалното население се плаши од ризик, дека е со пост-комунистички менталитет на кој му недостасува претприемачки дух, луѓето се неподготвени да работат во партнерство со други, имаат склоност да ги напуштаат проектите по завршувањето на фазата на планирање, оставајќи го спроведувањето на јавниот сектор. Туристичкото здружение згасна, откако 2 години беше активно на еден прекугранично проект, а бројот на туристи е мал.*

За да се справи со овие проблеми, општината изготви стратегија која се фокусира на туризмот, создавање на зона за лесна индус-трија, привлекување на странски инвести-тори, обука и поддршка за започнување на бизнис и, подобрување на услугите и инфраструктурата (патиштa и водоснабдување) во околните 18 села. На туризмот се гледа како на главна дејност која има потенцијал за раст благодарение на убавите планински предели и културните богатства. Во општината се регистрирани 560 туристички легла, но има и дополнителни во приватните вили. Во последната деценија, 2,5 милиони € се инвестирани во туристички капацитети: тука спаѓаат 1,5 милиони € владини средства инвестирани во скијачките објекти, заедно со финансирања од USAID, UNDP, Светска Банка, прекугранични прогами на ЕУ и поранешни жители. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство смета дека ИПАРД средствата би биле соодветни за Крушево но општината ги одби како премногу комплицирани за користење.

Потенцијалот за LEADER

Согласно претходно споменатото, Мрежата за рурален развој и општините имаат голема зааслуга во поставувањето на основите за започнување со LEADER програмата. Во многу општини, веќе се изготвени стратегии за локален развој, а формирани се и групи за локален развој. Има многу способни луѓе во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор кои би презеле водство во формирањето партнерства како главна карактеристика на пристапот LEADER. Потоа, овие партнерства би можеле да станат водечката сила во изготвувањето на локалните стратегии за развој со висок степен на учество од страна на локалното население. Ваквиот начин на партиципативно планирање може да има голема важност за земјата во која регионалното планирање е централизирано и по сè изгледа не „го допира“ локалното население и неговите проблеми. Локалните стратегии можат да обезбедат кохерентен и интегриран контекст за локалните заинтересирани страни со помош на мерки (субвенции, промовирање на извозот, итн.), кои засега, се чини дека само делумно се користат .

Струмица. *Четири општини на југоистокот на земјата – Струмица, Василево, Босилово, Ново Село – имаат формирано локална акциска група и во моментов соработуваат со други локални заинтересирани страни во областа со цел формирање на Локална акциска група согласно LEADER пристапот. Воспоставена е добра*

Црква Св. Ѓоргија, Старо Нагоричане, Национален културно историски споменик

Производи на здружението на ткајачки Серафим , Општина Берово

Националната конференција во Скопје

соработка меѓу четирите општини и други заинтересирани страни, а групата добива и активна поддршка од Мрежата за рурален развој и Центарот за развој на југоисточниот плански регион со седиште во Струмица. Групата е во фаза на изработка на стратегија за локален развој. Досега се одржани три работилници на кои учествувале локални заинтересирани страни, а се разговарало за стратешки документ за формирање на ЛАГ и подигнување на свеста кај поширок круг на локални чинители. Вклучени се голем број на локални НВОи, на пр. ЕКО ХОРТИ и Slow Food (бавна храна) во чиј состав влегуваат жени и млади.

Иселувањето на младите луѓе е еден од проблемите на овој регион. Во него има области со интензивно земјоделство, но најголемиот дел од обработеното земјиште е поделено на мали парцели; тоа е причината поради која земјоделските стопанства едвај преживуваат. Производството е сконцентрирано на ограничен број на култури како пиерката, зелката и доматит,е кои сега се изложени на ризик поради климатските промени и губењето на традиционалните пазари. Токму затоа, потребна е диверзификација на културите. Неодамнешен проект за климатските промени покажа дека е потребно истражување на теренот, но и обука на земјоделците со цел проширување на асортиманот на културите и држење чекор со новите развојни правци. Потребно е да се подобри и квалитетот на пакувањето на производите: ова може да се поврзе и со апликации за статус и ознака „заштитено потекло". Голема корист може да донесе и соработката на земјоделците со други претпријатија во регионот, на пр. со преработувачки капацитети или со туристички претпријатија. Неопходни се и инвестиции во инфраструктурата, особено во снабдувањето со електрична енергија, водоснабдувањето и патиштата.

Финансирање и реакциите на ИПАРД

Патувачките работилници остварија средби со многу активни заинтересирани страни , меѓу кои имаше и такви кои се потпирале исклучиво на сопствени ресурси, но и многумина кои флексибилно користеле средства од бројни и различни извори меѓу кои банкарски заеми, билатерални донатори како USAID или SIDA (Шведската агенција за меѓународен развој), фондации од Турција и од други места, од општини, од Националните фондови за рурален развој преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, но и други владини извори како што е Министерството за култура. Користени се и проекти за прекугранична соработка (без финансирање од ЕУ) и на нив се гледа како на многу корисни во развивањето на соодветен пристап, технологја и пазари.

Гледајќи нанапред, заинтересираните страни понудија цела серија на видувања за идната финансиска клима: зголемени можности за извоз, но и зголемена конкуренција од странство; најверојатно постепено повлекување на билатералните донатори и фондации; потребата да се намали висината на кредитите; потребата за зголемени инвестиции од страна на владата во инфраструктурата и руралните услуги; потребата за достапност до владина поддршка но под реалистични услови. Последната од овие точки е добро илустрирана со коментарите на заинтересираните страни во врска со ИПАРД. Никој од нив не го има искористено овој фонд поради нивната убеденост дека станува збор за неприфатливо ниво на бирократија, ретроспективно плаќање за кое е потребно доста време за да се дојде до него, ограниченост во наоѓањето на партнерско финансирање и тешкотиите во процеот на аплицирање.

Заклучоци

Интегиран рурален развој. Претходно веќе го опишавме маѓепсаниот круг на слабите рурални економии, невработеноста, иселувањето, неадекватните рурални услуги и лошата инфраструктура. Меѓусебната поврзаност на сите овие елементи на слабост значи дека решението не треба да се бара во само еден од секторите на делување. За да останат во руралните области, на младите образовани луѓе треба да им се понуди и вработување и добри рурални услуги. Руралните претпријатија зависат од добрите базични услуги и инфраструктура. Токму затоа, политиките и активностите за рурален развој мора да бидат интегрирани, и мора да бидат прилагодени за да одговорат на специфичните потреби на секој регион и општина. Ова ја наметнува и потребата за јасно поврзување и надополнување помеѓу политиките на централната влада и стратегиите за локален развој на ниво на општини.

LEADER. Јасно е дека движечката сила за зајакнување на руралните заедници и руралните економии во Република Македонија мора да дојде од ресурсите и енергиите на јавниот сектор, кој го претставуваат владата и општините; приватниот

Село Режановце, Република Македонија

и комерцијалниот сектор претставен од земјоделците и претпријемачите и од граѓанскиот сектор претставен од луѓето кои живеат во градовите и селата. Пристапот LEADER за формирање на практични и конкретни партнерства на суб-регионално ниво, кој од првите пионерски обиди во 1991 год. е во широка примена во Европа, се докажа како моќна алатка за постигнување на поврзување на енергиите. Концептот LEADER веќе е познат во земјата и групите за локален развој и стратегии веќе се поставени како составни елементи за програмата LEADER. Новото семејство на стратегии и програми за периодот 2014 -2020, кое е во финална фаза на изготвување од страна на владата, може да го обезбеди неопходниот контекст за отпочнување со целосна LEADER програма.

Мерката LEADER е составен дел на национал-ната програма за рурален развој и ИПАРД шемите за финансирање за периодот 2014-2020. Постигнат е напредок во развивањето на потребното законодавство, но исто така е потребна и поактивна улога на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во операционализирањето на мерката LEADER. Веднаш по завршувањето на процесот на акредитација и административните постапки, Мрежата за рурален развој, во соработка со министерството, ќе ги собере луѓето на едно место за да се разменат искуства и знаења, за информирање и промовирање на активностите според пристапот LEADER. *Петар Ѓоргиевски, Мрежа за рурален развој, Република Македонија*

IPARD. Препорака е Владата и Европската Комисија внимателно да ги анализираат причините за слабото искористување на ИПАРД 1 и имајќи го тоа во предвид да направат соодветни измени при конципирањето на ИПАРД 2. Измените може да подразбираат подобро информирање, поедноставени процеси за аплицирање, намалена документација, советување за потенцијалните барателина нивен терен, побрзи плаќања и подобро објаснување за поврзаноста на ИПАРД со другите национални системи за поддршка.

Соработка и вмрежување. Зајакнувањето на руралните економии може да биде значително потпомогнато од зголемување на степенот на соработката и вмрежувањето меѓу постојните претпријатија. Таквата соработка може да ја зајакне преговарачката позиција на земјоделците и на другите претпријатија; да помогне во процесот на додавање вредност на руралните производи: да обезбеди ресурси за ефикасни маркетинг кампањи како и да го подигне гласот на руралните претпријатија во нивните преговори со владата. Некои од локалните претпријемачи добро ги разбрале придобивките од сето ова и активно промовираат соработката. Но, изгледа дека меѓу поголемиот дел од земјоделци и претпријемачи силно е изразен индивидуализмот и недовербата околу работењето заедно со други. Ова има своја историска позадина, но претставува пречка за развојот во рамките на еден пазарен систем. Многу проекти се започнати на иницијатива на надворешни донатори, но по повлекувањето на поддршката тие пропаднале.

Потребна е подолгорочна мотивација за да се разрешат културолошките инхибиции и да се постигнат придобивки од соработката и вмрежувањето. Мотивацијата може да се обезбеди со стимулации од владата како на пр. поддршка за формирање и функционирање на групи на производители; преку советодавни системи и преку публицитет и поддршка од страна на општините и Локалните акциски групи. Во поширока смисла, потребен е поголем степен на вмрежување меѓу сите заинтересирани страни од руралните области со цел да се добијат сите придобивки од размената на информации и добри практики во правец на јакнење на заинтересираните страни како примарни чинители на руралниот развој и како партнери на владата. Мрежата за рурален развој го обезбедува најзначајниот поттик за такво вмрежување и ја заслужува поддршката од сите заинтересирани страни од руралните области како и од Владата.

Градење на капацитети. Поради погоре опишаните причини, голем дел од заинтересираните страни од руралните области во Република Македонија веќе се соочуваат или можат во иднина да очекуваат дека ќе се соочат, со предизвикот на промената. Проблемот може да се појави поради климатските промени, модерната технологија, регулативите за хигиена, потрагата по нови пазари, потребата за воведување на нови житни култури, сложениот и напорен процес на изготвување и спроведување на стратегии за локален развој или од многу други причини. Справувањето со промените често бара храброст и нови вештини. Јасно е дека ќе има широко распространета потреба за советодавни услуги, обуки и други аспекти на изградувањето на капацитетите. Водечката улога во оваа област треба да преземат Владата, Мрежата за рурален развој, општините и Локалните акциски групи.

Поглавје 5

Проверка на реалноста во рурална Црна Гора

Црна Гора стекна независност во 2006 год. Во 2008та аплицираше за членство во ЕУ, а статусот земја кандидат го доби во 2010 год. Преговорите за пристапување започнаа во јуни 2012 година. Процесот на хармонизирање на националните системи со законодавството на ЕУ (acquis communataire) е во тек.

Население и економија

Црна Гора е доминантно рурална земја но со главно урбана популација (61%). Од вкупниот број од 620.000 жители, една четвртина живеат во главниот град Подгорица. Државата функционира со две нивоа на владеење – национално и општинско. Има две урбани општини кои се единици на Подгорица и 22 општини, секоја од нив организирана со град како центар во руралните региони, а бројот на население варира од 5.000 до 60.000. Во националната економија, доминира услужниот сектор со цели 72,4% од БДП. Индустријата, која е фокусирана главно на производство на алуминиум и челик и преработка на храна, учествува со 17,6% во БДП, а замјоделството со 7,4%. Туризмот, кој е концентриран на крајбрежјето и на градовите со историско значење, има голема важност за економијата со неговите над еден милион посетители секоја година. Туризмот, заедно со специфичниот рурален туризам, се смета за носечки столб на идниот економски раст, а инвестициите на владата во инфраструктурата се главно насочени кон таа цел.

Земјоделство

Земјоделството доминира во руралната економија. Пасиштата и ливадите зафаќаат 90% од земјоделското земјиште, а останатите 10% се главно наменети за хортикултура, лозови насади и овоштарници. Во структурата на земјоделството, доминираат мали семејни земјоделски стопанства кои го обезбедуваат целокупниот или најголемиот дел од приходот на над 50.000 рурални домаќинства од кои голем дел се на работ на преживување или под тоа ниво. Овие земјоделски стопанства поседуваат во просек 5ha, кои често се фрагментирани на повеќе помали парцели, со многу малку современи машини и ограничена примена на ѓубрива и пестициди. Најголем дел од земјоделците припаѓаат на позрелата старосна група со ниско ниво на образование. Синџирот на снабдување со прехранбени производи на локално и регионално ниво е слаб, голем дел од добиточната, и воопшто храната, се увезува од поранешните југословенски држави.

Идната на земјоделството

Гледајќи нанапред, Владата ја согледува потребата за итно зајакнување на земјоделскиот сектор со цел да се зголеми неговата динамичност и конкурентност како и неговата способност да ги апсорбира можностите што ги нуди членството во ЕУ. Целта е во ЕУ да се влезе без „земјотрес“ во земјоделскиот сектор туку со таканаречената „меко спуштање“. Потребно е да се нагласат силните страни на земјоделскиот сектор, меѓу кои спаѓа расположиво земјиште, конкурентни цени на некои производи, добри услови за органско земјоделство и потенцијал за додавање на вредност на традиционалните производи; искористување на можностите за зголемување на извозот на вино, овошје, зеленчук, јагнешко месо и други производи и јакнење на поврзувањето меѓу земјоделското производство, прехранбените индустрии и туристичката индустрија.

Министерот за земјоделство и рурален развој, проф. Д-р Петар Ивановиќ, обраќајќи се на завршната конференција, ја потврди потребата за промена на начинот на размислување на земјоделците во врска со земјоделскиот бизнис, во правец на поголема одговорност за сопствениот просперитет и нивниот придонес кон општеството. „Земјоделците треба да се придвижат кон нови идеи. Владата ќе понуди семинари и тркалезни маси за руралните семејства и за помладата генерација. Поддршката на владата ќе биде насочена кон земјоделските стопанства кои можат да бидат конкурентни: не можеме да им помогнеме на сите. Земјоделците мораат да работат сериозно и да бидат подобро организирани: „треба да препознаат дека можеме иако сме многу мали.“

Национални политики

Во 2009 год. беше усвоен законот за рурален развој, а владата ја отпочна Националната програма за производство на храна и рурален развој 2009 – 2013. Оваа програма беше фокусирана на одржливо управување со ресурсите, обезбедувањена стабилно снабдување со храна,

Тргнува првата патувачка група, предводена од Ратко Батаковиќ, Претседател на Националната мрежа за рурален развој

обезбедување адекватен животен стандард за руралната популација и зголемување на конкурентноста на прехранбените производи. Мерките се во согласност со структурата на Заедничката земјоделска политика (CAP) на ЕУ и се воведуваат постепено. Со помош од Светската банка, Министерството за земјоделство и рурален развој ја реализираше МИДАС програмата за поддршка на земјоделските и претпријатија за производство на храна. Тоа го формираше и својот оддел за рурален развој, кој ќе делува како Управувачко тело за Политиката за рурален развој и Платежна агенција која се очекува да биде акредитирана до крајот на 2014.

IPARD

Како земја кандидат, Црна Гора може да добива помош преку ИПАРД. Работата на ИПАРД програмата започна во 2010 год., а предлог програмата за ИПАРД 1 беше поднесена до Европската Комисија во 2012 год. Сепак, националните структури задолжени за имплементација и потенцијалните корисници тогаш сеуште не беа подготвени за користење на ИПАРД 1. Владата во моментов ја изготвува апликацијата за ИПАРД 2, паралелно со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој. Се очекува ИПАРД програмата да се фокусира на мерките поврзани со инвестиции во поголеми земјоделески стопанства; инвестиции во преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски и производи од риба; и, диверзификација и развивање на руралната економија.

Контакт на владата со заинтересираните страни

Обраќајќи се на Завршната конференција, Министерот за земјоделство и рурален развој искажа поддршка за принципот оддолу-нагоре. Тој извести дека на консултациите за новиот буџет за поддршка на земјоделството учествувале 1.600 земјоделски производители. Владата е подготвена да соработува со здруженијата: таа ги користи парите од данокот на игрите на среќа за поддршка за формирањето на НВОи, вклучително и здруженија на производители. Владата очекува локалните НВОи делумно да се финансираат од сопствената членарина, а делумно со поддршка од општините. Не е јасно дали општините го споделуваат овој став.

Мрежа за рурален развој

Мрежата за рурален развој на Црна Гора игра важна улога во мобилизирањето на граѓанското општество и промовирањето на концептот на руралниот развој. Формирана е во 2012 год., со цел промовирање на руралниот развој преку размена на информации, идеи и најдобри практики и промивирање на партнерство и јакнење на капацитетите на нејзини членки. Нејзината визија е активно учество на руралното население во општествениот, економскиот и културниот развој, во зачувувањето и заштитата на културно-историското наследство во областите во кои живеат. Засега, Мрежата има 18 НВОи како формални членки, секоја од нив со седиште во посебен град, плус бројни специјализирани советници кои обебедуваат контакт со другите градови. Повеќето од НВОите членки се најмногу заинтересирани за заштита на животната средина, промовирање на културно-историското наследство, образованието и социјалните проблеми. Мрежата се стреми постепено да го прошири своето членство, со визија целосно географски да ги покрие руралните области во земјата и, во најскоро време, да може да зборува во име на најголемиот дел од руралната популација. Планира работилница за пренесување на знаења за техниките на руралниот развој стекнато кај Локалните акциски групи и конференција за семејните земјоделски стопанства.

Во 2012 год. Мрежата беше коорганизатор на конференцијата под наслов „Улогата на граѓанското општество и руралниот развој во земјите на Западен Балкан“ на која учествуваа 40 лица од шест земји од регионот. Во 2013 год., Мрежата обезбеди два значајни договори со кои ја зајакна својата позиција. Првиот – со мрежите за рурален развој на Србија и на Република Македонија, договори формирање на Балканска мрежа за рурален развој, која ја ужива поддршката од Постојаната работна група (SWG). Второто – потпиша Протокол за соработка со Министерот за земјоделство и рурален развој: со кој се обезбедува взаемна поддршка и соработка со почитување на автономијата на Мрежата. Понатаму, многу од НВОите членки на Мрежата имаат добри односи со општините: клучни членови на некои од НВОи се вработени како персонал или консултанти на општините. Мрежата го постави првиот сеопфатен веб портал во доменот на земјоделството и руралниот развој - *www.ruralportal.me.*

Патувачки работилници

Обете групи на патувачките работилници ја посетија Подгорица, а потоа секоја замина понатаму во општините – Даниловград, Нишиќ и Вирпазар (општина Бар), кои се релативно близу до главниот град; и Цетиње, Колашин и Томашево (општина Бијело Поље), пооддалечени од Подгорица. Се покажа дека оваа разлика има свое значење од аспект на тоа колку е лесно или тешко да се продадат земјоделските производи на урбаната популација. Групите посетија вкупно 14 претпријатија, сите поврзани со производство на различни видови храна, и тоа – говедско месо, млеко, сирење, јаболка, дренки, печурки, билки, вино, зеленчук и мед.

Земјоделство во ридски предели во близина на Жабљак, Црна Гора

Клучни теми

Во текот на патувачките работилници произлегоа следниве клучни теми кои беа елаборирани на националната конференција:

а. Улогата на динамичните претпријатија
б. Важноста на задругите и здруженијата
в. Важноста на поддршката од владата
г. Потенцијалот што го нуди туризмот
д. Поширокиот обем на руралниот развој
ѓ. Улогата на општините
е. Потребата за зајакнување на институционалните капацитети

Овие теми се опишани во продолжение.

Улогата на динамичните претпријатија

Патувачките групи беа импресионирани од претпријатијата со кои се сретнаа; повеќето од нив раководат со мали семејни претпријатија со силен дух со мотото „ние можеме“, кои ги користат човечките и природни ресурси достапни во руралните области. Некои од нив се фокусирани на традиционални производи, некои на иновација, но сите тие, на различни начини, градат динамични претпријатија, наоѓаат пазари, создаваат работни места во руралните области, а во некои од случаите ги поврзуваат групите од мали производители и им нудат договори кои носат стабилност во руралната економија.

Драгица Мирјачиќ *раководи со мало иновативно претпријатие со седиште во селото Бршно близу Никшиќ. Таа и нејзиниот сопруг поседуваат овоштарник со сливи, јаболкници и праски од чии плодови тој произведува повеќе видови ракија (сливовица), главно за лична употреба. Таа формирала динамично претпријатие за производство на сокови, алкохолни пијалаци и џем од плодот на дреновото дрво (дренка: латинско име: cornus mas). Таа ова успешно го продава во, но и пошироко од Црна Гора, преку контакти со туристички организации, регионални саеми и НВОи во Австрија, Хрватска, Босна и Херцеговина. Таа ни раскажува дека никој друг во селото не е заинтересиран за тоа ниту за некаков друг бизнис, но некои луѓе во другите села го забележале потенцијалот на дренката и се обидуваат со производство на слични производи.*

ЈСЦ Плантаже. *Со ососема поинаков обем е винарската компанија „ЈСЦ Плантаже“, која произведува 17 милиони*

Винарската визба на компанијата „ЈСЦ Плантаже“, која извезува вино во 40 земји

Фабриката за сирење „Цево Катуњанка“ во Даниловград

шишиња вино секоја година и извезува во 40 земји. Ова е најголемата извозна комоанија во Црна Гора, со 800 награди на меѓународни саеми. Компанијата има 700 вработени и 200 сезонски работници за гроздоберот, на своите површини од 2314 ha лозови насади, а купува грозје и од малите производители во регионот.

Значењето на задругите и здруженијата

Во некои делови од руралната економија, малите претпријатија се стекнуваат со предност ако работат заедно. Задругите и здруженијата можат да им помогнат на производителите да постигнат посилна позиција отколку онаа што би ја имале како индивидуални производители, и се подобро позиционирани во смисла на можноста да влијаат врз општинските или врз владините политиките. Министерот за земјоделство и рурален развој изјави дека го поддржува новиот закон за задруги. Тој ја потенцираше улогата на здруженијата во помагањето на нивните членови да разберат како функционира пазарот: Владата е подготвена да ја поддржи ваквата активност на здруженијата.

Владо Вукотиќ *раководи со фабрика за сирење „Цево Катуњанка“ во Општина Даниловград. Тоа е семејна компанија, со седум вработени со полно работно време, користи млеко кое се набавува врз основа на индивидуални договори со 40 локални производители. Компанијата е во состав на кластерот на производители на сирење во јужна Црна Гора, кој има формирано задружна маркетинг групација. Г-н Вукотиќ има голема корист од посетата на семинари и информативни состаноци организирани од Министерството и Трговската комора. Тој би сакал да биде во можност да повлече поголема количина висококвалитетно млеко, и да ги види млекопроизводителите организирани во здружение.*

Марјан Плантак *е пионер во доменот на пчеларството, како прв сертифициран производител на органски мед. Тој е активен член на Националноато здруженија на пчелари кое има 2.000 члена. Ова здружение ја ужива довербата на владата која му додели програма за помош, во рамки на програмата МИДАС, за поддршка на пчеларите за купување на современа опрема и мониторинг на соодветно користење на опремата.*

Значењето на владината поддршка

Многу од претприемачите се изјаснија дека високо ги ценат информациите, советите и финансиската поддршка кои ги обезбедува- ат Министерството и службите за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Владата го поддржа создавањето на здруженија како што е „Органска Црна Гора“ – национално здружение на органски производители кое во моментов брои 30 члена.

Семејството Пантовиќ, *раководено од млад земјоделец по потекло од Канада, произведува млеко и месо. Тие имаат голема корист од учеството на информативните состаноци кои ги организираше Министерството за земјоделство и рурален развој. Добија грант преку националната програма МИДАС за изградба на нова штала. Тие членуваат во здружението на сточари.*

Марјан Плантак, Пионер во органско производство на мед

Веселин Јовановиќ го покажува своето оранжериско производство на билки и зеленчук

Браќата Рајковиќ на нивното мало лозје во Куќи

Семејството Богдановиќ, *близу Подгорица, има добиено поддршка од програмата МИДАС за проширување на нивното претпријатие за производство на печурки. Со тоа е поддржано вработувањето на пет постојани и двајца сезонски работници. Печурките ги продаваат на пазар и по продавници и ресторани. Семејството ја согледува потребата за инвестирање во подобра опрема која ќе им помогне подобро да се справат со осцилациите во побарувачката.*

Веселин Јовановиќ *раководи со семејно земјо-делско стопанство , со 15 ha производство на отворено и 11.000 квадратни метри под оранжерии, произведува зеленчук и билки. Имаат помеѓу 10 и 15 вработени со полно работно време, зависно од сезоната и веќе се доволно крупен производител кој има национално значење на пазарот за директна продажба. Голем дел од своето стручно знаење го стекнал преку посетувањето на семинари организирани од Владата, но исто така добил помош и од Универзитетот. Тој добил заем преку националната програма за да го изгради системот за загревање на оранжериjата.*

Потенцијалот што го нуди туризмот

Во моментов, туризмот во Црна Гора е концентриран долж јадранскиот брег, вклучувајќи ги и центрите за масовен туризам Херцег Нови, Бар и Будва и градот со историска важност заштитен како дел од светското културно наследство – Котор, кој исто така се наоѓа во крајбрежниот регион. Крајбрежниот туризам нуди огромен потенцијален пазар за прехранбени и занаетчиски производи, градежни материјали и други производи од остатокот на Црна Гора. И покрај тоа, поради лошата патна мрежа и релативно неразвиениот синџир на снабдување со храна, овој потенцијал не успеал да донесе посериозна корист за релативно неразвиениот ридско-планински дел од Црна Гора. Во таа смисла, постои голем потенцијал за развивање на трговијата со селото. Понатаму, Министерството за земјоделство и рурален развој согледува потенцијал за развивање на руралниот туризам во северните региони, како начин за диверзифицирање на руралната економија и зголемување на пазарот на директна продажба на храна и други производи во регионот.

Прехранбени, терапевтски и козметички производи на Лидија Мартиновиќ

Некои претпријемачи веќе ја имале таа идеја.

Двајцата браќа Рајковиќ *ги комбинираат производството на вино и туризмот на нивниот мал имот во Куќи. Засега обработуваат само 1 ha, но се надеваат да го зголемат на 3 ha. За својата инвестиција добиле грант преку МИДАС програмата. Тие се активни во националното здружение на лозари, го презентираат своето вино на саеми и имаат голема корист од добро брендирање и директните продажби.*

Лидија Мартиновиќ *припаѓа на третата генерација земјоделци и пчелари во општината Цетиње. Таа веќе има извршено диверзификација на своите производи поврзани со храна, терапија и козметика. Таа практикува само директна продажба, во соработка со туристички агенции и со уште шест производители на мед, здружени во мало пчеларско здружение. Се надева да го прошири својот бизнис и да инвестира во простории за да може да ги продава своите производи на посетителите на нејзината фарма.*

Поширокиот обем на руралниот развој

Во изминативе години, Владата посвети најголем дел од своите напори и фондови во областа земјоделство и рурален развој, со цел унапредување на конкурентноста на поголемите и на земјоделските стопанства со динамичен претпријемачки дух и на претпријатија за преработка на храна. Тоа е сосем разбирливо од аспект на потребата за јакнење на националната економија, учеството што земјоделството и прехранбената индустрија го имаат во БДП заедно со потребата тие индустрии да се подготват за конкуренцијата на која ќе бидат изложени по влезот на Црна Гора во ЕУ. Но, овие приоритети не се од голема корист за многу малите, семејни земјоделски стопанства во ридско-планинските делови на земјата, каде просечната големина на едно земјоделско стопанство е помалку од 2 ha, а приближно половина од земјоделците се постари од 55 години. Се чини дека Владата е задоволна од фактот што многу од тие стопанства постепено ќе исчезнат или ќе бидат припоени, предизвикувајќи намалување на вкупната стапка на вработеност на земјоделското земјиште, а со тоа и дополнителен притисок врз одржливоста на заедниците во тие области. Исто така, сеуште не е обрнато внимание на потенцијалот за додадена вредност на дрвената граѓа и другите производи од огромните површини во државна или приватна сопственост во шумарството - главно бука и бор – во планините. Овде особено, но не само во овие високо планински краишта, е неопходно пошироко фокусирање на зајакнувањето на руралните економии и на одржување на услугите и инфраструктурата кои им се потребни на руралните заедници.

Улогата на општините

Општините имаат овластувања да ги зголемат даноците и да ги вложат парите во локалниот развој. Министерството за земјоделство ги охрабрува општините да изготвуваат сопствени стратегии за локален развој. Од општините, досега само Пљевља има изготвено таква стратегија. Другите општини, како Будва, Никшиќ и Жабљак, се во процес на изготвување, вклучувајќи ги и јавните расправи. Сепак, на заинтересираните страни сеуште не им е јасно како општинските стратегии ќе се поврзат со владините активности во овој домен. Вработените во двете големи општини, Никшиќ и Пљевља, кои заедно сочинуваат 60% од земјата и се главно планински, се многу загрижени за перспективата на руралните области во нивните општини. Тие самите гледаат дека руралното население и економијата заснована на земјоделство се намалуваат. Се обидуваат да и помогнат на земјоделската заедница да се диверзифицира и осовремени, со тоа и да ги задржи младите луѓе во селата, но тие располагаат со многу ограничени средства за рурален развој – 120.000 € годишно за општината Пљевља.

„Владата, локалните власти и локалното население мораат да соработуваат во конструктивен тираголник. Помина времето кога целата одговорност беше во рацете на Владата. Сега мораме да се свртиме кон луѓето кои преземаат сопствена иницијатива. На ниво на селата, има многу простор за лидерство, од оние кои ја заслужуваат довербата на локалното население и кои можат да преговараат и да презентираат предлози пред општините. Општините може да помогнат така што ќе ги обучат луѓето во врска со процедурите и ќе го променат наивното убедување дека Владата ќе ги даде сите 100% од потребните пари. Луѓето мора да сакаат, и да им се овозможи да соработуваат.“ *Проф. Д-р Петар Ивановиќ, Министер за земјоделство и рурален развој*

Потреба за јакнење на институционалните капацитети

Она што владата го согледа - потребата за јакнење на сопствените капацитети за менаџирање со програми за рурален развој, во голем степен се рефлектира и во другите сектори на национално ниво. Досега, не постои механизам за координирање на активностите на различните министерства и владини агенции поврзани со активностите во руралните средини. Образовните системи не нудат наставни планови поврзани со локалниот развој, се чувствува сериозен недостаток од обучени кадри на сите нивоа, а воедно и недостаток на систематизирани информации во овој сектор. Досега не е направен сериозен напредок кон усвојувањето на LEADER пристапот, освен формирањето на Агенција за регионален развој за Комово и Бјелашница и Фондација за развој на северот, фокусирана на општините Никшиќ и Пљевља. Сето тоа се причини поради кои е итно потребно зајакнување на институционалната рамка, градење на капацитетите и обуки.

Заклучоци

Црна Гора бележи значителни постигнувања во областа на руралниот развој, со главен фокус на промовирањето на конкурентноста во земјоделството и прехранбената индустрија. Владата согледува дека мора итно да продолжи со процесот на развивање на целосна институционална основа потребна за да се продолжи со сеопфатен пристап кон руралниот развој, напоредно со градењето на поблиски и посилни партнерства меѓу владата и заинтереси-раните страни од руралните области. Во главните елементи на институционалната рамка, јасно мора да бидат вклучени:

- Ажурирана национална стратегија за земјоделство и рурален развој, со поддршка од програмата ИПАРД 2 договорена со Европската Комисија и оперативна на ниво на децентрализирано управување.

Групата ужива во изобилството од локални производи

- Програма за постепено воведување на LEADER пристапот , надградена од веќе започнатите иницијативи од страна на Националната Мрежа за рурален развој и од интересот на општините, трговските здруженија и НВОи кои работат во областа на руралниот развој

- Изготвување и завршување на страте-гиите за локален развој за главните рурални региони, од страна на општините или (како што постепено ќе се формираат) суб-регионалните партнерства од типот на LEADER.

- Воспоставување на јасна и транспарентна релација помеѓу (од една страна) програмите за национален рурален развој и ИПАРД 2 и (од друга страна) стратегиите за рурален развој изготвени од општините и суб-регионалните партнерства.

- Прогресивно зајакнување на семејството на НВОи кои делуваат во доменот на руралните прашања и на Националната мрежа за рурален развој како централна точка на ова НВО семејство.

- Продолжување на владините услуги за поддршка и активни системи за информирање, со тоа што вниманието веќе нема да се задржи само на земјоделството и производството на храна туку исто така и на пошироките аспекти на руралната економија и руралното живеење.

- Создавање на структурирана основа за поврзување меѓу владата и организациите кои ги претставуваат заинтересираните страни, со цел забрзано градење доверба меѓу двете страни и унапредување на учеството и градењето партнерства во процесот на рурален развој.

- Програма за образование, обука и градење на капацитети што ќе бидат на располагање на сите сектори, за да се решат постојните недостатоци од вештини и стручни знаења кои инаку би можеле да бидат пречка во исклучително важниот развоен процес. Оваа програма може заеднички да ја започнат Владата, Универзитетите и Националната мрежа за рурален развој.

Мораме да го развиеме нашиот човечки капитал. Треба да ги охрабруваме луѓето од дијаспората да се вратат во Црна Гора. Во договорите кои се потпишуваат меѓу Владата и земјоделците треба да ги вклучуваме и жените и децата. Треба да обезбедиме стипендии за младите од руралните средини и да ги убедиме да се вратат во родниот крај штом ќе ги завршат студиите. Треба да снимиме филм кој ќе ги прикажува успешните претприемачи, за да се сподели гордоста да се биде богат. *Проф. Д-р Петар Ивановиќ, Министер за земјоделство и рурален развој*

Поглавје 6

Искуството од четири земји

Учесници во патувачките работилници во Србија, Република Македонија и Црна Гора беа голем број функционери и претставници на НВОи од четири други земји - Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Турција. Министрите или нивни претставници од овие земји присуствуваа на завршната конференција во Брисел на 8 април 2014 година.

Реакцијата на тие учесници, како и изјавите на Министрите се искористени во ова поглавје, со цел за секоја земја накратко да се претстави предизвикот во однос на руралниот развој: процесите што ги спроведува владата; заинтересираните страни од руралните области;начините на кои заинтересираните страни од руралните области можат да учествуваат во формулирањето и спроведувањето на програмите за рурален развој, како и перспективите за идните релации меѓу овие клучни чинители од руралните и администрациите.

Албанија

Албанија прв пат гласаше за демократски избрана влада во април, 1992 година. Заедно со уште неколку други земји од Западен Балкан, за време на Солунскиот самит на Европскиот совет во јуни 2003 година, Албанија беше препознаена како потенцијален кандидат за членство во ЕУ. Врз основа на препораката од Европската комисија, Европскиот совет на Албанија ѝ додели статус на земја-кандидат во јуни, 2014 година.

Економија. Во 1992 година, новата влада започна со амбициозна реформска програма за запирање на економскиот пад и лансирање на земјата на патот кон пазарна економија. Земјата е богата со природни ресурси, меѓу кои се нафтата, земјоделските производи, дрвената граѓа, минералите и хидроенергијата. Економијата се заснова на овие ресурси, како и на туризмот и текстилната индустрија. Пред 2008 година, Албанија беше една од најбрзо растечките економии во Европа. Финансиската криза тешко ја погоди. Нивото на сиромаштија порасна до 14,3%, а невработеноста достигна 16,9% во 2013 година. Пазарот на трудот во Албанија забележа драматична промена од земјоделски кон индустриски, туристички и други услуги. Од вкупното население кое брои 3,1 милиони, помалку од половината сега живеат во руралните области.

Земјоделство. И покрај ваквата промена, земјоделството сепак останува еден од најголемите и најважните сектори во Албанија. Тоа е одговорно за половина од вкупната вработеност, како и за околу 20% од националниот БДП. Главните земјоделски производи се пченица, пченка, компири, зеленчук, овошје, шеќерна трска, грозје, месо и млечни производи. Земјоделскиот сектор постојано се соочува со бројни предизвици, како што се малата големина на земјоделските стопанства и фрагментацијата на земјиштето, лошата инфраструктура, пазарните ограничувања, ограниченият пристап кон кредити и грантови, неадекватни рурални институции, чувствителноста на климатските промени и потребата од подобрено управување со водните ресурси.

Поддршка од Европската унија. Албанија беше корисник на три последователни фази на претпристапна помош од Европската унија - PHARE, CARDS и сега ИПА програмата. Таа постигна значителен напредок во подготовката за децентрализирано управување со фондовите на ИПА. Комисијата очекува апликација за програмата ИПАРД 2, со финансирање што би започнало најрано во 2015 година. „Извештајот за напредокот на Албанија“ што го објави Европската комисија во октомври 2013 година бележи дека Албанија има постојан напредок во усогласувањето на своето со европското законодавство (acquis communautaire). Исто така, а релевантно за овој извештај, се вели дека:

„Албанија постигна понатамошен напредок во насока да стане функционална пазарна економија и, среднорочно, треба да биде подготвена да се справи со конкурентниот притисок и пазарните сили во Унијата, под услов да ги забрза своите структурни реформи ...“

„Се очекува усвојување на стратегијата 2014-20 за земјоделство и рурален развој. Продолжија подготовките за управување и контрола на фондовите за рурален развој во рамки на ИПАРД. Првиот повик за

поднесување понуди во рамки на шемата која е слична на ИПАРД беше објавен во декември 2012 година, а по него следеше втор повик, во април 2013 година."

„ Во областа на земјоделството и руралниот развој е постигнат ограничен напредок." Подобрена е земјоделската статистика. И покрај тоа што е веќе воспоставена административната структура за спроведување на шемата ИПАРД, сите вклучени елементи на системот за управување и контрола треба значително да се зајакнат за да можат да ги спроведуваат нивните соодветни функции. Севкупно, подготовките во оваа област не се многу напреднати."

„Во областа на позиционирање на пазарот на храна, добиточна храна и нус-производи од животинско потекло, динамиката е бавна, со исклучок на ажурирањето и потврдувањето на базата на податоци на погони за производство на храна... која сега брои 17.800 единици."

Од гледна точка на Владата. Едмонд Панарити, Албанскиот Министер за земјоделство, рурален развој и водостопанство, говорејќи на завршната конференција во Брисел, изрази силна поддршка за пристапот оддолу-нагоре во однос на руралниот развој и постигнувањето на зголемена продуктивност.

Тој рече дека промената во неговата земја, од централизирана во демократска влада ги натерала земјоделците да го променат својот менталитет. Поддршката на Владата кон нив повеќе не претставува прашање на социјална заштита, туку е насочена кон нивно стимулирање да креираат ефикасни бизниси и да придонесат за растот на економијата. Пред да ги воспостави неговите тековни политики, тој се консултирал со групи на производители и други заинтересирани страни, и бил изненаден од позитивните повратни реакции. Групите на производители побарале поддршка за заедничките активности, на пример за градење капацитети за складирање и ладење. Тие изразиле желба за нова технологија, насочена кон подобрено производство. Ваков бил и одговорот од страна на планинските земјоделци, кои недвосмислено би имале придобивки од погенерализирана индивидуална поддршка. Неговите политики опфаќаат субвенции за регистрираните земјоделци и употреба на фискални мерки. За да ги разјасни проблемите околу овие политики, Министерот користи ад хок комитети, во кои учествуваат самите заинтересирани страни: нив ги гледа како „џудо тимови со црн појас" кои се способни ефикасно да се справат со проблемите. „Ако работите само одгоре-надолу, може да пропуштите некои важни трикови."

Застапување за LEADER. Институтот за демократија и посредување (IDM) со седиште во Тирана е активно вклучен во руралните проблематики во Албанија. Во октомври 2013 година, PREPARE и IDM заеднички организираа конференција со наслов „Локален развој во Албанија предводен од заедницата". Присуствуваа повеќе од 100 учесници од сите делови на Албанија, главно од граѓанскиот сектор и локалните управи, вклучително и заменикот Министер за земјоделство, рурален развој и водостопанство. Голема беше присутноста и на мас-медиумите, па настанот доби голем публицитет.

Конференцијата беше фокусирана на предизвиците со кои се соочува граѓанското општество во однос на локалниот развој во Албанија. Беше прифатено дека формирањето и активноста на Локални акциски групи, т.е. суб-регионални партнерства со целосно учество на граѓанското општество, ќе имаат клучна улога во соочувањето со овие предизвици и постигнување општествена еднаквост, одржлив економски развој и раст на општествениот капитал. Во февруари 2014 година, на тркалезна маса што беше одржана во Тирана по иницијатива на HBO Quodev, беше договорено да се формира мрежа на Локални акциски групи.

Говорејќи на завршната конференција за Западен Балкан во Брисел, г-ѓа Анила Вендреша, извршен директор на HBO Quodev, живо расправаше за создавањето и поддршката на локални акциски групи во Албанија според типот на LEADER. Таа рече дека апетитот на руралните заинтересирани страни за учество е доста добар, а LEADER може да го стимулира тоа учество. Локалните акциски

групи можат да ги зближат луѓето со различни гледишта и да помогнат да се создаде култура на консензус во однос на приоритетите за руралниот развој. Тие можат да го поттикнат иноваторството, преземањето ризици и инвестирањето, нешто што е многу потребно во Албанија: луѓето се можеби исплашени да преземат ризици, а Локалните акциски групи можат да обезбедат одредени мерки на заштита. Локалните власти во Албанија сè уште не се искусни во локалниот развој, а Локалните акциски групи можат да влијаат врз нив да бидат поодговорни и поактивни. Потребни се повеќе финансиски средства за да им се помогне на новите Локални акциски групи да сепрошират и да го изградат сопствениот легитимитет. Таа изјави дека поддршката од PREPARE и ELARD ќе бидат добредојдени за градење на капацитетите во Албанија.

Quodev беше формирана од страна на Oxfam UK во 2013 година за да ја продолжи работата на основачот во Албанија, која започна во 1993 година во некои од најоддалечените и најмаргинализирани рурални области. Во почетокот, Oxfam поправаше канали за наводнување, снабдување со вода за пиење, мелници и мостови, а им помагаше и на земјоделците со нови техники за земјоделство. Од неодамна, тие се фокусирани на создавање одржлива егзистенција преку работење со мали производители, опфаќајќи го целиот синџир на снабдување, од фарма до пазар. Таа има поддржано земјоделски здруженија и задруги за производството на широк дијапазон на локални производи што се пласираат на пазарот.

Целите на Quodev се да гради капацитети, ресурси и партнерства за промовирање на одржлив локален развој, да спроведува проекти од областа на руралниот развој и активно да се залага за истражување и застапување на одржлив рурален развој. Тоа се труди да развие партнерства за локален развој по моделот на ЕУ, со акцент на улогата на жените. Ја носи лидерската улога во вмрежувањето на локалните акциски групи од типот на LEADER во Албанија. Во февруари 2014 година, како последователен настан на претходната конференција за локалните акциски групи одржана во Разем, здружението беше домаќин на тркалезна маса со партнери и членови на локалните акциски групи. Учесниците се договорија за програмата за зајакнување на капацитетите и размена на информации. Членовите на локалните акциски групи ќе се среќаваат двапати годишно. Quodev ќе ја координира мрежата и ќе се погрижи локалните акциски групи да станат препознатливи и активни кај владините агенции и во граѓанското општество.

Босна и Херцеговина

Босна и Херцеговина има дводомно законодавство и тричлено претседателство составено од претставници на сите најголеми етнички групи. Меѓутоа, моќта на централната влада е прилично ограничена, бидејќи земјата е во голема мера децентрализирана и составена од два автономни субјекти - Федерацијата на Босна и Херцеговина и Република Српска, како и трет регион, тоа е дистриктот Брчко, којшто е под локална управа. Федерацијата на Босна и Херцеговина, самата по себе, е доста сложена и се состои од 10 федерални кантони. Последното ниво на власт е претставено со општините, од кои 79 се наоѓаат во Федерацијата на Босна и Херцеговина, а 63 се во Република Српска.

Население и економија. Војните во Југославија во 90-тите години на XX век предизвикаа големи раселувања на населението, во самата земја, но и надвор од неа. Пописот од 2013 година откри дека вкупното население изнесува 3,8 милиони за разлика од 4,4 милиони во 1991 година. Околу 60% од сегашното население живее во руралните области. Босна и Херцеговина се соочи со двоен проблем што ги опфаќа обновувањето на земјата расцепкана од војните и воведувањето на либерални пазарни реформи во претходно мешаната економија, којашто била сочинета од мошне значајна тешка индустрија и земјоделство главно засновано на приватни земјоделски стопанства. Физичката инфраструктура на земјата беше тешко оштетена во текот на војните и сè уште е евидентно високото ниво на невработеност.

Луѓето се решавачкиот капитал за развој: ако инвестираме во нив, тогаш и финансиската поддршка ќе има позначителен и поконкретен ефект. Ивица Сиврић, агенција за развој REDAH, БиХ

Земјоделство. Земјоделството е сè уште многу важен дел од националната економија бидејќи обезбедува неопходно ниво на прехранбени производи за своето население и учествува со околу 10% во националниот БДП (13% во Република Српска, 6% во БиХ). Земјоделско-прехранбената индустрија е учествува со дополнителни 8% и нејзиното учество постојано се зголемува. Земјоделското земјиште сочинува 47% од националната територија. Околу една петтина од неа е прилагодена за интензивна обработка, а производството на зеленчук, пченка, компири и други насади од ова земјиште е одговорно за околу две третини од вредноста на сите земјоделски производи. Околу 100.000 хектари се насадени со овоштарници и лозови насади. Останатото земјоделско земјиште главно опфаќа ливади и планински пасишта, погодни за сточарство и производство на млечни производи. Најголемиот дел од имотите се мали семејни земјоделски стопанства, од кои околу половината се помали од 2 хектари и главно функционираат на ниво на преживување.

Помош од Европската унија. Земјата е потенцијален кандидат за членство во Европската Унија. Таа користела помош од ЕУ во рамки на програмите PHARE, CARDS и ИПА (види го примерот подолу). Меѓутоа, нејзиниот напредок за влез во ЕУ, а со тоа и пристапот кон ИПАРД се отежнати поради институционалната поставеност на земјата.

Во 2012 година, 0.4 милиони евра од фондовите на ИПА беа обезбедени за поддршка на развојот на екотуризмот во Националниот парк Сутјеска, кој претставува една од само две пра-шуми во Европа и има еден од најсложените екосистеми во Југоисточна Европа. Со тоа се подигна и услужниот сектор и се поттикна

производството на екотуристички производи и развојот на туристичка инфраструктура, вклучително и нови маркетиншки, што би требало да ѝ помогне на локалната економија.

Од гледна точка на Владата. На завршната конференција на 8 април 2014 година, г-ѓа Јелена Пророк од Министерството за надворешна трговија и економија ја опиша сложената структура на одговорности за земјоделството и руралниот развој. Секој од 156-те јавни органи - централната влада, 3-те субјекти, 10-те кантони и 142-те општини - има или Министерство или Сектор за земјоделство или за економија. Постои сложена шема на законски одредби за соработка со заинтересираните страни. Активностите на сите овие органи ги поврзува координативен тим со подгрупи кои се фокусирани кон конкурентност во земјоделско-прехранбената индустрија, агроекологијата, квалитетот на животот и развојот на руралната економија и, LEADER. За секоја од овие подгрупи има претставници на релевантните заинтересирани страни, на пример на земјоделските задруги, здруженија, трговски комори и универзитетски установи. Подгрупата LEADER опфаќа девет Локални акциски групи.

Заинтересираните страни од руралните области во Република Српска можат да учествуваат во оформувањето на програмите за рурален развој со давање сугестии и предлози за време на изготвувањето на Правилникот. Учеството на заинтересираните страни од руралните области во оваа работа можеме да го зголемиме со подобрување на информирањето и унапредување на постапките и програмите за поддршка, зајакнување на партнерствата помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, давање поддршка на руралното вмрежување, подобро поврзување на плановите, фондовите и заинтересираните страни, како и промоција на LEADER пристапот. Како државен службеник вработен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе им ги предложам овие активности на моите претпоставени. *Остоја Шиник, Република Српска, осврнувајќи се на искуството од патувачката работилница во Македонија.*

Агенција за развој. Ивица Сиврић, како претставник на агенцијата за развој REDAH, рече дека работењето во Босна и Херцеговина по малку наликува на местење Рубикова коцка. Неговата агенција е воспоставена во 2003 година. Таа е основана на LEADER пристапот и претставува партнерство помеѓу 23 општини, две НВОи, две трговски комори и три индивидуални компании. Областа кадешто работи агенцијата опфаќа 450.000 луѓе и се простира во внатрешната граница со 16 партнерски општини во областа на Федерацијата и 7 во Република Српска. Насочена е кон регионален развој, прекугранична соработка, поддршка на малите и средните претпријатија и општа промоција на земјоделството и руралниот развој. Преку својот Центар за рурален развој и земјоделство, се обидува да го зајакне поврзувањето, да понуди поддршка на задругите и здруженијата, да обезбеди обуки и практични совети и да управува со пилот проекти и студии, на пример во производството на зрнести плодови. Со помош од шпанската LEADER мрежа, оваа агенција го поддржува создавањето на Локални акциски групи. Овие групи се моментално во процес на формално основање, а во меѓувреме започнуваат да работат, иако скромно. На пример, Локалната акциска група Планински бисер веќе обезбеди поддршка за 11 проекти со грантови во вкупна вредност од 35.000 евра.

Национална рурална мрежа. REDAH работи и со други НВО кон создавање на Мрежа за рурален развој на Босна и Херцеговина, паралелна на оние во Србија, Македонија и Црна Гора кои беа опишани во претходните поглавја. Раководењето, во овој процес ѝ беше доделено на REDAH и на уште една НВО, Агенцијата за соработка, образование и развој (ACED), со поддршка од PREPARE и ELARD. ACED беше основана од Република Српска, со седиште во Бања Лука и претставува непартиска, невладина, непрофитна организација посветена на развојот и општествениот напредок. Во јули 2012 година, ACED, со поддршка од PREPARE, организираше работилница во Бања Лука под наслов „Рурален развој во Босна и Херцеговина“. Тоа доведе до соработка меѓу ACED, REDAH и две Локални акциски групи, кои меѓусебно ја прифатија поканата на PREPARE, во септември 2013 година да организираат мултинационален собир во Јалоница, со патувачки работилници во различни делови на Босна и Херцеговина. ELARD исто така даде поддршка на овој настан како дел од проектот ACORD (кофинансиран од Европската Комисија) на кој работеа заедно со ACED и REDAH. Трет клучен настан организиран од страна на истите партнери беше состанокот на 15 невладини организации во Сараево во април 2014 година, на кој беше донесена одлука за формирање на Национална рурална мрежа. Оваа Мрежа која се очекува да одржи Рурален парламент кон крајот на годинава, има за

Локални производи на продажба во близина на Мостар, Босна и Херцеговина

цел да биде примарен двигател во стимулирањето на заинтересираните страни од руралните области да бидат активни во руралниот развој.

Во БиХ, министерствата и институциите не ги земаат предвид сериозно мислењата на директните учесници во руралниот развој, како што се општините, НВО и приватниот сектор. Тие донесуваат програми заедно со академските заедници, во најголем дел засновани на теорија, наместо на реалните теренски потреби. Она што тие треба да го направат е да организираат дискусии, тркалезни маси, работилници, сè со цел да се добие вистинска слика за реалната ситуација на терен, па потоа да ја донесат програмата. Тие треба да развијат контакти на локално ниво и да ги зајакнат капацитетите на општините, НВО и приватниот сектор. Со тоа ќе се прошири мрежата на учесници кои имаат слични мислења и кои можат да ѝ донесат нови предлози на Владата. REDAH го прави токму ова веќе неколку години, ги поврзува учесниците преку проектни активности и им презентира можности и методи за решавање на одредени проблеми. Нашите активности ги почитуваат реалните теренски потреби, помагаат во пронаоѓањето партнери, ја развиваат мрежата на учесници, помагаат во пронаоѓањето ресурси, практикуваат заедничко спроведување, мониторинг, евалуација и сл. Главната цел е да се зголеми бројот на луѓето на теренот кои ја разбираат важноста на ваквата работа во руралните области.Луѓето се критичниот капитал за развој: ако инвестираме во нив, тогаш и финансиската поддршка ќе има позначителен и поконкретен ефект.
Ивица Сиврић, агенција за развој REDAH, БиХ

Kosovo

Политички статус. Политичкиот статус на Косово е предмет на долготраен политички и територијален спор меѓу српската (претходно, југословенската) влада и косовското, доминантно, етничко албанско население. Во 1999 година, управувањето со покраината им беше доделено на Обединетите нации во рамки на Резолуцијата UNSCR 1244. Оваа резолуција повторно го потврди суверенитетот на Србија над Косово, но побара управувањето во рамки на ОН да го промовира воспоставувањето на „значителна самостојност и самоуправување" за Косово, во очекување на „конечна спогодба" за преговори меѓу двете страни. Спогодбата сè уште не е постигната.

Население. Од вкупното население на Косово од 1,7 милиони во 2011 година, 63,2% живеат во рурални области.

Поддршка од Европската Унија. Гореспоменатата политичка неизвесност го одложи напредокот на Косово кон можното посебно пристапување во Европската Унија. Дури во 2013 година, Европската Комисија потврди дека ЕУ и Косово ја потпишале Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Сепак, територијата има право да користи помош од ЕУ во рамки на програмите PHARE, CARDS и ИПА. „Годишниот извештај за финансиска помош за проширувањето од 2012 година" зборува за Шемата на рурални грантови на Косово, која делумно беше финансирана од ЕУ:

„Со финансирање вредно 5 милиони евра, повеќегодишната Шема на рурални грантови го поддржува развојот и осовременувањето на три потсектори на земјоделството - млеко, месо и преработка на овошје и зеленчук. Со цел косовската земјоделска индустрија да ги достигне стандардите на ЕУ, програмата обезбедува поддршка на разни области. Ова вклучува: подобрување на употребата на нуспроизводи, воведување на производи со поголема додадена вредност, создавање на капацитети за одржливо складирање (ладилници), ажурирање на соодветните системи за управување со безбедноста на храната, подобар маркетинг на преработените прехранбени производи и осовременување на опремата за контрола на квалитетот. До крајот на 2012 година, шемата на грантовите им помогна на 13 земјоделско-прехранбени компании и создаде околу 240 сезонски и 64 постојани работни места. Околу 400 земјоделци успешно потпишаа договори со преработувачите за да ги снабдуваат со млеко, месо, овошје и зеленчук. Крајниот резултат е зајакната земјоделска индустрија во регионот која може да придонесе за стабилно снабдување со храна во Европа".

IPARD. Иако има право на помош во рамки на ИПА; Косово уште нема капацитет за спроведување на ИПАРД програмата. Цели кон квалификување за ИПАРД 2 и (со таа намера) ги јакне своите човечки и технички капацитети.

Од гледна точка на Владата. Блеранд Ставилеци, Министер за земјоделство, шумарство и рурален развој, говорејќи на завршната конференција, рече дека Косово е посветено на обезбедување долгорочен одржлив раст. Тој подготвува Програма за рурален развој за 2014-20, со фокус кон развојот, конкурентноста и заштитата на животната средина. Изготвувањето на оваа програма опфати детална анализа на различни групи заинтересирани страни на територијата, како и серија од пет семинари со заинтересираните страни со цел да се дефинираат приоритетите за развој. Во ноември 2012 година тој ја одржа првата национална конференција за заинтересираните страни, на која присуствуваа 180 претставници на заинтересираните страни. На оваа конференција, беа утврдени четири главни приоритети: конкурентност во производството на добиток и насади, земјоделство и животна средина, стручна обука и LEADER пристапот. Првиот нацрт на развојната програма беше поднесен на втората национална конференција во јуни 2013 година, кадешто се дискутираше за приоритетите и деталните мерки, а беше проследена со дополнителни информации за заинтересираните страни. Трета национална конференција беше одржана во декември 2013 година, со уште поголема група на заинтересирани страни, со цел да се добијат нивни коментари за тоа како се осмислени мерките.

Министерот верува дека оваа низа интензивни дискусии со заинтересираните страни помогнала многу за нивно охрабрување и јакнење на нивниот капацитет да придонесат

за програмата за рурален развој. Тој е оптимист за иднината и посакува да изгради посилна врска меѓу заинтересираните страни и во рамките на територијата, но и надвор од границите. Тој ја поддржува Постојаната работна група и нивната Програма заснована на развој на области и посветен е на економскиот развој на поширокиот регион.

Зенел Буњаку, Директор на НВО „Иницијатива за земјоделски развој" (кој присуствуваше на патувачката работилница во Црна Гора), рече дека неговата организација на заинтересирани страни е задоволна од соработката со Владата. Министерството го помага дијалогот меѓу заинтересираните страни во рамките на работната група. Некои од неговите членови биле релативно слаби, во споредба со одредени организации со силна моќ за лобирање, но можеле да ги изразат своите интереси благодарение на вклученоста во работните групи и информациите што ги добиле од Владата, а кои понатаму можат да ги споделат со своите членови.

Некои делови од руралното население, на пример оние кои живеат во планинските области што биле погодени од големо иселување, сеуште не се вклучени во групи на заинтересирани страни и има потреба од понатамошни напори за нивно вклучување Има постојана потреба од градење доверба меѓу самите заинтересирани страни, како и меѓу нив и локалните власти и Владата. Локалните акциски групи што се воспоставени во изминатите години се сеуште слаби и многу малку од нив имале можност да располагаат со грантови: токму затоа и постои голема потреба од јакнење на нивниот капацитет.

Турција

Турција е далеку најголемата од сите седум земји, со огромна територија и население од 75 милиони. Огромната големина, заедно со широката географска и етничка разновидност се главните предизвици за идентификување на заинтересираните страни од руралните области и нивно вклучување во развојните процеси.

Население и економија. Во последните три или четири децении, имаше масовно движење на населението од руралните области кон градовите. Но, повеќе од една четвртина од населението, т.е. 20 милиони луѓе, сè уште живеат во руралните региони и голем дел од нив зависат од земјоделството и други локални индустрии. Во 2010 година, земјоделскиот сектор обезбеди 9% од БДП, додека индустрискиот сектор обезбеди 26%, а услужниот сектор 65%. Сепак, во земјоделство сеуште припаѓа една четвртина од сите работни места.

Владеење. Во Турција постојат три нивоа на администрација - Национална Влада, покраини и окрузи. Земјата е поделена на 81 покраина, кои понатаму се поделени на окрузи, а нивниот вкупен број е 923. Секоја покраина ја управува гувернер именуван од Министерството за внатрешни работи. Округот може да опфаќа и рурални и урбани области. Во секоја покраина има еден округ што претставува „централен округ". Со него управува именуван „заменик гувернер", а со другите окрузи управува „помошник гувернер".

Сите центри на окрузите имаат општини предводени од избран градоначалник кој управува со дефинирана област (вообичаено со соодветната урбана зона) за дефинирани цели.

Сè поголем број на населби, кои се наоѓаат надвор од центрите на окрузите, исто така имаат свои општини, обично заради тоа што нивното население го бара тоа. На крајот, секој кварт во општината, како и некои села, има избрани мухтари кои се грижат за конкретни административни работи, кои може да варираат во согласност со локацијата.

Национални политики. Десеттиот Развоен план на Турција (2014-2018) опфаќа генерална рамка на рурални политики кои се состојат од зајакнување на руралната економија и вработувањето, подобрување на човечките ресурси и намалување на сиромаштијата, подобрување на социјалната и физичката инфраструктура со зачувување на националните ресурси. Примарните цели се да се гарантира дека минималното ниво на благосостојба во руралните области е поблизу до националниот просек и да се подобрат условите за живот и работа во руралните заедници. Нацрт Стратегијата за национален рурален развој (од 2014 година натаму), изготвена од Министерството за храна, земјоделство и сточарство, со техничка поддршка од Министерството за развој, е алатка за спроведување на Десеттиот развоен план. Таа ја обезбедува општата рамка на активности во областа на руралниот развој и ќе биде финансирана од национални и меѓународни ресурси. Во неа се определени стратешките цели, меѓу кои се развојот на руралната економија и зголемување на бројот на работни места, подобрување на руралната средина и обезбедување на одржлива употреба на националните ресурси, развивање на социјалната и физичката инфраструктура во руралните населби, развивање на човечкиот капитал во руралното општество и намалување на сиромаштијата, како и зајакнување на институционалниот капацитет за локален развој.

Турција и ЕУ. Преговорите меѓу ЕУ и Турција во однос на можното пристапување на земјата во ЕУ, доживуваа промени во изминативе години. Во 2012 година, Позитивната агенда за односите ЕУ-Турција донесе свежа динамика и неколку делови од процесот на пристапување повторно се вратија на вистинскиот колосек по периодот на стагнација. Тоа опфати значително зголемување на учеството на земјата во програмите на ЕУ, вклучително и ИПАРД програмата што е опишана подолу. Другите насоки на поддршка од ЕУ опфаќаат на пример, 43,5 милиони евра за програмата Greater Anatolia Guarantee која обезбедува кредит од над 900 милиони евра за мали и средни претпријатија во регионите во развој на Турција. Овој проект има за цел да стигне до најмалку 4.000 МСП во 43 покраини во развој. Во еден друг проект, ЕУ обезбеди 13,6 милиони евра

Овоштарници близу Коња, Централна Анадолија, Турција

поддршка за зголемување на стапките на запишување девојчиња и млади жени во средните и стручни училишта, со дополнителна обука за подобрување на нивните работни вештини.

ИПАРД. Турција е една од само трите земји кои имаа придобивки од користењето на програмата ИПАРД 1 (другите две се Македонија и Хрватска). Нејзината национална ИПАРД програма за 2007-2013 година беше одобрена од Европската комисија во 2008 година, со вкупен дефиниран буџет од 865,1 милиони евра. Процесот на воведување на програмата, врз основа на децентрализираното управување од страна на националната влада, се покажа многу сложен и напорен. Па така, истата почна да функционира во фази, со што првите повици за поднесување понуди беа објавени во 2011 година, а процесот целосно почна да функционира дури во јули 2013 година. Во моментов, програмата се спроведува во 42 од 81 покраина во Турција. Владината ИПАРД агенција има регионални канцеларии во овие покраини и во моментов вработува околу 2.000 луѓе.

Бројот на поднесени проекти за поддршка од ИПАРД забрзано расте, од 1.100 проекти кои беа доставени на првите осум повици во периодот 2011-12 достигна до 5.800 проекти поднесени само на еден повик во ноември 2013 година. Спектарот на проектите што ги поддржува оваа програма постепено се зголемува, па во 2013 година Комисијата ги покани турските власти да размислуваат за целно финансирање на одредени групи заинтересирани страни, меѓу кои се и малите земјоделски стопанства и МСП кои се вклучени во преработката и маркетингот. Владата спроведе консултации со луѓе во различните сектори, а владини службеници ги посетуваат корисниците на ИПАРД за да црпат од нивното искуство: потоа, доколку е неопходно, врз основа на тие сознанија, мерките на ИПАРД се менуваат.

До крајот на програмскиот период, се очекува да бидат потрошени најмалку 300 милиони евра. Министерството за земјоделство во моментот ја подготвува својата апликација за фондовите од ИПАРД 2 за периодот 2014 до 2020 година, со сличен обем како ИПАРД 1.

Регионални развојни проекти. Владата има спроведено мноштво регионални развојни проекти, користејќи државно и надворешно финансирање, со цел да го подобри економскиот и социјалниот статус на луѓето кои живеат во руралните региони. Примерите ги вклучуваат проектот за рехабилитација на басенот на реката Корух; проектот за подобрување на егзистенцијата на малите земјоделци во Источниот црноморски регион, како и проектот Југоисточна Анадолија, кој се спроведува во 9 покраини, но и програмата за социјална поддршка на Министерството за развој наречена SODES. Овие проекти опфаќаат: вклучување на заинтересираните страни од руралните области и обуки за локалното население организирани заеднички од владата и НВО.

LEADER. Министерството за земјоделство го промовира LEADER пристапот во Турција. За таа цел, неодамна започнаа обуки за градење капацитети во две избрани пилот области во различни делови од земјата. Министерството ангажираше експерти кои се запознаени со LEADER и кои ќе помогнат со обуката на аниматорите. Вклучени се некои многу силни НВОи и целта е да се консултираат сите заинтересирани страни во областа. Предложените Локални групи, кога ќе се формираат, ќе бидат регистрирани во согласност со Законот за граѓански здруженија, во консултација со Министерството за внатрешни работи.

НВО и фондации. Турција има значителен број на НВО и фондации кои се многу активни во различни полиња, директно или индиректно поврзани со руралниот развој. Значаен пример е помошта што во изминатите пет години ја дава Фондацијата Husnu M. Ozeyğin која понуди помош за луѓето кои живеат во селата во басенот Кавар во југоисточна Турција, за зајакнување на нивните ранливи економии и општествената инфраструктура. Се чини дека Владата не ги препознава ваквите акции на НВОи, ниту пак ги поврзува со сопствените владини активности за развој. Направени се обиди овие две страни да ги приближат своите гледишта. Фондацијата Хајнрих Бол (Heinrich Boll) од своето седиште во Истанбул, во ноември 2012 година организираше национална конференција на тема „Алтернативни или нови пристапи за рурален развој" на Универзитетот Кадир Хас, на која присуствуваа претставници од многу НВОи. Конференцијата се фокусираше на улогата на малите земјоделци, руралниот развој и соодветните родови прашања и доби извештај за активностите во овие полиња во Европската Унија. Во август 2013 година, фондацијата Husnu M. Ozyeğin, заедно со PREPARE и нивниот партнер, Унгарскиот рурален парламент, организираше успешна сесија за обука во Истанбул со 40 учесници од НВОи и владини службеници. По првата скептична реакција, учесниците од обете страни - НВОи и Владата - стекнаа доверба едни во други и придонесоа за подобро разбирање на потребите на локалните заедници, во самата влада и нејзините институции.

Искуството ми покажа дека успешен и одржлив рурален развој може да се постигне преку силен дијалог, соработка и вмрежување помеѓу локалните заинтересирани страни, меѓу кои се и јавните и приватните тела, приватните претпријатија и локалното население. Планирањето на програмите за рурален развој треба да се одвива преку процес на активна консултација меѓу овие локални заинтересирани страни, во дијалог со националните тела, а националните политики за рурален развој треба да се дефинираат преку извлекување на главните елементи од локалните програми и искуства. Но, за да се изгради такво вмрежување и соработка на локално ниво, во нашите земји, во кои традициите и навиките за заедничко работење се слаби, потребни се надворешни олеснувачи. Истовремено, нашите традиции се засновани на силни централизирани владини структури, а за да се воспостави и зајакне партнерството меѓу Владата и заинтересираните страни потребно е, НВОи или други организации да преземат посредничка улога. *Ибрахим Туѓрул, Фондација за развој на Турција, со осврт на патувачката работилница во Србија.*

Предизвик – актуелната состојба на односите меѓу заинтересираните страни и владите

Патувачките работилници во Србија, Република Македонија и Црна Гора, обезбедија широка спектар на впечатоци и идеи. Искрените одговори на локалното население, претпријатијата и властите обезбедија вистинска „проверка на реалноста“. Присуството во патувачките групи и на владини службеници и на заинтересирани страни од земјите домаќини, како и на надворешни учесници од другите земји на Западен Балкан и Турција и од Европската Унија, ги збогатија добиените сознанија. Овие сознанија, онатаму беа тема на понатамошни разговори на трите национални конференции и на Завршната конференција во Брисел.

Патувачката работилница беше многу корисна за идното работење и програмирање на ИПАРД. Заклучоците ќе бидат презентирани во ИПАРД програмата како составен дел од комуникацискиот процес, поради тоа што даваат добар увид во ситуацијата на теренот и ги покажуваат потенцијалите за програми за рурален развој. За мене, ова беше прва посета на таа област, и, имајќи ги во предвид разликите меѓу регионите, беше многу информативна. Ги сфативме очекувањата на корисниците и нивните можности и добивме добри идеи за начинот на прибирање на информации и за работењето на советодавните служби. Исто така, беше добро да се слушне за мислењето, но и за акциите на општините. Некои од заинтересираните страни покажаа солидни знаења за политиките за рурален развој и имаат скапоцени информации за изготвување на политиките: токму затоа, веќе се договоривме за нивно вклучување во процесот на комуникација за идните мерки. *Александар Богуновиќ, Српско Министерство за земјоделство*

Што научивме за актуелната состојба на односите меѓу заинтересираните страни и владите во седумте земји? Изгледа дека најважни заклучоци се следниве:

- Се препознава дека руралниот развој функционира во двата правци и одгоре-надолу и оддолу- нагоре
- Прифатено е дека обата правци мора да бидат поврзани
- Активностите на заинтересираните страни веќе претставуваат срж за идниот развој
- Сепак, поголемиот број од руралното население и понатаму не ги разбира развојните процеси
- Загриженоста на заинтересираните страни се однесува на многу широкобем од развојот
- Сеуште се обликуваат политики и практики на руралниот развој
- Сеуште не е сосем јасна улогата на различните нивоа на управување;
- Почнуваат да се појавуваат механизмите за поврзување на владите и заинтересираните страни
- Поставена е основата за партнерства на теренотd
- Формирани се драгоцени мрежи.

Клучните точки се опишани подолу.

Руралниот развој функционира во двата правци и одгоре-надолу и оддолу-нагоре

Од перспективата оддолу-нагоре, теренските посети во Србија, Република Македонија и Црна Гора, покажаа дека руралните претпријемачи како и некои рурални заедници можат да имаат успеси, и дека во некои случаи во тоа и успеваат без голема помош од владата. Меѓутоа, јасно беше дека земјоделците, генерално зависат од финансиската поддршка од нивните влади и служби за поддршка; дека на многу претпријатија би им била добредојдена помош од владата и дека руралните заедници зависат од инфраструктурата и услугите кои ги обезбедува владата. Далековидите заинтересирани страни, гледајќи напред кон толку очекуваното пристапување во Европската Унија, сфаќаат дека националните системи мора да се реформираат за да може да се создаде клима која ќе овозможува долгорочен социјален и динамичен економски развој за нивната земја.

Од перспективата одгоре-надолу, теренските посети покажаа дека владините активности се од суштинска важност во смисла на обезбедување на инфраструктура и услуги, обезбедување на фер односи и кохезија и создавање и реализирање на стратегии за развој. Меѓутоа, исто така беше јасно дека владите сфаќаат дека голем дел од неопходните активности зависат од земјоделците, претпријемачите, селските заедници и НВОи.

Според тоа, обата правци, оддолу-нагоре и одгоре-надолу се од суштинска важност.

Мораме да обезбедиме учество на локалното население во решавањето за тоа што треба да се прави, затоа што тие најдобро ги знаат проблемите и начините за нивно решавање. Тие мораат да се стекнат со ко-сопственост кон политиките. Многу се радувам што овде присутните управувачки тела и НВОи се согласуваат со овие суштински ставови. Dirk Ahner , Модератор на Завршната конференција

Поврзување на заинтересираните страни и владата

Беше општо прифатено, од учесниците на патувачките работилници и на конференциите, дека, за да се постигне ефикасен развој двете страни , владата и заинтересираните страни, мораат да се поврзат. Владините политики мораат да ја рефлектираат реалноста на руралните ресурси и потреби. Руралните чинителии мора да ја разберат помошта што можат да ја добијат од владата, но и да им се обезбедат изводливи/практични начини да ја побараат таквата помош.

Ова не е прашање на едноставно поврзување на владите со населението, или на искористување на грантовите и програмите. Ова е прашање на демократијата, кое уште претседателот Линколн во своето обраќање во Гетисбург го дефинираше како: „владеење на луѓето, од страна на луѓето и за луѓето". Демократскиот предизвик е да се отиде чекор понапред од едноставно информирање и консултирање кон учество на заинтересираните страни во изготвувањето и имплементацијата на политики... и повеќе од тоа, во партнерства меѓу влади и заинтересирани страни.

Ни требаат нови методи, нови идеи, нови алатки за да ги зајакнеме граѓаните, да создадеме цврста доверба меѓу заинтересираните страни и владите. Земјоделците, претприемачите, НВОи, селските заедници – сите тие треба да учествуваат за да им овозможат јасен увид во реалноста и во потребите на теренот на оние кои донесуваат одлуки. Одржлив развој е можен само со учество на сите. *Dacian Cioloş, Комесар за земјоделство и рурален развој.*

Поради нерамнотежата на моќ помеѓу населението и владите, партнерството воопшто не е лесен концепт... и токму затоа овој настан се фокусира на зајакнување на заинтересираните страни од руралните области. Што мислиме кога ќе кажеме заинтересирани страни? Мислиме на сите луѓе, претпријатија и организации кои можат да придонесат или на кои влијае руралниот развој. Навистина, тука спаѓаат сите во руралните области бидејќи станува збор за квалитетот на нивното живеење.

Точки на раст, оддолу - нагоре

In all three countries, we had the privilege to meet lively initiatives, active and successful leaders, both men and women, often people who had gained experience abroad and then returned.

Во сите три земји имавме привилегија да се сретнеме со динамични иницијативи и успешни лидери, мажи и жени, често луѓе кои стекнале искуство во странство и потоа се вратиле. Тие луѓе го покажуваат вродениот смисол за претприемништво кај луѓето од Западен Балкан. Тие користат, или по свој избор, не користат, помош од билатерални, мултилатеррални, добротворни или владини извори. Ги коростат локалните природни ресурси, како на пр. млекото, овошјето и глината. Тие создаваат работни места и донесуваат пари во локалната економија, обезбедувајќи сигурен приход за нивните локални добавувачи. Тие изнаоѓаат начини да ги зајакнат локалните заедници. Некои од нив се избрани во општините, и дејствуваат како менаџери за програмите за развој на општините, создавајќи на тој начин лично поврзување меѓу пристапот одгоре-надолу и оддолу-нагоре.

Гледам многу сличност меѓу ситуацијата кај земјите од Западен Балкан (или барем Србија) денес со онаа од Полска на почетокот на 1990тите, на почетокот на транзицијата. Можеби граѓанското општество не е најдобро организирано, но брзо учи и има бројни потенцијални лидери, посветени, остроумни и со силен дух на јавна свест. Во таа смисла, тоа е можеби подобра подготвеност за пристапување (или барем за функционирање во контекст сличен на оној на ЕУ) отколку онаа на јавните служби, кои се претерано загрижени со перспективата на финансирањето од ЕУ и се борат со административните процеси поврзани со раководењето и контролирањето на тие финансии. Ursula Budzich-Tabor, Полски рурален форум

Ова се поени од суштинско значење во растечката кампања

за рурален развој. Овие индивидуалци може да имаат клучни улоги во идните партнерства, асоцијации или LEADER групи. Тоа го отвора важното прашање за повторливоста... како да најдеме и да охрабриме повеќе такви динамични луѓе? Каква атмосфера на политика, финансирање, регулативи, кредити итн. е потребна за да се стимулира иницијатива?

Поширокатa маса рурално население

Многу рурални региони во седумте земји имаат рурални економии поставени на слаба основа, вообичаено составени од земјоделство, шумарство, рударство, ограничено ниво на индустрија, малку туризам. Притоа, вообичаено со ниски просечни примања, невработеност или ниска стапка на вработеност, сезонска работа, иселување на младите луѓе, висока просечна возраст меѓу оние кои остануваат. Тие страдаат од сиромаштија, и често од социјална/општествена изолација, особено меѓу малцинствата; најчесто со лоша инфраструктура и недостатоци во социјалните услуги.

Суштествено, и во земјите на Западен Балкан, и во Турција, постојат стотици илјади мали земјоделски стопанства, чиј најголем проблем е ограничената големина, немањето капитал, слабата преговарачка моќ, ограничени пазари. Тие се чувствуваат немоќни. Можеби е неизбежно, драстично да се намали бројот на такви мали земјоделски стопанства за да се прошират/окрупнат преостанатите. Тоа ќе предизвика сериозно слабеење на руралните економии и заедници, освен ако не најдеме начини да им помогнеме на тие економии да растат и да се диверзифицираат. Треба да се стремиме тоа да го постигнеме пред економиите од овие земји да се соочат со целосниот шок од конкуренцијата од ЕУ. Следното поглавје дава сугестии за можни решенија на овие проблеми.

Обемот на развој

Контекстот на нашите разговори произлезе од претпристапната помош која на овие земји им е понудена од Европската Унија, и особено од мерките кои може да се дадат на располагање (во најмалку пет од овие земји) преку програмата ИПАРД. Меѓутоа, разговорите што ги водевме за време на патувачките работилници покажаа дека заинтересираните страни од руралните области се загрижени за многу поширок обем на развојни елементи – како на пр. патишта, електрична енергија, водоснабдување, училишта и високо образование – кои се надвор од опфатот на ИПАРД или на националните развојни програми.

Владите во Европската Унија се запознаени со овој вид проблеми. Во Финска на пример, владата разликува т.н. „рурален развој во тесна смисла на зборот“ како што се мерките финансирани од Европскиот фонд за рурален развој, наспроти „рурален развој во поширока смисла“ во кој спаѓаат политиките и инвестициите на владата во патишта, транспортни системи, водоснабдување, образование, здравство, социјални услуги, електрична енергија, телекомуникации и многу друго. Комитетот за рурална политика во Финска ги среќава деветте министерства или владини агенции кои се одговорни за различни крупни аспекти на јавната политика кои влијаат на руралните области, заедно со водечките невладини тела кои ги застапуваат заинтересираните страни од руралните области, со цел да се унапреди нивното поврзување. Објавената Национална рурална политика опфаќа цела серија прашања на руралниот развој како во потесната така и во пошироката смисла.

Инвестирањето во руралниот развој во широката смисла, како што е погоре дефинирано, има многу поголем кумулативен обем во споредба со руралниот развој во тесната смисла на зборот, и може да има витално влијание на руралните заедници и економии. На пример, затворањето на едно средно училиште може да ѝ нанесе поголема штета на руралната заедница отколку пет години позитивно влијание од „тесниот“ рурален развој: и обратно, отворањето на нова полска болница во мал град може да донесе повеќе позитивно влијание отколку пет години од „тесниот“ рурален развој. Според тоа, владите, при планирањето и спроведувањето на своите програми во пошироката смисла, мора да се свесни и да внимаваат на потребите на руралните заедници. Впрочем, можеби сите релевантни политики и програми треба да бидат „рурално одобрени„ т.е. да се процени нивното потенцијално влијание врз благосостојбата на руралните заедници.

Политики и програми за рурален развој

Фокусирана главно на руралниот развој во потесната смисла на зборот, на Завршната конференција беше истакнат, според изјавите на Министрите или нивните претставници, досега постигнатиот напредок со националните програми за рурален развој и со ИПАРД. Владите ги реализираа програмите за рурален развој со силен акцент на поддршката на земјоделците и унапредувањето на земјоделските системи и системите за преработка на храна. Во моментов, тие се во процес на изготвување или завршување на стратегиите и програмите за земјоделски и рурален развој за периодот 2014-2012, усогласени со програмите и политиките на ЕУ. Напоредно со националните стратегии, пет од земјите изготвуваат предлози за користење на ИПАРД 2. Управувачките тела, платежните агенции и системите за реализација се зајакнуваат. Владите од Западен Балкан соработуваат преку Постојаната работна група (SWG).

ИПАРД 1, започнат во 2007 год., се однесува само (од земјите кои учествуваа на овој настан) на Македонија, на која од 2008 година и е делегирано управувањето со таа програма и чиешто искуство е бавно искористување на средствата, но со постепено зголемување; и на Турција каде оваа програма функционира од 2011 и привлече многу апликации, чиј број и понатаму се зголемува. Апликации за финансирање според ИПАРД 2 се очекуваат од Македонија, Турција, Србија, Црна гора и Албанија. Во овие земји ИПАРД програмата ќе се гради и ќе се реализира заедно со националните стратегии и програми за рурален развој и средствата од националните Министерства за регионален развој, активностите на општините и средства и други видови поддршка кои ги обезбедуваат билатерални и мултилатерални агенции и фондации.

Ваквиот збир од агенции, програми и фондови претставува крупен предизвик за постигнување на комплементарност и јасност за тоа кој што прави, потрагата за поедноставување кај основните правила за фондовите и високо-квалитетни

системи за информирање. Разговорите во Македонија покажаа дека многу од заинтересираните страни таму не побараа ИПАРД средства поради премногу комплексната потребна документација, барањето за 50% партнерско финансирање, и роковите за ретроспективната исплата. Генералниот директор за проширување се согласи дека постои простор за подобрување, а комесарот Cioloş коментираше дека инструментите можеби ќе треба да се адаптираат за да се земат во предвид потребите на заинтересираните страни.

Како владин претставник од земја (Република Српска, БиХ) која сеуште не може да користи ИПАРД фондови, очекував дека ќе видиме (во Македонија) позитивни примери на користењето на европските фондови. Меѓутоа, во дводневната тура не посетивме ниту едно земјоделско стопанство, преработувачки капацитет, ниту здружение кои користат фондови за рурален развој. Очигледно беше дека се претпочитаат националните фондови за руралнен равој наспроти оние на ИПАРД, поради комплексноста на нивното користење. Тоа е мојот најсилен впечаток. *Остоја Шиник, Република Српска, во врска со патувачката работилница во Македонија*

Нивоа на владеење

Во земјите на Западен Балкан – секоја со население од неколку милиони луѓе - владите функционираат на две нивоа, национално и општинско. Секое од овие две нивоа може да делува во доменот на руралниот развој. Овој двостепен систем на управување има голем потенцијал токму поради можноста релевантните аспекти на јавните активности и финансирање (меѓу кои спаѓаат и транспортот и образованието, како сектори кои спаѓаат во руралниот развој во „поширокатa смисла“) да бидат развиени од страна на општините во правец на конкретните потреби на нивните популации; но и поради тоа што општините се поблиску до луѓето, а со тоа и подостапни за заинтересираните страни од руралните области отколку централната влада.

Улогата на општините. Сепак, учесниците на патувачките работилници не можеа да добијат јасна слика за комплементарноста меѓу централната власт и општините во нивното работење на планот на руралниот развој. На пр. во презентацијата за политиката за рурален развој на српското Министерство за земјоделство и заштита на животната средина, воопшто не беше спомената улогата на општините. Подоцна, ни беше кажано дека стратегиите за локален развој кои ги изготвуваат општините, треба да бидат одобрени од централната влада; и дека некои државно финансирани услуги како што се услугите за поддршка, ги реализираат општините. Но, на заинтересираните страни не им е лесно да ја разберат таквата структура.

Освен тоа, се покажа дека во сите три земји кои беа домаќини на патувачките работил-ници, во голема мера варира нивото на активности или има недостаток од активност од страна на општините. Некои општини обезбедуваат импресивно лидерство и разнообразна поддршка за заинтересираните страни или ја поставиле основата за интегриран локален развој со помош на изготвување на стратегии и на потенцијални партнерства од типот на LEADER. Други пак се сосем неактивни. Некои општини едноставнопостои чувството дека се запоставени од страна на владата или исклучително слабо финансирани. На некои места има висок степен на фрустрација и недоверба кај заинтересираните страни кон општините. Накратко, неопходен е значаен напредок за двостепениот систем на управување да се претвори во навистинао ефикасно и јавно признато сојузништво за постигнување на интегриран рурален развој.

На ниво на селата. Но, овој двостепен систем може да не е доволен за да ги задоволи потребите на руралното население во земјите на Западен Балкан. Многу од општините имаат многубројна популација, во некои случаи и до 100.000 жители и се распростираат на големи територии. Овие територии имаат многу села и тие претставуваат главна театарска сцена во животите на тамошните луѓе. Населението во селата зависи од услугите, како што се – училишта, продавници, пошти, амбуланти, центри за дневна грижа за возрасни лица – лоцирани во селата. Ваквите услуги не секогаш се обезбедени, или, во некои региони се во опаѓање. Ова ни посочува дека општинските активности не се доволни и дека иницијативата како и побарувачката за активност мора да произлезе од ниво на село.

На оваа конференција, честопати се користеше зборот „ние“. Но, ни треба и „јас“. Јас преземам одговорност, јас ќе инвестирам во мојата заедница. Патувачките работилници ни понудија добри примери за луѓе кои преземаат одговорност во претприемништвото, или во заштитата на културно-историското наследство: но ни требаат и поединци кои ќе се фокусираат на активности во сопствените заедници. *Анели Кана, Кодуканг, Естонија*

Кога имаат лидерство, селата самите можат да преземат комунални активности за одржување или создавање на услуги или можат да извршат притисок тоа да го сторат повисоките власти. Во Турција, таквото лидерство може да дојде од страна на селскиот мухтар, еквивалент на градоначалник во типично француско село: тие се претставници на изборната демократија. Други европски земји на селско ниво немаат еквивалент на градоначалникот, а тоа на многу места го забрза (на пр. во приближно 5.000 села во Шведска) создавањето на Локални акциски групи на ниво на села, како израз на партиципативната демократија. Слични примери видовме во некои села во Србија и Македонија. Негувањето на иницијативи од таков вид во руралните средини на Западен Балкан може да биде силен придонес за вистинско зајакнување на заинтересираните страни од руралните области.

Инволвираност на заинтересираните страни

Јас сум оптимист кога е во прашање иднината, и посакувам да изградиме посилни врски со заинтересираните страни како во рамките на територијата, така и вон нејзините граници. *Blerand Stavileci, Министер за земјоделство, шумарство и рурален развој, Косово*

Владите во сите седум земји покажуваат, во различен степен, стремеж да ги инволвираат заинтересираните страни во процесите на изготвување на стратегии и програми за земјоделски и рурален развој. Главниот фокус беше став ан на информирање и консултации (кои се класични први чекори во воспоставувањето релации на владите со граѓаните), и тоа преку конференции, семинари и повици до јавноста за мислења и коментари. Некоја основа за придвижување на таа партиципација е веќе поставена основите од кои треба да се продолжи кон вистинска партиципација, на пр. активностите на работните групи за помош при подготовка на политиките во кои се вклучени и претставници на заинтересираните страни; па дури и партнерства – како што е примерот со поканата од Министерство за земјоделство на Црна Гора до Националното здружение на пчелари да ја реализираат и мониторираатвладината поддршка кон пчеларите.

Ова се значајни први чекори во процесот на градење соработка и доверба меѓу владите и заинтересираните страни; за нив ќе биде потребно време но тие се од пресудно значење за успехот на развојните процеси. Засега, можноста за инволвирање ја искористуваат оние заинтересирани страни кои се организирани во групи, здруженија, комори и други структури. Веројатно, ова е неизбежно поради тоа што владата не може да покани 50.000 земјоделци на конференција. Но, тоа значи дека во моментов, многу од заинтересираните страни немаат начин како да се поврзат со процесите на градење на политки. Ако навистина сакаме да ги поттикнеме заинтересираните страни од руралните области и да изградиме автентични партнерства меѓу владите и населението во процесот на руралниот развој, треба да развиеме алатки кои ѝ овозможуваат на владата да подаде рака кон надвор и да допре долу, меѓу заинтересираните страни, а на заинтересираните страни да пружат рака кон надвор и да допрат до владата

Факт е дека досега, јавната администрација во Србија има постигнато релативно ограничени резултати во приближувањето на поддршката за рурален развој од ЕУ до руралните граѓански организации и до граѓаните на Србија. Една од причините за тоа е слабата поддршка од граѓанскиот сектор и експертите како и ниското ниво на соработка и инволвираност на граѓаните во целост. И покрај тоа што националната влада ги изготви главните документи за LEADER и за ИПАРД, немаше доволно поддршка ниту притисок од експертите, граѓанското општество ниту од потенцијалните корисници. Како резултат на тоа, овие документи не успеаја да станат актуелни програми и не добија финансии ниту пак поддршка од вработените од владата. Во овој момент, руралниот развој во Србија се наоѓа на крстосница. Немањето на човечки ресурси, ниту пак на меѓу-секторска соработка на сите административни нивоа, ја спречува Србија да ги користи ИПАРД фондовите. Од друга страна, на локално и регионално ниво, формирани се повеќе од 20 потенцијални Локални акциски групи со 605 рурални заинтересирани страни, изготвени се стратегии за локален развој и присутна е добра волја и желба за позитивно делување со цел приближување кон стандардите на ЕУ и подобар квалитет на живеењето во руралните средини. *Ивана Стефановиќ Ристин, LEADER Асоцијација, Србија*

Партнерство, и LEADER

Во некои од земјите веќе се преземени значајни чекори кон воведување на концептите за партнерство и LEADER пристапот. Овој пристап се заснова на креирање, на суб-регионално ниво, на партнерства меѓу јавни тела и приватни или невладини интереси, партнерства кои потоа заеднички ги создаваат страегиите за локален развој за нивните суб-региони. Владите, ЕУ и некои билатерални агенции ги охрабруваат и и ги поддржуваат процесите на информирање во врска со LEADER пристапот, зачетоците на партнерства, обуки и градење капацитети и создавање стратегии за локален развој. Во некои од земјите, веќе постои мрежа од формални и неформални партнерства или потенцијални Локални акциски групи, создадени по иницијатива на општините, локалните лидери или Мрежите за рурален развој. Некои од овие партнер-ства веќе успеале и да ја финансираат својата прва серија од проекти.

Според тоа, постои темел за постепено воведување на LEADER како значаен елемент за идните програми за рурален развој, и како еден од водечките механизми за соработка меѓу влади и заинтересирани страни. Прописите за ИПАРД 2 им овозможуваат на владите да воведат мерки насочени кон оваа цел. Следното поглавје објаснува како би можел да се реализира потенцијалот на LEADER.

Мрежи

Клучна предност во напредувањето кон ефикасен локален развој на Западниот Балкан е семејството од мрежи за рурален развој во најмалку четири од земјите. Овие мрежи, независни од владите, но признаени од нив, веќе имаат значајна позитивна улога во постигнувањето на локален развој во Македонија и Србија, додека во Црна Гора и Босна и Херцеговина се во фаза на јакнење. Тие обезбедуваат клучни поенти за контакт и соработка меѓу општините и невладините организации, а имаат можност директно да се поврзат со заинтересираните страни и да го поттикнат создавањето на групи, задруги или здруженија што ја јакне позицијата на заинтересираните страни. Тие можат да промовираат активности на ниво на села и да обезбедат поддршка за лидерите на ниво на село. Тие претставуваат витален дел од „архитектурата“ на идните развојни структури во овие земји.

Понатаму, овие Мрежи за рурален развој се здружени во Балканската мрежа за рурален развој. Тие имаат блиска соработка со Постојаната работна група (SWG), и така обезбедуваат суштинска врска меѓу граѓанското општество и владите. Тие имаат силни врски со PREPARE Партнерство за рурална Европа.

Средба со Локалната акциска група на Струмица во Југоисточниот плански регион, Македонија

Можности – патот кон зајакнување на заинтересираните страни и кон партнерства меѓу заинтересираните страни и владите

Претходните поглавја ги опишуваат клучните елементи во постоечката структура на актери во секторот на руралниот развој, како и посветеноста и загриженоста изразена од страна на клучните актери. Накратко, политиките и програмите за развој ги изготвуваат и реализираат националните влади и (во различен степен) општините. Улогата на различните нивоа на владеење не е потполно јасна. Активностите на ниво на село се многу ограничени. Механизмите за поврзување меѓу владите и заинтересираните страни се во фаза на воспоставување. Владите се посветени на натамошно инволвирање на заинтересираните страни. Поставена е основата за партнерства по принципот на LEADER. Мрежите за рурален развој се или воспоставени или се појавуваат. Има многу места за јакнење на активноста од страна на заинтересираните страни. Но, најголемиот дел од руралното население сеуште не е добро поврзан со развојните процеси, а многу од заинтересираните страни имаат чувство дека нивните интереси и грижи не се разбрани, ниту пак се водело сметка за нив

Ако навистина сакаме да ги зајакнема заинтересираните страни од руралните области и да изградиме автентични партнерства меѓу владите и населението во процесите на руралниот развој, треба да развиеме алатки кои ѝ овозможуваат на владата да подаде рака кон надвор и да допре долу, меѓу заинтересираните страни, а на заинтересираните страни да пружат рака кон надвор и да допрат до владата.

Ова е двонасочен процес кој бара обмислени напори од двете страни.

Ако судиме според полското искуство, единствениот пат напред е постепеното градење на организациите на граѓанското општество и обезбедување нивна постојаност и стабилност, а воедно и извесен степен на независност од јавниот сектор (ако не во смисла на финансирање, барем во смисла на достапност до информации, можност за создавање партнерства со слични организавии од други земји, итн.) Напоредно со тоа, неопходно е да се изградуваат капацитетите на јавнит сектор на сите нивоа, да се обучат и мотивираат функционерите и оние кои донесуваат одлуки. Ursula Budzich-Tabor, Полски рурален форум

Кои алатки ни се потребни?

Од нашите дискусии произлегоа следниве главни елементи:

- Јасност за улогата на различните нивоа на владеење
- Интегрирани пристапи кон развојот
- Поддршка за маргинализираните области и заедниците на малите земјоделски производители
- Јасни и отворени процеси на информирање, консултации и учество
- Ревидирање на системите и програмите, онаму кадешто е неопходно
- Разновидни советодавни служби
- Колективна активност на заинтересираните страни
- Лидерство на ниво на село
- Експанзија на LEADER пристапот
- Континуирано и се посилно вмрежување на сите нивоа
- Градење на капацитети
- Време, и упорност!

Овие точки се опишани подолу во текстот.

Јасност за улогата на различните нивоа на владеење

Граѓаните треба да бидат во можност лесно да сфатат што и кој сегмент од владата работи на полето на регионалниот, руралниот и локалниот развој, и на кое ниво – централно, општинско или локално. Ова е едноставно прашање кое треба да го решат владините служби за информирање во блиска соработка со општините и нивните здруженија. Треба да се опфатат сите аспекти на развојот – како во „тресна“ така и во „поширока“ смисла, согласно со претходно дефинираното. Бидејќи многу аспекти на развојот во „поширока“ смисла се однесуваат и на урбаните исто онолку колку и на руралните средини, базата на информации треба да се однесува на целата територија. Информациите треба да бидат достапни за сите граѓани, во лесно достапна форма, адаптирана за различните видови на опрема и мобилност со кои луѓето располагаат. Ова имплицира достапност на информациите не само преку веб страници и телефонски именици и услуги, туку и услуги лице-в-лице, секаде кадешто тоа е можно, на пр. општински канцеларии и советодавни служби. Собирањето и продуцирањето на овие информации ќе ги обврзе владите, особено оние кои досега не го сториле тоа, да разјаснат кој, и што прави. Можно

Dirk Ahner, Претседавач на конференцијата и Michel Dower, Генерален известувач од завршната сесија

е, во тој случај, и да се потенцираат празнините во услугите, на пример кај општините кои досега не придонесувале за руралниот развој; вака може да се предизвика прогресивно пополнување на тие празнини.

Интегрирани пристапи кон развојот

Новите генерации на стратегии и програми за земјоделство и рурален развој, кои сега се изготвуваат или завршуваат, на владите им даваат можност да го ревидираат обемот на активностите кои имале намера да ги спроведуваат во полето на т.н. „тесен" рурален развој. Тие активности ќе треба сé повеќе да се фокусираат и кон потребите на земјоделците и кон диверзифицирање на руралните економии и јакнење на руралните услуги. Владите може да имаат потреба да ги ревидираат и врските меѓу овие програми со оние кои се веќе во фаза на имплементација од страна на други министерства или агенции во секторите: транспорт, водоснабдување, електирчна енергија и други услуги кои се од животна важност за руралните претпријатија и заедници. Можно е, во секоја од земјите да постои рамка за воспоставување на Комитети за рурална политика, слично на оние во Финска, за изготвување на сеопфатна Национална рурална политика, и за воведување на процесите за „рурална проверка" на политиките и програмите што не се вонадлежност на Министерствата кои се директно одговорни за руралниот развој.

Националниот совет за рурален развој на Србија има членство слично на она што го застапува делот на јавниот сектор во составот на Комитетот за рурална политика во Финска. Во неговиот состав влегуваат претставници на девет различни министерства со различни одговорности – земјоделство, економија и регионален развој, животна средина, труд и социјална политика, образование, инфраструктура, млади и спорт, јавна администрација и локална самоуправа, вклучувајќи ги и канцеларијата за Европска интеграција и канцеларијата за одржлив развој на маргинализираните области. За целите на Мониторинг Комитетот за ИПАРД, оваа група ќе биде проширена со претставници на граѓанскиот и невладиниот сектор. *Александар Богуновиќ, Министерство за земјоделство и заштита на животната средина, Србија*

Интегриран пристап треба да се примени и кај активностите за рурален развој на општините, кои може да имаат обврски во секторите како што се транспорт или образование, како дополнување на нивните овластувања поврзани со локалниот развој. Тие имаат можност, на општинско ниво да ги поврзат активностите во различни сектори, и во своите статегии за рурален развој да објаснат како планираат да ги аплицираат своите бројни должности и овластувања во руралните области. Притоа, стратегите може и да објаснуваат како ќе се надополнуваат нивните активности или како ќе помогнат во реализирањето на активностите на централната влада и локалните партнерства и на LEADER групите.

Искуството ми покажа дека успешен и одржлив рурален развој може да се реализира преку силен дијалог, соработка и вмрежување меѓу заинтересираните страни, меѓу кои спаѓаат јавните и приватните субјекти, приватни претпријатија и локалното население. Планирањето на програмите за рурален развој треба да се врши преку процеси на активна консултација меѓу овие локални заинтересирани страни во дијалог со националните органи, а националните политки за рурален развој треба да се дефинираат со извлекување на најважните елементи од локалните програми и искуства. *Ibrahim Tuğrul, Фондација за развој на Турција, осврнувајќи се на патувачката работилница во Србија*

Поддршка на маргинализираните области и заедниците на малите земјоделски производители

Претходните поглавја ја опишаа тешката социјална и економска слабост на многу од руралните региони во седумте земји, со континуирано иселување на младите луѓе и натамошно слабеење на руралните економии и заедници. Во повеќето од овие региони, економијата е во најголем дел заснована на мали семејни земјоделски стопанства кои се соочуваат со тешкотии поради ограничената големина, немањето капитал, слабата преговарачка моќ и ограничените пазари. Тие се чувствуваат немоќни и маргинализирани во време кога вниманието на владата е фокусирано на реформите на националните системи вопресрет на пристапувањето кон Европската Унија, и кога има силно акцентирање на економскиот раст и трговската конкурентност.

Некои делови од руралното население, на пример оние

кои живеат во планинските области погодени од сериозно иселување, сеуште не се вклучени во групите на заинтересирани страни, и затоа се неопходни дополнителни напори за нивно вклучување. *Zenel Bunjaku, НВО „Иницијатива за земјоделски развој", Косово*

Овие маргинализирани области и мали земјоделски заедници заслужуваат итно владино внимание. Тие сеуште се дом за стотици илјади луѓе. Ако се дозволи да продолжи спиралата на опаѓање, ќе се влоши квалитетот на живеењето на овие луѓе. Ова се области кои во економиите на своите земји придонесуваат со храна, дрвна граѓа, минерали и други ресурси. Тие имаат екосистеми, предели и културно-историско наследство на кои им е потребно ефикасно менаџирање што може да придонесе за процут на она што претставува национална гордост и на туризмот. Поради овие причини, владите треба да ги насочат своите интегрирани напори, во предводење на неопходната промена во земјоделските структури и нивните области, во диверзификација на нивните економии, со цел да се надомести губитокот на работни места во земјоделството, и во одржувањето на виталноста на заедниците.

Земјоделството се придвижува. Тоа ќе вклучи реструктурирање. Предизвикот е во тоа како да обезбедиме доволно развој во руралните области за да не ни се случи масовно иселување од руралните области. Локален развој - е дел од одговорот. *Dirk Ahner, Претседавач на Завршната конференција*

Видовме примери на приватни или комерцијални иницијативи кои ќе придонесат кон предизвикот за јакнење и диверзифицирање на економиите во овие области. Но, потребно е нешто уште посеопфатно, а особено пакет на владини мерки во кои ќе спаѓа поддршка на групи на производители, здруженија и задруги, за диверзификација на земјоделските стопанства, за пензионирање на возрасните земјоделци, и за младите земјоделци кои би сакале да влезат во овој сектор. Треба да ја намалиме висината на кредитните стапки, да го поддржиме унапредувањето на земјоделските стопанства и преработувачките капацитети и да користиме разумна флексибилност во врска со хигиенските и фито-санитарните регулативи. Треба да ги зајакнеме неземјоделските елементи во руралните економии, како на пр. производ-ството, занаетите, туризмот и други услуги.

Некои од овие мерки веќе се воведени и се применуваат, особено во регионите кои ги опфаќа иницијативата за Развој заснован на области на Постојаната работна група (SWG). Но другите мерки не се ниту во фаза на планирање. Понатаму, сосем е јасно дека голем дел од населението од руралните области не ги прифаќа овие мерки. Ова имплицира потреба за добри и достапни системи за информирање, советодавни услуги и поддршка, пренесени со човечки лик/директен контакт... и треба да се сетиме дека клучната состојката која ќе донесе пресврт е довербата помеѓу самите заинтересирани страни и помеѓу заинтересираните страни и владата. Во овој момент, довербата најчесто ја нема, а таа треба повторно макотрпно да се изгради.

Информации, консултации и учество

Владите на централно ниво и на ниво на општина треба да се фокусираат на јасни и отворени процеси на информирање и јавни консултации во врска со нивните активности во локалниот развој. Тие процеси треба да се водат активно и со користење на сите релевантни средства, вклучително и печат, радио, телевизија, веб страници, социјални медиуми, печатени материјали, состаноци, патувачки настани и слично. Мрежите за рурален развој, регионалните здруженија и Локалните акциски групи можат да им помагаат на јавните институции во овој процес.

Нашиот рурален портал е значајна алатка за информирање на населението и медиумите. Тој привлекува многу посетители. Министерот Ивановиќ организираше работен ручек со медиумите за време на кој го сврте нивното внимание кон порталот. *Ратко Батаковиќ, Претседател на Мрежата за рурален развој на Црна Гора*

Понатаму, владите треба да отидат и подалеку и, освен консултација, да го охрабруваат учеството на заинтересираните страни во изготвување, имплементација и мониторинг на политиките и програмите. Тоа може да значи формирање и работа на советодавни комитети, работни групи, формални комитети за мониторинг итн., на чие чело треба да седнат претставници на главните категории на заинтересирани страни од руралните области.

За да се обезбеди еднаквост меѓу разнородните заинтересирани страни, меѓу кои има и послаби, како што се малите земјоделски производители или етнички малцинства, владата треба да го охрабри формирањето на здруженија и невладини организации, формирањето и зајакнувањето на демократијата на ниво на село (без оглед дали е изборна или партиципативна), и да го охрабри формирањето и активноста на регионални и национални мрежи, по примерот на веќе постојните во некои од земјите на Западен Балкан.

Исто така и општините, треба да ги инволвираат заинтересираните страни во изготвувањето на нивните политики и програми, да станат отворени и достапни за партнерства со заинтересираните страни.

Ревидирање на системите и програмите, онаму кадешто е потребно

Процесите на консултација и партиципација треба да бидат реални а не само на хартија. Обете страни – владите и заинтересираните страни – треба вистински да се сослушуваат , да бараат помирување на разликите и да наоѓаат практични решенија за проблемите кои се појавуваат. Ова имплицира дека, согласно потребите, системите и програмите ќе треба да се ревидираат. Формални можности за тоа ќе се укажат во периодот на изготвување на стратегиите и програмите за 2014 – 2020 и за време на среднорочните ревизии. Комитетите за мониторинг на ИПАРД програмата имаат моќ да предложат промени во програмите, ако за нив се укажала јасна потреба. Владите треба да бидат подготвени да ги адаптираат системите за испорака и во средина на програмата, доколку

е тоа оправдано согласно искуството.

Уште од почетоците на подготовките за ИПАРД, ... администрацијата треба да ги консултира релевантните заинтересирани страни во врска со содржината на предлог програмите... на начини како што се работни состаноци на конкретни теми или јавни расправи. Резултатите од овој вид консултации се задолжително поглавје во ИПАРД програмата. По усвојувањето на програмата, се формира Комитет за мониторинг на ИПАРД. Во него членуваат претставници од Министерството за земјоделство и други релевантни министерства, и од здруженија на производители, акакдемици, рурални мрежи, НВОи итн. Бројот на невладините претставници треба да биде најмалку еднаков на бројот на владините претставници. Овој Комитет го следи спроведувањето, но има право и да предлага и усвојува модификации на програмата. *Anna Nowak, Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој*

Една од најважните програми која секако заслужува ревидирање е ИПАРД. Европската комисија е свесна за ниското ниво на искористување на помошта понудена преку ИПАРД 1 во РепубликаМакедонија. Поглавјето 4 дава јасна слика за тоа зошто заинтересираните страни не аплицираа за овој вид помош. На комисијата и владите им се советува, во процесот на изготвување на програмата ИПАРД 2, да ги анализираат причините за слабото искористување на ИПАРД 1 и да внесат соодветни промени. Промените можеби треба да вклучат: подобро информирање, поедноставување на процесот на аплицирање, намалена документација, советување на потенцијалните баратели во нивните места на живеење, побрзи исплати, флексибилност во наоѓањето на партнерско финансирање и поголема јасност за поврзаноста меѓу програмата ИПАРД и другите национални системи за помош. Овој вид промени мора да се направат така што да биде задржана соодветна отчетност при користењето на јавни финансии; но владите, исто така, знаат дека тие се одговорни пред сите свои граѓани за отворено, правично и транспарентно користење на фондовите кои им се ставени на располагање.

Разновидни советодавни служби

Советодавните служби се пресуден посредник меѓу владите и заинтересираните страни. Тие на земјоделците и претприемачите им обезбедуваат технички совети и информации за финансиската и другите видови помош кои им стојат на располагање. Тие ќе имаат клучна улога во колективниот процес на осовременување и прилагодување на земјоделските и руралните економии на земјите од Западен Балкан и Турција. Со цел ефикасно да ја исполнат својата улога, тие и самите имаат потреба да бидат во чекор со промените на пазарите, синџирите за снабдување со храна, регулативите и слично, како и постепено да го шират својот делокруг на работа за да ги прифатат и другите форми на економски активности во руралните области, заедно со иновациите во сите домени на економијата. Тие треба да продолжат да ги зајакнуваат своите релации со други институции и организации кои нудат вештини во истражувања и развој, обука, едукација и градење капацитети.

Важмо е, особено за мали земји како нашите, за кои вредностите и современиот систем на западна Европа се новост, да бидеме информирани (преку промоции, публикации, веб страници, ТВ програми и сл.); да се едуцираме, советуваме и обучуваме на теренот; и , се разбира, де се инволвираме во размената на искуства и да учиме од најдобрите практики (на пр. преку предводени студиски посети кај успешни земјоделци). Ова особено се однесува на оние кои се ангажираат и во агро-туризмот бидејќи ние сме мали производители со ограничени капацитети, пари и знаења. *Весна Ѓукиќ, Извршен директор, Здружение на производители на маслинки „Бока“, Црна Гора*

Активности на заинтересираните страни

Заинтересираните страни од руралните области, од своја страна, не треба да стојат настрана и да чекаат владата да ја преземе целосната тежина за да се поврзе со нив. Тие треба да бидат самоуверени и иницијативни, подготвени меѓусебно да соработуваат, подготвени да се вклучат или да формираат здруженија. Индивидуално или колективно, тие треба да учествуваат во изготвувањето, имплементирањето и следењето на политиките, и да одговорат на ваквите можности.

Вие сте актерите на сопствениот развој. Мора да стекнете способност да управувате со сопствениот локален развој. *Dacian Cioloş, Комесар за земјоделство и рурален развој*

Земјите на Западен Балкан нудат многу примери на поединци и семејства со претприемнички дух, кои имаат храброст, талент и подготвеност да го преземат ризикот потребен за отворање или проширување на значајни претпријатија, а кои во тој процес ќе донесат благосостојба и за други луѓе во нивните области. Многу повеќе се оние другите, меѓу кои повеќе десетици илјади мали земјоделски производители, кои се во многу потешки околности, многу повеќе се плашат од неуспех, помалку се наклонети кон преземање ризици. Но, ако и понатаму останат пасивни, тие се нависитина изложени на голем ризик во денешниот свет на промени и може да се најдат под особено голем притисок по пристапувањето на нивните земји во ЕУ.

Поради овие причини, владите треба да бараат начини за промовирање и помагање кај сушинските промени кои може да бидат потребни. Но, владата не може да ги постигне тие промени сама: заинтересираните страни мора да бидат подготвени да реагираат. Дел од реагирањето би требало да биде подготвеноста да соработуваат со други, на пример: во групи на производители, гранкови синдикати, здруженија и на други начини на соработка. Добри примери за ова можеа да се видат на Патувачките работилници.. Треба да се негува храброста кај заинтересираните страни, да се гради доверба меѓу нив самите, но и меѓу нив и државните институции на сите нивоа.

Лидерство на ниво на село

Патувачките работилници посведочија два извонредни примери, од Злакуша во Србија и Режановце во Република Македонија, примери на лидери на ниво на село кои презеле иницијатива и ја запалиле искрата на колективната енергија и активност на локалното население, на начини кои успеале да го трансформираат квалитетот на живеењето и социјалните и економски можности на нивните селски заедници. Јасно е дека Балканските земји можат да имаат огромна придобивка од понатамошни иницијативи од ваков вид. Многу села во Турција имаат мухтар-и, кои можат да ги придвижат работите: селата во земјите на Западен Балкан немаат еквивалентна фигура, но имаат можност да избираат лидери. Владите и општините во овие земји треба да размислат како да ја стимулираат појавата на лидери на ниво на село и да ги поддржат активностите кои тие лидери можат да ги генерираат во правец на социјалната и економска благосостојба на нивните заедници. Ова поле на активност на ниво на село е она што може да привлече поддршка од билатерални и мултилатерални донатори, а може да црпи искуства од илјадниците акциски групи на ниво на село во Шведска, Финска, Естонија и на други места.

Програмите на ЕУ во земјите кандидати како и програмите добиени преку Европската соседска програма за земјоделство и рурален развој за јЈугоисточна Европа и Јужен Медитеран, ќе го вклучуваат елементот на рурален развој. Зајакнувањето на граѓанското општество е витален дел од таа работа. PREPARE може да помогне да се обезбеди, дека самите луѓе се активни: некој мора да ја заврши работата на терен. *Комесарот Dacian Cioloş, во јули 2013 година, на промовирањето на книгата на PREPARE „Духот на заедништвото победува“.*

Експанзија на пристапот LEADER

LEADER може да биде моќна алатка за поврзување на различните сектори на суб-регионално ниво и за создавање на активни партнерства меѓу нив. Може да ги впрегне политиките и фондовите на јавниот сектор, претприемачките вештини и ресурси на приватниот сектор, доброволната енергија и општествената посветеност на граѓанскиот сектор. Преку локалните стратегии за развој изготвени од локалните акциски групи, тој може да постигне интегриран и сеопфатен пристап кон локалниот развој. LEADER може да го направи развојниот процес видлив и достапен за заинтересираните страни и може да ги изгради капацитетите на заинтересираните страни така што ќе ги оспособи да ги зграпчат можностите за развој.

LEADER е успешен пристап. Со него се мобилизираат локалните знаења. Тој е одговорен за повеќето примери на интегриран рурален развој. Но, не потпирајте се исклучиво на LEADER. Локалниот развој мора да стане составен дел на поширок стратегии.

И, идејата за LEADER сега може да се прошири во регионалните политики преку пристапот познат како Локален развој предводен од заедницата: можеме да ги користиме ресурсите на Европскиот фонд за рурален развој и Европскиот социјален фонд за постигнување на целта – вистински рурален развој... но ни требаат луѓе на теренот за да ги придвижат работите. Dirk Ahner, Модератор на Зацршната конференција.

Според тоа, владите имаат добра причина да распределуваат ресурси преку своите национални програми за рурален развој или преку програмата ИПАРД, за создавање на партнерства од типот LEADER во руралните суб-региони. Тоа може да биде надградување на веќе преземените активности за давање публицитет на LEADER пристапот, за градење капацитети и за создавање на локални партнерства и потенцијални Локални акциски групи. Владината поддршка за LEADER треба да се развива на начин кој ќе овозможи појава на партнерства и локални развојни стратегии и нивно развивање од теренот, оддолу-нагоре, со вистинска еднаквост меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Искуството на Струмица (види поглавје 4) ги потврдува трите предуслови за зајакнување и популаризирање на LEADER. Пред сè, градење на капацитетите како врвен приоритет за локалните заинтересирани страни кои би станале членови на Локалните акциски групи, а тоа значи обуки и советување. Второ, анимирање кое е подеднакво важно: без анимацијата која ја обезбеди Мрежата за рурален развој, експериментот во Струмица можеби немаше ни да започне. Трето, трансфер на најдобрите практики: „да се види значи да се поверува“: запознавање со искуствата на рурален развој со поддршка од LEADER во земјите на ЕУ нуди модели и решенија кои може да се прилагодат на локалните услови. *Fouli Papageorgiou, известувач од патувачката работилница во Република Македонија*

Континуирано и зајакнато вмрежување

